КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

Редакциски пречистен текст[1]
ОПШТ ДЕЛ

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2014/42/ЕУ замрзнување и конфискација на предмети и имотна корист остварени со казниви дела во Европската Унија со CELEX број 32014L0042, Директива 2008/99/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 19 ноември 2008 година за заштита на животната средина преку кривично право со CELEX број 32008L0099, Директива на Европскиот парламент и на Советот 2005/35/ЕЗ од 7 септември 2005 година за загадување од бродови и за воведување казни за прекршувањата со CELEX број 32005L0035, Директива 2009/123/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 21 октомври 2009 година за измена на Директива 2005/35/ЕЗ за загадување од бродови и за воведување казни за прекршувањата со CELEX број 32009L0123, Директива 2012/18/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за контрола на опасностите од големи несреќи кои вклучуваат опасни супстанции, за измена и последователно укинување на Директива 96/82/ЕЗ на Советот со CELEX број 32012L0018, Директива (ЕУ) 2017/1371 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2017 година за сузбивање измами извршени против финансиските интереси на Унијата со казнено-правни средства со CELEX број 32017L1371 и Регулатива (ЕУ) бр. 258/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 14 март 2012 година за спроведување на член 10 од Протоколот на Обединетите нации против незаконско производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, со кој се надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Протокол на ОН за огнено оружје“) и за утврдување на дозвола за извоз и мерки за увоз и транзит на огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција со CELEX број 32012R0258

(□) Со овој закон се врши усогласување со Директивата (ЕУ) 2017/1371 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2017 година за сузбивање измами извршени против финансиските интереси на Унијата со казнено – правни средства со CELEX број 32017L1371

[1] Редакциски пречистениот текст на Кривичниот законик ги опфаќа: основниот текст на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.37/96, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.80/99, Одлуката на Уставниот суд У.бр.220/2000, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.48/01, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.4/02, Одлуката на Уставниот суд У.бр.210/2001, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.16/02,Законот за изменување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/03, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.19/04, Одлуката на Уставниот суд У.бр.206/2003, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.40/2004, Законот за дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.81/05, Одлуката на Уставниот суд У.бр.228/2005, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.50/06, Законот за изменување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.60/06, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.73/06, одредбите од Законот за малолетничка правда, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.87/07, со кој е интервенирано во Кривичниот законик, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.7/08, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.139/08, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.114/09, Законот за дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.51/11-3, Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.51/11-79, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Служен весник на РМ“ бр.135/11, Законот за изменување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.185/11, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.142/12, одредбите од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.143/12 со кој е интервенирано во Кривичниот законик, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.166/12, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.55/13, Законот за дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.82/13, Законот за дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.14/14, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.27/14, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.28/14, Исправките на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик (две исправки), објавени во “Службен весник на РМ“ бр.41/14, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.115/14, Законот за изменување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.132/14, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.160/14, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.199/14, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.196/15, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.226/15, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.97/17, Одлуката на Уставниот суд У.бр.169/2016, објавена во “Службен весник на РМ“ бр.170/17, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.248/18, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.36/23, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.188/23, Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.16/26 и Исправка на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавена во “Службен весник на РСМ“ бр.17/26, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

Глава прва
ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Законитост во определувањето на кривичните дела и на пропишувањето на кривичните санкции

Член 1

На никого не може да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело кое, пред да е сторено, не било со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија определено како кривично дело и за кое не била пропишана казна со закон.

Основа и граници на кривично-правната принуда

Член 2

Заштитата на слободите и правата на човекот и на другите основни вредности и применувањето на кривично-правната принуда кога е во мера во која тоа е нужно за спречување на општествено-штетни дејствија, претставуваат основа и граница за определување на кривичните дела и пропишување на кривичните санкции.

Задолжително применување на поблаг кривичен закон

Член 3

(1) Врз сторителот на кривично дело се применува законот што важел во времето на извршувањето на кривичното дело.

(2) Ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

(3) Ако со овој закон е пропишана нова алтернативна мерка, мерка на безбедност или воспитна мерка, таа може да се изрече само ако одговара на некоја порано пропишана мерка и ако не е понеповолна за сторителот.

Кривични санкции

Член 4

Кривични санкции се: казни, алтернативни мерки, мерки на безбедност и воспитни мерки.

Ограничувања во извршувањето на кривичните санкции

Член 5

На сторителот на кривично дело во извршувањето на кривичната санкција можат да му бидат одземени или ограничени определени права само во мера која им одговара на природата и содржината на таа санкција и само на начин со кој се обезбедува почитување на личноста на сторителот и на неговото човечко достоинство.

Важење на општиот дел

Член 6

Одредбите од општиот дел на овој законик важат за сите кривични дела определени во законите на Република Македонија.

Примена на Кривичниот законик спрема малолетници и помлади полнолетни лица

Член 6-а

(1) Кривичниот законик не се применува спрема малолетник кој во време на извршување на делото, кое со закон е предвидено како кривично дело, не наполнил четиринаесет години.

(2) Спрема малолетници и помлади полнолетни лица за кривични дела предвидени со закон или со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија се применуваат одредбите на овој законик, ако со закон поинаку не е предвидено.

Глава втора

КРИВИЧНО ДЕЛО И КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ

1. Општи одредби за кривичното дело и кривичната одговорност

Кривично дело

Член 7

Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.

Дело од мало значење

Член 8

(1) Не е кривично дело она дело што, иако содржи обележја на кривично дело, претставува дело од мало значење поради отсуството или незначителноста на штетните последици и нискиот степен на кривична одговорност на сторителот.

(2) Одредбата од став 1 може да се примени на кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години.

Нужна одбрана

Член 9

(1) Не е кривично дело она дело што е сторено во нужна одбрана.

(2) Нужна е онаа одбрана што е неопходно потребна сторителот да одбие од себе или од друг, истовремен противправен напад.

(3) Сторителот кој ги пречекорил границите на нужната одбрана може да се казни поблаго, а ако пречекорувањето го сторил поради силна раздразнетост или уплав предизвикан со нападот, може и да се ослободи од казна.

Крајна нужда

Член 10

(1) Не е кривично дело она дело што е сторено во крајна нужда.

(2) Крајна нужда постои кога делото е сторено со цел сторителот да отстрани од себе или од друг, истовремена нескривена опасност што на друг начин не можела да се отстрани, а притоа стореното зло не е поголемо од злото што се заканувало.

(3) Сторителот кој сам предизвикал опасност од небрежност или ги пречекорил границите на крајната нужда, може да се казни поблаго, а ако пречекорувањето е сторено под особено олеснувачки околности – може и да се ослободи од казна.

(4) Нема крајна нужда ако сторителот бил должен да се изложи на опасност.

Кривична одговорност

Член 11

(1) Кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото.

(2) За кривично дело сторено од небрежност, сторителот е кривично одговорен само кога тоа го определува законот.

Пресметливост

Член 12

(1) Не е пресметлив сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, или други особено тешки душевни пречки (непресметливост).

(2) Сторителот на кривично дело чија способност да го сфати значењето на своето дело или способноста да управува со своите постапки била битно намалена поради некоја состојба од став 1 може да се казни поблаго (битно намалена пресметливост).

(3) Кривично е одговорен сторителот на кривично дело кој со употреба на алкохол, дроги или на друг начин ќе се доведе во состојба во која не можел да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки, ако пред да се доведе во таа состојба, делото било опфатено со неговата умисла или во однос на кривичното дело кај него постоела небрежност, а законот за такво дело предвидува кривична одговорност и за небрежност.

Умисла

Член 13

Кривичното дело е сторено со умисла кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.

Небрежност

Член 14

Кривично дело е сторено од небрежност кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи или кога не бил свесен за можноста од настапување на штетна последица, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност.

Одговорност за потешка последица

Член 15

Кога од кривичното дело произлегла потешка последица за која законот пропишува потешка казна, таа казна може да се изрече ако сторителот во однос на последицата постапувал од небрежност.

Стварна заблуда

Член 16

(1) Не е кривично одговорен сторителот кој во време на извршувањето на кривичното дело не бил свесен за некое негово обележје определено со закон или ако погрешно сметал дека постојат околности според кои, доколку тие навистина постоеле, тоа дело би било дозволено.

(2) Ако сторителот бил во заблуда поради небрежност, кривично е одговорен за кривичното дело сторено од небрежност кога законот определува кривична одговорност и за такво дело.

Правна заблуда

Член 17

(1) Не е кривично одговорен сторителот на кривично дело кој од оправдани причини не знаел и не можел да знае дека тоа дело е забрането.

(2) Ако сторителот на кривичното дело можел да знае дека делото е забрането, може да се казни поблаго.

2. Подготвување и обид на кривично дело

Подготвување

Член 18

(1) Тој што со умисла подготвува извршување на кривично дело, ќе се казни само кога тоа законот изречно го определува.

(2) Подготвувањето на кривично дело може со закон да се определи како посебно кривично дело или со закон може да се пропише казнување за подготвување на определено кривично дело.

(3) Кога законот пропишува казнување за подготвување на определено кривично дело подготвувањето може да се состои во набавување или во приспособување на средства за извршување на кривично дело, во отстранување на пречките за извршување на кривично дело, во договарање, планирање или организирање со други извршители на кривично дело, како и во други дејствија со кои се создаваат услови за непосредно извршување на кривичното дело, а кои не претставуваат дејствие на извршување.

Обид

Член 19

(1) Тој што со умисла ќе започне извршување на кривично дело, но нема да го доврши, ќе се казни за обид на кривично дело за кое според закон може да се изрече затвор од пет години или потешка казна, а за обид на друго кривично дело само кога законот изречно пропишува казнување и за обид.

(2) Сторителот ќе се казни за обид во границите на казната пропишана за кривичното дело, а може да се казни и поблаго.

Неподобен обид

Член 20

Сторителот кој ќе се обиде да изврши кривично дело со неподобно средство или спрема неподобен предмет, може да се ослободи од казна.

Доброволно откажување

Член 21

(1) Сторител кој подготвувал или се обидел да изврши кривично дело, но доброволно се откажал од неговото извршување, може да се ослободи од казна.

(2) Сторителот се откажал од подготвувањето на делото кога престанал со натамошното подготвување или го спречил или сериозно настојувал да го спречи започнувањето на извршувањето на кривичното дело.

(3) Во случај на доброволно откажување, сторителот ќе се казни за оние дејствија што претставуваат некое друго самостојно кривично дело.

3. Соучесништво во кривично дело

Соизвршителство

Член 22

Ако две или повеќе лица, со учество во дејствие на извршување или со друг особен придонес кон извршувањето на делото, заеднички сторат кривично дело, секое од нив ќе се казни со казната пропишана за тоа дело.

Поттикнување

Член 23

(1) Тој што друг со умисла ќе го поттикне да стори кривично дело ќе се казни како да го сторил самиот.

(2) Тој што друг со умисла го поттикнува на извршување кривично дело за кое според законот може да се изречат пет години затвор или потешка казна, а нема да се направи ни обид за дело, ќе се казни како за обид на кривично дело.

Помагање

Член 24

(1) Тој што на друг со умисла ќе му помогне во извршување на кривично дело ќе се казни како да го сторил самиот, а може да се казни и поблаго.

(2) Како помагање во извршувањето на кривично дело ќе се смета особено: давање совети или упатства како да се изврши кривичното дело, ставање средства за располагање на сторителот за извршување на кривичното дело, отстранување на пречките за извршување на кривичното дело, како и однапред ветено прикривање на кривичното дело на сторителот, на средствата со кои е извршено кривичното дело, на трагите на кривичното дело или на предметите прибавени со кривичното дело.

Граници на кривичната одговорност и на казнивоста на соучесниците

Член 25

(1) Соизвршителот е кривично одговорен во границите на својата умисла или небрежност, а поттикнувачот и помагачот – во границите на нивната умисла.

(2) Соизвршителот, поттикнувачот или помагачот кој доброволно го спречил или сериозно се обидел да го спречи извршувањето на кривичното дело, може да се ослободи од казна. Тоа важи и во случај на подготвување на кривично дело, без оглед дали со закон е определено како посебно кривично дело или со закон е пропишано казнување за подготвување на определено кривично дело (член 18 став 2).

(3) Личните односи, својства и околности поради кои законот ја исклучува кривичната одговорност или дозволува ослободување од казна, ублажување или поострување на казната, можат да се земат предвид само за оној извршител, соизвршител, поттикнувач или помагач кај кого постојат такви односи, својства и околности.

4. Посебни одредби за кривичната одговорност за кривични дела сторени преку средствата за јавно информирање

Кривична одговорност на одговорен уредник

Член 26

(1) За кривични дела сторени преку весник или друга периодична печатена публикација, преку радиото, телевизијата или преку филмски весници, кривично е одговорен одговорниот уредник, односно лицето кое го заменувало во време на објавувањето на информацијата ако:

1) до завршувањето на главниот претрес пред првостепениот суд авторот останал непознат,

2) информацијата е објавена без согласност на авторот и

3) во време на објавувањето на информацијата постоеле фактички или правни пречки за гонење на авторот, што траат и натаму.

(2) Не е кривично одговорен одговорниот уредник, односно лицето кое го заменува, ако од оправдани причини не знаел за некоја од околностите предвидени во точките 1, 2 и 3 на став 1.

Кривична одговорност на издавачот, печатарот и производителот

Член 27

(1) Кога постојат условите од член 26, кривично се одговорни:

1) издавачот – за кривично дело сторено преку непериодична печатена публикација, а ако нема издавач или ако постојат фактички или правни пречки за неговото гонење – печатарот што знаел за тоа и

2) производителот – за кривично дело сторено преку грамофонска плоча, магнетофонска лента, филм за јавно и приватно прикажување, дијапозитив, фонограми, видеосредства, аудитивни средства или слични средства за комуницирање, наменети за поширок круг лица.

(2) Ако издавачот, печатарот или производителот е правно лице или државен орган, кривично е одговорно лицето кое е одговорно за издавањето, печатењето или производството.

Кривична одговорност на увозникот и дистрибутерот на средството за јавно информирање

Член 27-а

(1) Ако кривичното дело е сторено во средство за јавно информирање што се издава, печати, произведува или емитува во странство, а се растура во земјата под условите од членот 26, кривично е одговорен увозникот или дистрибутерот на тоа средство.

(2) Ако увозникот или дистрибутерот е правно лице или државен орган, кривично е одговорно одговорното или службеното лице во правното лице или државниот орган.

Применување на општите одредби за кривичната одговорност

Член 28

Одредбите за кривичната одговорност на лицата наведени во членовите 26, 27 и 27-а се применуваат само ако тие лица не се кривично одговорни според општите одредби за кривичната одговорност во овој законик.

5. Кривична одговорност на правно лице
Услови за кривична одговорност на правно лице

Член 28-а

(1) Во случаите определени со закон, правното лице е одговорно за кривичното дело сторено од одговорно лице во правното лице, во име, за сметка или во корист на правното лице.

(2) Правното лице е одговорно и за кривично дело сторено од негов вработен или застапник на правното лице со кое е остварена значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета, ако:

1) извршувањето на заклучок, наредба или друга одлука или одобрение на орган на управување, орган на раководење или надзорен орган претставува сторување на кривично дело или

2) до сторување на делото дошло поради пропуштање на должниот надзор на органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган или

3) органот на управување, органот на раководење или надзорниот орган не го спречил кривичното дело или го прикрил или не го пријавил пред покренувањето на кривична постапка против сторителот.

(3) Под условите од ставовите (1) и (2) на овој член, кривично се одговорни сите правни лица со исклучок на државата.

(4) Единиците на локалната самоуправа се одговорни само за делата извршени надвор од нивните јавни овластувања.

(5) Под условите од ставовите (1) и (2) на овој член, странско правно лице е кривично одговорно ако делото е сторено на територијата на Република Македонија, без оглед дали има свое претставништво или подружница која врши дејност на нејзина територија.

Граници на одговорноста на правното лице

Член 28-б

(1) Одговорноста на правното лице не ја исклучува кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото.

(2) Под условите од членот 28-а ставови (1) и (2) на овој член правното лице е одговорно за кривично дело и кога постојат фактички или правни пречки за утврдување на кривичната одговорност на физичкото лице како сторител на делото.

(3) Ако кривичното дело е сторено од небрежност, правното лице е одговорно под условите од членот 28-а на овој законик, ако со закон е предвидено казнување за кривично дело сторено од небрежност (член 11 став 2).

Одговорност во случај на стечај и промена на статусот на правното лице

Член 28-в

(1) Правното лице што е во стечај е одговорно за кривичното дело сторено до донесување на решение за отворање на стечајна постапка под условите од членот 28-а на овој законик, ако со делото е стекната за него значителна имотна корист или на друг му е нанесена значителна штета.

(2) Ако пред завршувањето на кривичната постапка против правното лице дојде до присоединување, спојување, поделба или друга статусна промена согласно со закон поради која тоа го изгубило статусот на правно лице, кривичната постапка ќе продолжи против неговиот правен следбеник или следбеници.

6. Начин, време и место на извршување кривично дело

Начин на извршување кривично дело

Член 29

(1) Кривичното дело може да се изврши со сторување или со несторување.

(2) Кривичното дело може да биде извршено со несторување само кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикувањето на последицата на делото со сторување.

Време на извршување кривично дело

Член 30

Кривичното дело е сторено во време кога сторителот работел или бил должен да работи, без оглед кога настапила последицата.

Место на извршување кривично дело

Член 31

(1) Кривичното дело е извршено како во местото каде што сторителот работел или бил должен да работи, така и во местото каде што настапила последицата.

(2) Подготвувањето и обидот на кривично дело се сметаат за извршени како во местото каде што сторителот работел, така и во местото каде што според неговата умисла последицата требало да настапи или можела да настапи.

(3) Дејствието на соучесникот е извршено како во местото на преземање на дејствието на извршителот или соизвршителот, така и во местото каде што соучесникот работел или бил должен да работи.

Глава трета

КАЗНИ

1. Цел на казнувањето, видови казни и услови за нивно изрекување

Цел на казнувањето

Член 32

Покрај остварување на правдата, цел на казнувањето е:

1) спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување и

2) воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела.

Видови казни

Член 33

(1) За кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изречат следниве казни:

1) казна затвор;

2) парична казна;

3) забрана на вршење професија, дејност или должност;

4) забрана на управување со моторно возило;

5) протерување странец од земјата и

6) забрана за посетување на спортски натпревари

(2) Казната затвор може да се изрече само како главна казна.

(3) Паричната казна може да се изрече како главна и како споредна казна заедно со казната затвор или со условната осуда со која е утврдена казна затвор.

(4) Ако за едно кривично дело се пропишани казната затвор или паричната казна, како главна казна може да се изрече само едната од нив, освен кога со закон е пропишано дека може да се изречат и двете казни.

(5) Заедно со главната казна може да се изрече една или повеќе споредни казни, под условите за нивното изрекување предвидени во законот. Со закон може да се пропише и задолжително изрекување на споредна казна.

(6) Казната забрана на вршење професија, дејност или должност може да се изрече само како споредна казна заедно со казната затвор или со условна осуда со која е утврдена казна затвор.

(7) Казните забрана на управување со моторно возило и протерување странец од земјата можат да се изречат ако на сторителот му е изречена казна затвор или парична казна, условна осуда или судска опомена.

(8) Казната забрана на управување со моторно возило може да се изрече и како единствена казна на сторителот на небрежно дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до една година, ако делото го сторил под особено олеснувачки околности.

(9) Казната забрана за посетување на спортски натпревари може да се изрече ако на осудениот му е изречена казна затвор, парична казна, условна осуда или судска опомена.

Законитост во изрекувањето на казната

Член 34

(1) На сторител на кривично дело му се изрекува казната пропишана за стореното кривично дело, а поблага казна од пропишаната може да се изрече само под условите предвидени со овој законик.

(2) За кривични дела сторени од користољубие парична казна како споредна може да се изрече и кога не е пропишана со закон или кога со закон е пропишано дека сторителот ќе се казни со затвор или со парична казна, а судот како главна казна ќе изрече казна затвор.

Затвор

Член 35

(1) Затворот не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 20 години. За кривичните дела за кои е пропишана и казна доживотен затвор, може да се изрече казна долготраен затвор од 40 години.

(2) Ако за кривично дело сторено со умисла е пропишан затвор во траење од 20 години, за тешки форми на тоа дело може да се пропише и казна доживотен затвор.

(3) Казната доживотен затвор не може да се пропише како единствена главна казна.

(4) Казната доживотен затвор не може да се изрече на сторител кој во време на извршување на кривичното дело не навршил 21 година од животот.

(5) Затворот се изрекува на полни години и месеци, а до шест месеци и на полни денови.

(6) Кога за кривичните дела е пропишана казна затвор без назначување на најмалата мера, а најголемата мера не е поголема од три години, покрај таа казна задолжително се пропишува и парична казна.

(7) Затворот се издржува во установи за издржување на казна определени со закон.

Условен отпуст

Член 36

(1) Осуденият може да се отпушти од издржување на казна затвор под услов до истекот на времето за кое е изречена казна да не стори ново кривично дело, ако се поправил така што основано може да се очекува дека на слобода добро ќе се однесува, а особено дека нема да врши кривични дела. При оценатa дали осуденият условно ќе се отпушти ќе се земе предвид неговото поведение за време на издржувањето на казната, извршувањето на работните обврски со оглед на неговата работна способност и други околности што покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

(2) Условно може да се отпушти осуденият кој издржал половина од казната затвор.

(3) По исклучок, условно може да се отпушти и осуден кој издржал само една третина од казната затвор под условите од став 1 и ако посебни околности, што се однесуваат на личноста на осуденият, очигледно покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

(4) Осудениот на казна доживотен затвор условно не може да се отпушти пред да издржи најмалку 25 години казна затвор.

(5) На условно отпуштениот судот може да му одреди заштитен надзор, што се состои во посебни мерки на помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува надлежен орган согласно закон. При осуди на дела на насилство, судот може да одреди и забрана за посетување на спортски натпревари што ја спроведува Министерството за внатрешни работи.

(6) Малолетник условно може да се отпушти од издржување на казната малолетнички затвор ако издржал една третина од казната, но не пред да помине една година од издржувањето на казната и ако од постигнатиот успех во воспитувањето и превоспитувањето основано може да се очекува дека на слобода добро ќе се однесува, ќе го продолжи школувањето и работата и дека нема во иднина да врши кривични дела. За време на условниот отпуст судот може да определи мерка на засилен надзор, кој го спроведува надлежниот орган согласно закон.

Отповикување на условниот отпуст

Член 37

(1) Судот ќе го отповика условниот отпуст ако осудениот додека е на условен отпуст стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор или малолетнички затвор над две години.

(2) Судот може да го отповика условниот отпуст ако условно отпуштениот стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор или малолетнички затвор до две години. или ако по писмена опомена од страна на надлежниот орган не ги исполнува обврските од заштитниот надзор (член 36 став 5). При оцената дали ќе го отповика условниот отпуст, судот особено ќе ја земе предвид сродноста на сторените кривични дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и други околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст.

(3) Кога судот ќе го отповика условниот отпуст ќе изрече казна со примена на одредбите од член 44 и член 46 став 2, земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена. Делот од казната што осудениот ја издржал според поранешната осуда се засметува во новата казна, а времето поминато на условен отпуст не се засметува.

(4) Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 ќе се применат и кога на условно отпуштениот му се суди за дело што го сторил пред да биде условно отпуштен.

(5) Ако условно отпуштениот биде осуден на казна затвор или малолетнички затвор до две години, а судот не го отповика условниот отпуст, условниот отпуст се продолжува за времето што осудениот го поминал на издржување на казната затвор, односно малолетнички затвор.

Парична казна

Член 38

(1) Паричната казна се изрекува во дневни глоби, при што бројот на дневните глоби не може да биде помал од пет, ниту поголем од 360 дневни глоби.

(2) Судот го одмерува бројот на дневните глоби според општите правила за одмерување на казната.

(3) Висината на дневната глоба судот ја одредува имајќи ги предвид имотните и личните прилики на сторителот, тргнувајќи по правило од чистиот дневен приход што сторителот го остварува или може да го остварува, како и од семејните и други обврски на сторителот и неговата имотна состојба во времето на донесувањето на судската одлука. Најмалата вредност на дневната глоба е едно евро во денарска противвредност, а најголемата 5.000 евра во денарска противвредност.

(4) Судската одлука го содржи износот на паричната казна што се добива со множење на бројот на дневните глоби со утврдената вредност на дневната глоба.

(5) Заради утврдување на вредноста на дневната глоба судот може да бара известувања од банки, финансиски и други установи, државни органи и правни лица, кои се должни да ги достават бараните известувања и не можат да се повикаат на заштита на деловна или друга тајна.

(6) Кога паричната казна се изрекува како споредна казна покрај казната затвор, судот ја утврдува во паричен износ, без примена на одредбите од ставовите 1 до 5. Паричната казна како споредна казна не може да биде помала од 20 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 5.000 евра во денарска противвредност.

Наплаќање на паричната казна

Член 38-а

(1) Во пресудата се определува рокот за плаќање на паричната казна, кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од три месеца, но во оправдани случаи судот може да дозволи осудениот да ја исплати паричната казна и во отплати, со тоа што рокот на исплатата да не може да биде подолг од две години. Ако сторителот е странец, судот ќе одлучи паричната казна да се исплати без одлагање, или да се обезбеди нејзиното плаќање на друг начин.

(2) Ако осудениот не ја плати паричната казна во определениот рок, судот може да определи нов рок или ако оцени дека осудениот не сака да ја плати, да нареди нејзино присилно извршување во постапка утврдена со закон. Ако давањето нов рок кој не може да биде подолг од три месеца или присилното извршување останат без успех, судот ќе ја изврши така што за секоја дневна глоба ќе определи еден ден затвор или, кога паричната казна е изречена како споредна казна, за секои започнати 20 евра во денарска противвредност ќе определи еден ден затвор, со тоа што затворот не може да биде подолг од шест месеци.

(3) Ако осудениот исплати само дел од паричната казна, остатокот сразмерно ќе се претвори во затвор, а ако осудениот го исплати остатокот на паричната казна, извршувањето на затворот ќе се запре.

(4) По смртта на осудениот паричната казна нема да се изврши.

Забрана на вршење професија, дејност или должност

Член 38-б

(1) Судот може на сторителот на кој му изрекол казна затвор или условна осуда со која е утврдена казна затвор да му забрани вршење определена професија или дејност, на должности или работи сврзани со стекнување располагање, користење, управување и ракување со имот или за чување на тој имот, ако ја

злоупотребил својата професија, дејност или должноста заради извршување на кривично дело и ако врз основа на природата на извршеното дело и околностите под кои е сторено може да се очекува дека таквата дејност ќе ја злоупотреби за повторно вршење кривично дело.

(2) Казната од ставот (1) на овој член се однесува и на забрана за вршење на должност на службено лице, одговорно лице во правно лице или лице што врши работи од јавен интерес.

(3) Во случаите определени со закон може да се пропише задолжително изрекување на забраната заедно со казната затвор, кога на сторителот му е изречена казна затвор во траење од најмалку шест месеца.

(4) Судот го определува траењето на забраната од ставот 1, кое не може да биде пократко од една ниту подолго од десет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката, со тоа што времето поминато во затвор не се засметува во времето на нејзиното траење.

(5) При изрекувањето условна осуда судот може да определи дека таа ќе се отповика ако сторителот ја прекрши забраната на вршење професија, дејност или должност.

Забрана на управување со моторно возило

Член 38-в

(1) На сторителот на кривичното дело со кое се загрозува јавниот сообраќај судот може да му изрече забрана на управување со моторно возило од определена категорија, ако најде дека околностите под кои е сторено делото или поранешното кршење на сообраќајните прописи покажуваат дека сторителот може повторно да изврши такво дело.

(2) При изрекувањето на казната од ставот 1 на овој член, судот може да изрече и престанок на важење на возачката дозвола од определена категорија и да определи временски период во траење од една до 10 години, за кој сторителот нема право да се стекне со возачка дозвола од истата категорија.

(3) Судот ќе ја изрече казната од ставот 1, ако делото е сторено во состојба на пијанство.

(4) Судот го определува траењето на забраната, кое не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од 10 години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката, со тоа што времето поминато во затвор не се засметува во нејзиното траење. Кога сторителот по занимање е возач на моторно возило, траењето на забраната не може да биде пократко од една година.

(5) Ако казната од ставот 1 му е изречена на лице кое има странска дозвола за управување на моторно возило, таа опфаќа забрана за нејзино користење на територијата на Република Македонија.

(6) При изрекувањето условна осуда, судот може да определи дека таа ќе се отповика ако сторителот ја прекрши забраната на управување со моторно возило.

(7) При изрекувањето на казната забрана на управување со моторно возило како единствена казна, судот истовремено ќе утврди парична казна или казна затвор што ќе се изврши ако сторителот ја прекрши забраната.

Протерување странец од земјата

Член 38-г

(1) Судот може на сторителот кој не е државјанин на Република Македонија да му изрече казна протерување од земјата, кога ќе оцени дека природата на делото, побудите на сторителот и околностите под кои е сторено укажуваат на непожелност за натамошен престој на сторителот во земјата.

(2) Казната од ставот 1 може да трае од една до десет години или засекогаш и започнува од денот на протерувањето на сторителот од територијата на Република Македонија.

(3) Казната од ставот 1 не може да се изрече на сторителот кој ужива заштита во согласност со ратификуван меѓународен договор.

Забрана за посетување на спортски натпревари

Член 38-д

Казната забрана за посетување на сите или на одредени спортски натпревари, судот ја изрекува за дела на насилство на спортски натпревари во траење од една до три години.

2. Одмерување на казната

Општи правила за одмерување на казната

Член 39

(1) Судот ќе му одмери казна на сторителот на кривично дело во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето.

(2) Судот ќе ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.

(3) При одмерувањето на казната судот посебно ќе води сметка за вкупното дејство на казната и нејзините последици врз личноста на сторителот и потребите на неговата ресоцијализација.

(4) Кога судот му ја одмерува казната на сторителот за кривично дело сторено во повратност, посебно ќе има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали делата се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна.

(5) При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања,

образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.

(6) Ако судот не ја примени одредбата од ставот (5) на овој член е должен да ги образложи причините за таквата одлука.

(7) При одмерувањето на паричната казна, судот ќе ја има предвид и имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

Ублажување на казната

Член 40

Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна кога:

1) законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго,

2) ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето или

3) при донесување пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот.

Граници на ублажувањето на казната

Член 41

(1) Кога постојат услови за ублажување на казната од член 40, судот ќе ја ублажи казната во овие граници ако:

1) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од десет години, казната може да се ублажи до пет години затвор,

2) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од осум години, казната може да се ублажи до четири години затвор,

3) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од пет години, казната може да се ублажи до три години затвор,

4) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од четири години, казната може да се ублажи до две години затвор,

5) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од три години, казната може да се ублажи до една година затвор,

6) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од една година, казната може да се ублажи до три месеци затвор,

7) за кривичното дело е пропишана најмала мера на казна затвор под една година, казната може да се ублажи до 30 дена затвор,

8) за кривичното дело е пропишана казна затвор до три години со назначување на најмалата мера, наместо казна затвор може да се изрече парична казна и

9) за кривичното дело е пропишана парична казна со назначување на најмалата мера, казната може да се ублажи до општиот законски минимум.

(2) При одлучувањето во која мера казната ќе ја ублажи според правилата од став 1, судот посебно ќе ја има предвид најмалата и најголемата мера на казна пропишана за кривичното дело.

Ослободување од казна

Член 42

(1) Судот може да го ослободи од казна сторителот на кривичното дело само кога тоа законот изречно го предвидува.

(2) Кога судот е овластен сторителот на кривичното дело да го ослободи од казна, може да му ја ублажи казната без ограничувањата пропишани за ублажување на казната или да му изрече споредна казна забрана на управување со моторно возило или протерување на странец од земјата.

Посебна основа за ослободување од казна

Член 43

Судот може да го ослободи од казна сторителот на кривично дело сторено од небрежност кога последиците на делото сторителот го погодуваат така тешко што изрекувањето на казна во таков случај не би одговарало на целта на казнувањето.

Ослободување поради отстранување на штетните последици на кривичното дело

Член 43-а

За кривичното дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години извршено под особено олеснувачки околности, ако за тоа постои согласност и на оштетениот, судот може да го ослободи од казна сторителот кој до завршувањето на кривичната постапка ќе ја врати одземената корист на оштетениот, ќе ја надомести штетата, или на друг начин ќе ги надомести или поправи штетните последици на кривичното дело.

Стек на кривични дела

Член 44

(1) Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе кривични дела за кои истовремено му се суди, судот претходно ќе ги утврди казните за секое од тие дела, па за сите дела ќе изрече единствена казна.

(2) Единствена казна судот ќе изрече според следниве правила ако:

1) за некое кривично дело во стек утврди казна доживотен затвор или долготраен затвор од 40 години, ќе ја изрече само таа казна;

2) за кривични дела во стек утврдил казна затвор, единствената казна мора да биде поголема од секоја одделна утврдена казна, но не смее да го достигне збирот на утврдените казни ниту да премине 20 години затвор,

3) за сите кривични дела во стек се пропишани казни затвор до три години, единствената казна не може да биде поголема од осум години затвор,

4) за кривични дела во стек утврдил само парични казни, ќе ја зголеми највисоката утврдена казна, но таа не смее да го премине збирот на утврдените казни ниту 600 дневни глоби, кога паричните казни се утврдени како главни, односно 10.000 евра во денарска противвредност кога се утврдени како споредни казни. Ако за некое кривично дело во стек е утврдена парична казна во дневни глоби, а за друго во паричен износ, паричниот износ се претвора во дневна глоба и единствената казна не смее да го надмине збирот на утврдените дневни глоби ниту 360 дневни глоби,

5) за некои кривични дела во стек утврдил казни затвор, а за други дела парични казни, ќе изрече една казна затвор и една парична казна, според одредбите на точките 2, 3 и 4 од овој став,

6) споредна казна судот ќе изрече ако е утврдена макар и за едно кривично дело во стек, а ако утврдил повеќе парични казни, ќе изрече една парична казна според одредбата на точка 4 од овој став и

7) судот за кривични дела во стек утврдил казни затвор и малолетнички затвор, ќе изрече затвор како единствена казна со примена на правилата предвидени во точките 1, 2 и 3 од овој став.

Продолжено кривично дело

Член 45

(1) На сторителот кој со умисла ќе изврши две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат повеќекратно остварување на исто дело, искористувајќи ист траен однос, исти прилики или други слични околности, судот ќе му изрече единствена казна во границите на казната пропишана за тоа дело.

(2) На сторителот кој под условите од став 1 ќе изврши две или повеќе временски поврзани дејствија што претставуваат остварување на истородни дела, судот ќе му изрече казна во границите на казната пропишана за најтешкото дело.

(3) Ако со дејствијата од ставовите 1 и 2 сторителот како вкупна последица ја оствари последицата на некое потешко кривично дело, ќе се казни со казната пропишана за тоа дело.

(4) Одредбите од ставовите 1 и 2 не се применуваат на дејствијата извршени по подигање на обвинението.

Одмерување казна на осудено лице

Член 46

(1) Ако на осудено лице му се суди за кривично дело сторено пред да започнало издржувањето на казната по поранешната осуда или за кривично дело сторено за време на издржување на затвор или малолетнички затвор, судот ќе изрече единствена казна за сите кривични дела со примена на одредбите на член 44 земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена. Казната или дел од казната што осудениот ја издржал, ќе му се засмета во изречената казна затвор.

(2) За кривично дело сторено пред да започнало издржувањето на казната или, во текот на издржувањето на казната затвор или малолетнички затвор по поранешна осуда, судот на сторителот ќе му изрече казна независно од порано изречената казна, ако со примената на одредбите од член 44 не би можела да се оствари целта на казнувањето со оглед на траењето на неиздржаниот дел од порано изречената казна.

(3) Осудениот кој за време на издржувањето на казната затвор или малолетнички затвор, ќе стори кривично дело за кое законот пропишува парична казна или затвор до една година, ќе се казни дисциплински.

Засметување на притворот и на поранешната казна

Член 47

(1) Времето поминато во притвор, како и секое лишување од слобода во врска со кривично дело, се засметуваат во изречената казна затвор, малолетнички затвор и парична казна.

(2) Затвор или парична казна што осудениот ја издржал, односно ја платил за прекршок, се засметува во казната изречена за кривично дело чии обележја ги опфаќа и обележјата на прекршокот.

(3) При секое засметување се изедначува ден на притвор, ден на лишување од слобода, ден на малолетнички затвор, ден на затвор и една дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност.

Глава четврта

АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ
1. Цел и видови на алтернативни мерки

Цел на алтернативните мерки

Член 48

Целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода.

Видови алтернативни мерки

Член 48-а

На сторителите на кривичните дела може да им се изречат овие алтернативни мерки:

1) условна осуда;
2) условна осуда со заштитен надзор;
3) условно прекинување на кривичната постапка;
4) општокорисна работа;
5) судска опомена и
6) куќен затвор.

2. Условна осуда

Условно одлагање на извршување на казната

Член 49

(1) Со условна осуда на сторителот на кривично дело судот му ја утврдува казната и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осуденият за времето што ќе го определил судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години (време за проверување) не стори ново кривично дело.

(2) Судот може во условната осуда да определи дека казната ќе се изврши и ако осуденият во определениот рок не ја врати имотната корист прибавена со извршувањето на кривичното дело, не ја надомести штетата што ја предизвикал со кривичното дело или не ги исполни другите обврски предвидени во кривично-правните одредби. Рокот за исполнување на тие обврски го утврдува судот во рамките на определеното време за проверување.

(3) Мерките на безбедност, изречени со условната осуда, се извршуваат.

Услови за изрекување условна осуда

Член 50

(1) Условна осуда може да се изрече кога на сторителот му е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна.

(2) Условната осуда може да се изрече и кога е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна со примена на одредбите за ублажување на казната (членови 40, 41 и 42 став 2).

(3) При одлучувањето дали ќе изрече условна осуда, водејќи сметка за целта на условната осуда, судот посебно ќе ги земе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршеното кривично дело, степенот на кривичната одговорност и другите околности под кои е сторено делото.

(4) Ако на сторителот му е утврдена и казна затвор и парична казна, условна осуда може да се изрече за обете казни или само за казната затвор.

Отповикување на условната осуда поради ново кривично дело

Член 51

(1) Судот ќе ја отповика условната осуда ако осуденият во времето на проверување стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор од две години или во подолго траење.

(2) Ако во времето за проверување осуденият стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор помала од две години или парична казна судот, откако ќе ги оцени сите околности што се однесуваат на сторените кривични дела и на сторителот, а посебно сродноста на сторените кривични дела, нивното значење и побудите од кои се сторени, ќе одлучи дали ќе ја отповика условната осуда. Притоа судот е врзан со забраната на изрекување условна осуда, ако на сторителот за кривичните дела утврдени во условната осуда и за новите кривични дела треба да му изрече казна над две години затвор (член 50 став 1).

(3) Ако ја отповика условната осуда, со примена на одредбите од член 44 судот ќе изрече единствена казна и за порано стореното и за новото кривично дело, земајќи ја казната од отповиканата условна осуда како утврдена.

(4) Ако не ја отповика условната осуда, судот може за новото сторено кривично дело да изрече условна осуда или казна. Ако судот најде дека и за новото кривично дело треба да изрече условна осуда, со примена на одредбите на член 44 ќе утврди единствена казна и за порано стореното и за новото кривично дело и ќе определи ново време за проверување кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на новата пресуда. На осуденият кому што за ново кривично дело ќе му биде изречен затвор, времето поминато на издржување на оваа казна не му се смета во времето за проверување утврдено со условната осуда за поранешното дело.

Отповикување на условната осуда поради порано сторено кривично дело

Член 52

(1) Судот ќе ја отповика условната осуда ако по нејзиното изрекување утврди дека осуденият извршил кривично дело пред да биде условно осуден и ако оцени дека не би имало основа за изрекување на условна осуда да се знаело за тоа дело. Во тој случај ќе ја примени одредбата на член 51 став 3.

(2) Ако судот не ја отповика условната осуда, ќе ја примени одредбата на член 51 став 4.

Отповикување на условната осуда поради неисполнување на определени обврски

Член 53

Ако со условната осуда на осудениот му е определено исполнување на некоја обврска од член 49 став 2, а тој не ја исполни таа обврска во рокот определен во пресудата, судот може, во рамките на времето за проверување, да го продолжи рокот за исполнување на обврската или може да ја отповика условната осуда и да ја изрече казната што е утврдена во условната осуда. Ако утврди дека осудениот од оправдани причини не може да ја исполни поставената обврска, судот ќе го ослободи од исполнување на таа обврска или ќе ја замени со друга соодветна обврска предвидена со закон.

Рокови за отповикување на условната осуда

Член 54

(1) Условната осуда може да се отповика во текот на времето за проверување. Ако осудениот во тоа време стори кривично дело што повлекува отповикување на условната осуда, а тоа со пресудата е утврдено дури по истекот на времето за проверување, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот кога изминало времето за проверување.

(2) Ако осудениот во определениот рок не исполни некоја обврска од член 49 став 2, судот може, најдоцна во рок од една година од денот кога изминало времето за проверување, да определи да се изврши утврдената казна во условната осуда.

3. Условна осуда со заштитен надзор

Услови за одредување заштитен надзор

Член 55

(1) Заштитен надзор судот ќе одреди кога ќе најде дека условната осуда нема доволно да влијае врз сторителот повеќе да не врши кривични дела, а околностите сврзани со личноста на сторителот или средината во која живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита.

(2) Траењето на заштитниот надзор судот го одредува на определено време во текот на времето за проверување.

Обврски кај заштитниот надзор

Член 56

(1) При изрекувањето на заштитниот надзор судот може на осудениот да му одреди една или повеќе од следниве обврски:

1) оспособување, остручување и преквалификување за да може осудениот да го задржи работното место што го зазема или да бидат создадени претпоставки за вработување,

2) прифаќање на вработување што одговара на способностите и склоноста на осудениот,

3) посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство;

4) извршување на обврските за издржување на семејството, подигање на децата и други семејни обврски,

5) овозможување увид и совети во врска со распоредувањето и трошењето на средствата од платата и другите приходи што ги остварува,

6) непосетување определени видови локали или други места каде што се точи алкохолен пијалак или се игра на среќа,

7) забрана на употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции,

8) користење на слободното време според оцена на надлежниот орган согласно закон,

9) одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот и

10) подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи.

(2) При изборот на видот на обврската судот ќе ја земе предвид, пред се, личноста на сторителот, неговата здравствена состојба и психичките својства, возраста, материјалните и семејните услови, околностите под кои го сторил делото, поведението на сторителот по извршувањето на делото, побудите за извршување на делото и другите околности сврзани со личноста на сторителот што се од значење при изборот на видот на обврската, водејќи сметка да не се повредува човечкото достоинство ниту да се предизвикуваат непотребни тешкотии во неговото превоспитување.

(3) За времето додека трае условната осуда со заштитниот надзор судот може по предлог на надлежен орган согласно со закон, да ја замени определената обврска со друга, да му одреди една или повеќе нови или дополнителни обврски од ставот (1) на овој член, да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето за проверување или да го запре натамошното извршување на заштитниот надзор.

Орган за спроведување на заштитен надзор

Член 57

(1) Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврската од страна на осудениот врши надлежниот орган согласно закон.

(2) Надлежниот орган согласно закон е должен:

1) со практични совети да го поттикнува и да му помага на осудениот да ја исполни обврската што ја одредил судот, да го сфати значењето на условната осуда со заштитниот надзор за да се исполнат нејзините цели и

2) повремено да го известува судот за состојбата во исполнувањето на одредената обврска.

Последици од неисполнувањето на одредената обврска

Член 58

(1) Ако условно осудениот не ги исполнува одредените обврски, надлежниот орган согласно со закон писмено го опоменува за исполнување на одредената обврска.

(2) Ако осуденият и по писмената опомена не ја исполнува одредената обврска, судот врз основа на предлог од надлежниот орган согласно со закон, ја отповикува условната осуда.

(3) Ако по правосилноста на одлуката со која е одреден заштитниот надзор помине повеќе од шест месеци, а надзорот не почнал, судот повторно ќе одлучи за потребата од неговото извршување.

4. Условно прекинување на кривичната постапка

Услови за прекинување

Член 58-а

(1) За кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до една година судот може да одлучи, по распитот на обвинетиот и сослушување и согласноста на оштетениот, да ја прекине постапката, под услов сторителот во рокот во кој трае прекинувањето на постапката да не стори ново кривично дело.

(2) Постапката може со судската одлука да биде прекината најмногу во рок до една година. Рокот на прекинувањето на постапката не се засметува во рокот на застареност на кривичното гонење.

(3) Ако сторителот во рокот на проверувањето не стори ново кривично дело или ако во тој рок не се открие некое порано сторено кривично дело, постапката се запира.

(4) При одлучувањето за примена на оваа мерка судот ќе го земе предвид особено изразеното каење и извинувањето на сторителот, отстранувањето на последиците на делото и надоместувањето на штетата предизвикана со кривичното дело.

5. Општокорисна работа

Услови за изрекување мерка на општокорисна работа

Член 58-б

(1) За кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години судот може, со согласност на сторителот, да му изрече мерка на општокорисна работа на слобода, ако делото е сторено под олеснувачки околности, а сторителот порано не бил осудуван.

(2) Мерката се изрекува во траење од 40 до 240 часа, што осуденият е обврзан да ги одработи без надоместок во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, и не пократко од пет часа неделно, во период најмногу до 12 месеца. Кога постојат здравствени или оправдани лични и семејни причини судот може да го продолжи извршувањето на мерката најмногу уште за шест месеци.

(3) Кога судот ќе изрече парична казна до 90 дневни глоби или 1.800 евра во денарска противвредност или казна затвор до три месеца, може истовремено да одлучи, по барање на осуденият, за замена на казната со општокорисна работа, при што еден ден затвор, дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност се заменуваат со три часа општокорисна работа со тоа што вкупниот збир на часови не може да надмине 240 часа. При одлучувањето за замена на казната со мерката на општокорисна работа судот ќе ја земе предвид тежината на делото,

степенот на кривичната одговорност, поранешната неосудуваност на сторителот и извршеното надоместување на штетата или отстранување на другите штетни последици на делото.

(4) Надзор над исполнувањето на обврските на осуденият врши надлежен орган согласно закон.

(5) Ако осуденият не ги исполнува или неуредно ги исполнува своите работни обврски, надлежниот орган согласно со закон писмено го опоменува, а ако тој продолжи со таквото однесување судот по предлог на надлежниот орган согласно со закон ќе го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што, за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. При одлучувањето за заменатa со парична казна или казна затвор судот ќе се раководи од тежината на делото, степенот на кривичната одговорност и односот на осуденият кон изречената мерка на општокорисна работа.

(6) Ако осуденият не ја извршува општокорисната работа, изречена како замена за паричната казна или казната затвор (став 3), судот донесува одлука за извршување на изречената казна. Работната обврска што сторителот ја исполнил се засметува во казната, при што за секои три часа општокорисна работа се засметува еден ден затвор или една дневна глоба или 20 евра во денарска противвредност.

6. Судска опомена

Услови за изрекување судска опомена

Член 59

(1) Судска опомена може да се изрече за кривични дела за кои е пропишан затвор до една година или парична казна, а се сторени под такви олеснувачки околности кои ги прават особено лесни.

(2) За определени кривични дела и под услови предвидени со закон, судска опомена може да се изрече и кога е пропишан затвор до три години.

(3) Судот може да изрече судска опомена за повеќе кривични дела сторени во стек, ако за секое од тие дела постојат услови од ставовите 1 и 2.

(4) При одлучувањето дали ќе изрече судска опомена судот, водејќи сметка за целта на судската опомена, посебно ќе ги земе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршеното кривично дело, степенот на кривичната одговорност и другите околности под кои е сторено делото.

7. Куќен затвор

Услови за изрекување на куќен затвор

Член 59-а

(1) Ако сторителот на кривичното дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до пет години е стар и изнемоштен, тешко болен или е бремена жена, ако судот му изрече казна затвор до три години, истовремено може да одлучи со негова согласност казната да ја издржува во куќен затвор.

(2) Под условите од ставот (1) на овој член, судот може да ја замени казната затвор со куќен затвор ако постојат услови со современи електронски или телекомуникациски средства да се контролира извршувањето на куќниот затвор што се состои во забрана за напуштање на домот од страна на осуденият.

(3) Надзор над извршувањето на куќниот затвор врши судот и надлежен орган согласно закон, кој може да одреди преземање на определени мерки на надзор и од полицијата во местото во кое се наоѓа домот на осудениот со обврска за редовно известување за нивното вршење.

(4) Ако осудениот ја прекрши забраната за напуштање на домот, по предлог на надлежен орган согласно закон, судот може да одреди заменетата казна затвор да се изврши во целост во установа за извршување на казната затвор.

Глава петта

МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

Цел на мерките на безбедност

Член 60

Цел на мерките на безбедност е да се отстранат состојбите или условите што можат да влијаат сторителот во иднина да врши кривични дела.

Видови мерки на безбедност

Член 61

На сторителите на кривични дела може да им се изречат овие мерки на безбедност:

1) задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа,

2) задолжително психијатриско лекување на слобода,

3) задолжително лекување на алкохоличари и наркомани и

4) медицинско-фармаколошко лекување на сторители на полов напад врз дете до 14 години.

Изрекување мерки на безбедност

Член 62

(1) На сторителот на кривично дело судот може да му изрече една или повеќе мерки на безбедност, кога постојат услови за нивно изрекување предвидени со овој законик.

(2) Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода, му се изрекуваат на непресметлив сторител на кривично дело самостојно.

(3) Со одлуката за изрекување на мерките од ставот 2, судот може да одреди привремена забрана на вршење професија, дејност или должност, или забрана на управување со моторно возило, кои траат додека трае примената на мерките. Одлуката на судот се доставува до надлежниот орган или правното лице во кое сторителот е вработен, до регистерскиот суд или до органот кој е надлежен за вршење на надзор над спроведувањето на забраната на управување со моторно возило.

(4) Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжителното психијатриско лекување на слобода му се изрекуваат на сторител чија пресметливост е битно намалена ако му е изречена казна затвор, условна осуда со која е утврдена казна затвор или условна осуда со заштитен надзор.

(5) Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, може да се изрече ако на сторителот му е изречена казна, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена или ослободување од казна.

(6) Медицинско-фармаколошко лекување може да се изрече на сторител на полов напад врз дете до 14 години ако му е изречена казна затвор.

Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа

Член 63

(1) На сторител кој сторил кривично дело во состојба на непресметливост или битно намалена пресметливост, судот ќе му изрече задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, ако утврди дека поради таа состојба повторно може да стори кривично дело и дека за отстранување на оваа опасност е потребно негово лекување и чување во таква установа.

(2) Мерката од став 1 судот ќе ја запре кога ќе утврди дека престанала потребата од лекување и чување на сторителот во здравствена установа.

(3) На сторител кој извршил кривично дело во состојба на битно намалена пресметливост и кој е осуден на затвор, времето поминато во здравствена установа му се засметува во времето на траењето на изречената казна. Ако тоа време е покусо од траењето на изречената казна, судот може да определи осудениот да се упати на издржување на остатокот на казната или да се пушти на условен отпуст независно од условите пропишани во член 36. При одлучувањето за пуштање на условен отпуст, судот особено ќе ги земе предвид успехот на лекувањето на осудениот, неговата здравствена состојба, времето поминато во здравствената установа и остатокот на казната што осудениот не ја издржал.

(4) Судот ја преиспитува потребата од лекување и чување на сторителот во здравствена установа секоја година.

Задолжително психијатриско лекување на слобода

Член 64

(1) На сторител кој сторил кривично дело во состојба на непресметливост или битно намалена пресметливост, судот ќе му изрече задолжително психијатриско лекување на слобода, ако утврди дека поради таквата состојба повторно може да стори кривично дело, а за отстранување на оваа опасност е доволно негово лекување на слобода.

(2) Мерката од став 1 може да му се изрече на непресметлив сторител или сторител чија пресметливост е битно намалена спрема кој е определено задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, кога судот врз основа на резултатите од лекувањето ќе утврди дека веќе не е потребно негово чување и лекување во здравствена установа, туку само на слобода.

(3) Под условите од став 1 судот може да му изрече задолжително психијатриско лекување на слобода и на сторител чија пресметливост е битно намалена и кој врз основа на член 63 став 3 е пуштен на условен отпуст.

(4) Задолжителното психијатриско лекување на слобода кога се изрекува на сторител чија пресметливост е битно намалена не може да трае подолго од две години.

(5) На сторител чија пресметливост е битно намалена и кој е осуден на казна затвор, времето поминато на задолжително психијатриско лекување на слобода не му се засметува во казната.

(6) Ако во случаите од ставовите 1, 2 и 3 сторителот не се подложи на лекување на слобода или ако самоволно го напушти или ако се стекнати условите за изречување на мерката од член 63, судот може да ја замени со таа мерка.

Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани

Член 65

(1) На сторител на кривично дело поради зависност од постојана употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции кога постои опасност поради оваа зависност и натаму да врши кривични дела, судот може да му изрече задолжително лекување.

(2) Мерката од став 1 се извршува во установа за извршување на казна или во здравствена или друга специјализирана установа. Времето поминато во таква установа се засметува во казната.

(3) При изрекувањето на условна осуда судот може на сторителот да му наложи лекување на слобода, доколку сторителот е согласен да се подложи на такво лекување. Ако сторителот без оправдана причина не се подложи на лекување на слобода или лекувањето го напушти самоволно, судот може да определи да се отповика условната осуда или мерката на задолжително лекување на алкохоличари и наркомани присилно да се изврши во здравствена или во друга специјализирана установа.

(4) Ако оваа мерка е изречена со казна, освен казната затвор, или со условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена или ослободување од казна условната осуда, може да трае најдолго две години.

Медицинско-фармаколошко лекување

Член 65-а

(1) На сторител на кривично дело полов напад врз дете до 14 години кога постои опасност и натаму да врши такви дела судот може да му изрече мерка на медицинско-фармаколошко лекување.

(2) Ако за делото е пропишана казна доживотен затвор судот може на сторителот да му изрече казна затвор од 40 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оценатa на судот е потребно да трае лекувањето.

(3) Ако за делото е пропишана долготрајна казна затвор од 40 години судот може на сторителот да му изречече казна затвор од 20 години ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оценатa на судот е потребно да трае лекувањето.

(4) Ако за делото е пропишана казна затвор од 20 години судот може на сторителот да му ја изречече минималната казна затвор пропишана за кривичното дело ако тој се согласи на медицинско-фармаколошко лекување кое ќе трае до крајот на неговиот живот или до времето до кое според оценатa на судот е потребно да трае лекувањето.

(5) Мерката од ставот (1) на овој член се извршува на слобода во специјализирани медицински установи по издржување на казната затвор, а надзорот на извршувањето на мерката го спроведува Управата за извршување на

санкции. Управата за извршување на санкциите најмалку еднаш на шест месеци го известува судот за извршувањето на мерката од ставот (1) на овој член и за потребата од нејзиното продолжување или прекинување.

(6) Ако сторителот во случаите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член не се подложи на мерката медицинско-фармаколошко лекување или самоволно го напушти лекувањето судот може да определи мерката присилно да се изврши во здравствена или друга специјализирана установа.

(7) По исклучок од ставовите (2), (3) и (4) на овој член судот и без согласност на сторителот задолжително ќе му ја изрече мерката од ставот (1) на овој член ако сторителот делото го сторил во поврат. Мерката медицинско-фармаколошко лекување ќе трае до крајот на животот на сторителот или до времето до кое според оценатa на судот е потребно да трае лекувањето.

(8) Начинот на извршувањето на мерката медицинско-фармаколошко лекување поблиску се уредува со Законот за извршување на санкции.

Членовите 66, 67, 68 и 69 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.19/04).

Одредбите од членовите 70 до 96 престанале да важат од денот на започнувањето со примената на Законот за малолетничка правда ("Службен весник на РМ" бр.87/07, 103/08 и 161/08).

Главата шеста „ВОСПИТНИ МЕРКИ И КАЗНУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЦИ" и одредбите од членовите од 70 до 96 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.114/09).

Глава шеста – а

КАЗНУВАЊЕ НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Главна казна

Член 96-а

(1) За кривични дела на правни лица како главна казна се изрекува парична казна.

(2) Паричната казна се изрекува во износ кој не може да биде помал од 100.000 денари, ниту поголем од 30 милиони денари.

(3) За кривични дела сторени од користољубие, како и за кривични дела со кои се остварува корист или се предизвикува штета од големи размери, може да се изрече парична казна до двојниот износ од максимумот на оваа казна или во сразмер со висината на предизвиканата штета, односно остварената корист, но најмногу до нивниот десеткратен износ.

Споредни казни

Член 96-б

Под услови определени со овој законик судот, кога ќе оцени дека правното лице ја злоупотребило својата дејност и дека постои опасност во иднина да го повтори делото, може да изрече една или повеќе од следниве споредни казни:

1) забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

2) забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство;

3) забрана за основање на нови правни лица;

4) забрана за користење субвенции и други поволни кредити или други облици на јавна помош;

5) забрана за користење на средства за финансирање на политички партии од Буџетот на Република Македонија;

6) одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

7) привремена забрана за вршење на одделна дејност;

8) трајна забрана за вршење на одделна дејност и

9) престанок на правното лице.

Услови за изрекување на споредни казни

Член 96-в

(1) Ако оцени дека изрекувањето на една или повеќе од споредните казни одговара на тежината на стореното дело и дека со тоа правното лице ќе се спречи во иднина да врши такви дела, судот може да ги изрече казните од членот 96-б точки од 1 до 5 на овој законик заедно со парична казна.

(2) Судот го определува траењето на казните од ставот (1) на овој член кое не може да биде пократко од една, ниту подолго од пет години.

(3) Ако од околностите на делото произлегува дека дадената дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право е злоупотребено за неговото извршување, судот ќе изрече одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон заедно со парична казна.

(4) Ако при вршење на дејноста на правното лице е извршено кривично дело за кое за физичко лице е пропишана парична казна или казна затвор до три години, а од начинот на извршување на делото произлегува опасноста од повторно вршење на такво или слично дело, судот ќе изрече привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од една до три години заедно со паричната казна.

(5) Ако е извршено дело за кое за физичко лице е пропишана казна затвор од најмалку три години, а од начинот на извршување на делото произлегува опасност од повторно вршење на такво или слично дело, судот ќе изрече трајна забрана за вршење одделна дејност од дејностите што ги врши правното лице заедно со парична казна.

(6) Судот ќе ја изрече казната од ставот (5) на овој член и кога е извршено кривично дело по претходна правосилна пресуда со која на правното лице му е изречена привремена забрана за вршење дејност.

(7) Ако е извршено дело за кое за физичко лице е пропишана казна затвор од најмалку пет години, а од начинот на извршувањето на делото произлегува опасност од повторно вршење на такво или слично дело, судот ќе изрече казна престанок на правното лице заедно со паричната казна.

(8) Судот ќе ја изрече казната од ставот (7) на овој член и кога е извршено кривично дело по претходна правосилна пресуда со која на правното лице му е изречена трајна забрана за вршење одделна дејност.

(9) Казната привремена или трајна забрана за вршење одделна дејност и престанок на правното лице не може да се изрече на правно лице основано со закон, како и на политичка партија.

(10) Врз основа на правосилна пресуда со која е изречена казната престанок на правното лице, судот покренува со закон утврдена постапка за престанок на постоењето на правното лице во рок од 30 дена од денот на правосилноста на пресудата.

Впишување и бришење на казните

Член 96-г

(1) Главната и споредните казни од членовите 96-а и 96-б на овој законик се впишуваат електронски во Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица кој се води во Централниот регистар на Република Македонија.

(2) Главната казна од членот 96-а на овој законик се брише по службена должност од наведениот регистар кога ќе поминат три години од денот на извршената или застарената казна.

(3) Споредните казни од членот 96-б точки од 1 до 6 на овој законик се бришат по службена должност од наведениот регистар по истекот на времето за кое се изречени.

(4) Давањето на податоци од Централниот регистар се врши согласно со членот 106 на овој законик.

Јавно објавување на правосилна судска одлука

Член 96-д

(1) По барање на оштетениот судот може да одлучи на товар на осуденото лице, да се објави изречената правосилна судска одлука или нејзин дел во "Службен весник на Република Македонија" и во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

(2) По барање на правното лице што е ослободено од обвинение или против кое постапката е запрена со правосилна судска одлука, судот ќе одлучи на товар на Судскиот буџет пресудата или дел од неа да се објави во "Службен весник на Република Македонија" или во два од дневните весници, од кои еден на јазикот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Одмерување на казната

Член 96-ѓ

(1) При одмерување на казната судот ќе го земе предвид билансот на состојбите и билансот на успехот на правното лице, видот на дејноста, природата и тежината на извршеното дело.

(2) Ако судот утврди парична казна за две или повеќе дела во стек, единствената казна не може да го достигне збирот на поединечно утврдените казни, ниту да го надминува законскиот максимум на казната пропишана за правното лице.

Одмерување на парична казна

Член 96-е

(1) За кривичните дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три години, правното лице се казнува со парична казна до 500.000 денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до двојниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

(2) За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку три години, правното лице се казнува со парична казна до еден милион денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери најмногу до петкратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

(3) За кривичните дела за кои е пропишана казна затвор најмалку пет години, правното лице се казнува со парична казна најмалку еден милион денари или, ако делото е сторено од користољубие или е предизвикана штета од големи размери до десеткратниот износ на предизвиканата штета или остварената корист.

Изрекување на поблага парична казна

Член 96-ж

Судот може на правното лице да му изрече поблага парична казна од казната пропишана во членот 96-ѓ од овој законик, ако:

1) законот предвидува поблаго казнување;

2) законот предвидува можност за ослободување од казна, а судот нема да го ослободи правното лице од казна и

3) оцени дека постојат особено олеснувачки околности дека и со поблага казна може да се постигне целта на казнувањето.

Граници на изрекување на поблага парична казна

Член 96-з

(1) Кога се исполнети условите за изрекување на поблага парична казна од членот 96-е на овој законик судот ќе изрече поблага казна во овие граници:

1) за кривичното дело за кое на правното лице може да му се изрече казна до 500.000 денари или до двојниот износ на користа или штетата, може да се изрече поблага казна до 100.000 денари;

2) за кривичното дело за кое на правното лице може да му се изрече парична казна до еден милион денари или до петкратниот износ, паричната казна може да се изрече поблага казна до 200.000 денари или до двојниот износ од користа или штетата и

3) за кривичното дело за кое на правното лице може да му се изрече парична казна најмалку еден милион денари или до десеткратниот износ на користа или штетата, паричната казна може да се изрече поблага казна до 300.000 денари или до петкратниот износ на користа или штетата.

(2) Ако судот е овластен да го ослободи од казна правното лице, може да изрече поблага казна без оглед на границите од ставот (1) на овој член до најмалата мера на паричната казна.

Ослободување од парична казна

Член 96-ѕ

Правното лице може да се ослободи од казна ако одговорното лице во правното лице, органот на управување или раководење или надзорниот орган по стореното кривично дело доброволно го пријават сторителот на кривичното дело или ја вратат имотната корист или ги отстранат штетните последици на делото или на друг начин ги надоместат штетните последици на делото.

Извршување на паричната казна

Член 96-и

(1) Ако осуденото правно лице не ја плати паричната казна во рок определен од судот, кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста на пресудата, таа присилно ќе се изврши.

(2) Ако паричната казна не може да се изврши од имотот на правното лице, поради тоа што правното лице нема таков имот или престанало да постои пред извршување на казната, казната ќе се изврши од неговиот правен следбеник, а ако нема правен следбеник од имотот на основачот или основачите на правното лице, сразмерно на вложените удели, односно во случаите утврдени со закон кај трговското друштво од имотот на акционерите, односно содружниците сразмерно на нивните удели, ако со своите одлуки или постапки го оневозможиле или попречиле извршувањето на паричната казна.

(3) Паричната казна на странски правни лица се извршува од имотот конфискуван во Република Македонија или со примена на меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија, од имотот во странство.

Условно одлагање на извршување на паричната казна

Член 96-ј

(1) Судот може да одреди условно одлагање на извршување на паричната казна и казните што се состојат во забрани или одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон за време од една до три години кога е извршено кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години, ако правното лице даде обезбедување за извршување на паричната казна во случај на отповикување на условната осуда.

(2) Условното одлагање се отповикува ако во рокот на проверувањето е извршено ново кривично дело, ако е откриено порано сторено кривично дело на правното лице или правното лице во одредениот рок од страна на судот не даде обезбедување за извршување на паричната казна.

(3) Условната осуда може да се отповика во текот на времето за проверување, а ако правното лице во тоа време стори ново кривично дело кое со пресуда е утврдено дури по истекот на времето на проверување, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот од кога изминало времето за проверување.

Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Член 96-к

(1) За конфискацијата на имот и имотна корист прибавени со кривично дело на правно лице соодветно се применуваат одредбите од членовите 97 до 100 на овој законик.

(2) Ако од правното лице не може да се конфискува имот или имотна корист поради тоа што престанало да постои пред извршување на конфискацијата, правниот следбеник односно следбеници, а ако не постојат правни следбеници, основачот или основачите на правното лице, односно акционерите или содружниците кај трговското друштво во случаите утврдени со закон, солидарно ќе се обврзат да платат паричен износ што одговара на прибавената имотна корист.

(3) За одземањето предмети од правното лице соодветно се применуваат одредбите од членот 101-а на овој законик.

Посебни одредби за застареност на кривичното гонење и застареност на извршувањето на казната

Член 96-л

(1) Кривичното гонење на правното лице не може да се преземе кога ќе поминат:

1) три години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до три години;

2) пет години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над три години и

3) десет години од извршувањето на кривичното дело за кое е пропишана казна затвор над пет години.

(2) Застарувањето на извршувањето на паричната казна и казната одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон настапува кога ќе поминат три години од денот на правосилноста на пресудата со која се изречени.

(3) Застарувањето на извршувањето на казните што се состојат во забрани настапува по истекот на времето за кое се изречени.

(4) Во однос на прекинот и текот на застарувањето на кривичното гонење и текот и прекинот на застарувањето на извршувањето на паричната казна и споредните казни се применуваат одредбите од членовите 107 до 112 на овој законик.

Глава седма

КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ И ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

1. Конфискација на имот и имотна корист

Основа за конфискација

Член 97

(1) Никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело.

(2) Имотната корист од став 1 ќе се конфискува со судската одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело под условите предвидени со овој законик.

(3) Одлука за конфискација судот ќе донесе во постапка определена со закон и кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело.

(4) Под услови определени со ратификуван меѓународен договор, конфискуваниот имот може да биде вратен на друга држава.

Конфискација на посредна имотна корист

Член 97-а

Покрај непосредната имотна корист од сторителот ќе се конфискува и посредната имотна корист што се состои во:

1) имотот во кој е трансформирана или претворена користа прибавена од кривично дело;

2) имотот стекнат од законски извори, доколку користа прибавена од кривично дело е помешана, во целост или делумно, со таквиот имот, до проценетата вредност од помешаната корист прибавена од кривично дело и

3) приходот или друга корист што произлегува од користа прибавена од кривично дело, од имот во кој користа прибавена од кривично дело е трансформирана или претворена или од имот во кој е помешана користа прибавена од кривично дело, до проценетата вредност на помешаната корист прибавена од кривично дело.

Начин на конфискација

Член 98

(1) Од сторителот ќе се конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист.

(2) Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со извршување на кривичното дело.

(3) Имотната корист од ставот (1) се конфискува и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесена ако е очигледно дека не дале надоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на вредноста на прибавената имотна корист.

(4) Предметите што се прогласени за културно наследство и природни реткости, како и оние за кои оштетениот е лично врзан, се конфискуваат од трети лица, без оглед на тоа дали истите им биле пренесени со соодветен надомест.

(5) Конфискуваното му се враќа на оштетениот, а ако нема оштетен, станува сопственост на државата.

(6) Ако на оштетениот во кривичната постапка му е досудено имотно-правно барање, судот ќе изрече конфискација на имотната корист доколку тоа го преминува износот на ова барање.

Проширена конфискација

Член 98-а

(1) Од сторителот на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од четири години или потешка казна, како и на кривично дело против половата слобода и половиот морал, на кривично дело против здравјето на луѓето, на

кривично дело против имотот, на кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, на кривично дело против службената должност, на кривично дело против човечноста и меѓународното право или на кривично дело извршено во состав на злосторничко здружение, кога таквото дело можело да доведе непосредно или посредно до имотна корист, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период не подолг од пет години пред сторувањето на делото за кое е осуден со правосилна судска пресуда, кога врз основа на сите околности, факти и докази, судот е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот.

(2) Кога од фактички или правни пречки не е можно водење кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело од ставот (1) на овој член, судот ќе донесе одлука за проширена конфискација во постапка определена со закон.

(3) Ако поради фактички или правни пречки не може да се спроведе проширена конфискација спрема сторителот на кривичното дело, а се исполнети условите од ставот (1) на овој член, нелегално стекнатиот имот се конфискува и од трети лица или членови на неговото семејство на кои е пренесен или за кои е остварен, доколку имотот постои.

(4) Имотот од ставот (1) на овој член се конфискува во постапка на конфискација и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност.

Заштита на оштетениот

Член 99

(1) Оштетениот кој во кривичната постапка во однос на своето имотно-правно барање е упатен на спор може да бара да се намири од износот на конфискуваната вредност, ако поведе спор во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е упатен на спор и ако во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување на конфискуваната вредност.

(2) Оштетениот кој во кривичната постапка не пријавил имотно-правно барање може да бара намирување на конфискуваната вредност ако заради утврдување на своето барање повел спор во рок од три месеци од денот на узнавањето за пресудата со која се конфискува имотната корист, а најдоцна во рок од две години од правосилноста на одлуката за конфискација на имотната корист и ако во рок од три месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување на конфискуваната вредност.

Конфискување од правно лице

Член 100

Ако со кривичното дело на сторителот е прибавена имотна корист за правно лице, користа ќе се конфискува од него.

2. Одземање предмети

Услови за одземање на предмети

Член 100-а

(1) Никој не може да ги задржи или присвои предметите што настанале од извршување на кривичното дело.

(2) Од сторителот на кривичното дело ќе се одземат и предметите што биле наменети или се употребени за извршување на кривичното дело без оглед дали се негова сопственост или сопственост на трето лице само ако тоа го бараат интересите на општата безбедност, здравјето на луѓето или причините на моралот.

(3) Предметите што се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело може да се одземат ако постои опасност повторно да бидат употребени за извршување на кривично дело. Нема да се одземат предметите што се во сопственост на трето лице, освен ако тоа знаело или било должно да знае дека се употребени или биле наменети за извршување на кривичното дело.

(4) При донесувањето на одлука за одземање на предметите од ставот (3) на овој член, судот посебно води сметка за принципот на пропорционалност, имајќи ги предвид видот и тежината на кривичното дело, изречената казна, личните прилики на сторителот или третото лице и други околности поврзани со начинот на извршување на делото и неговите последици.

(5) Одземањето на предмети од трето лице од ставот (3) на овој член не засега во неговото право да бара надомест на штета од сторителот на делото.

(6) Судот донесува одлука за одземање на предмети во посебна постапка на конфискација предвидена со закон кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривичната постапка спрема сторителот на кривичното дело.

(7) Под услови определени со меѓународен договор, ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија, предметите можат да бидат вратени на друга држава.

(8) Задолжително одземање на предметите од ставот (2) на овој член може да се пропише со закон, само ако тоа го бараат интересите на безбедноста, здравјето на луѓето или причините на моралот.

(9) Одредбите од ставовите од (1) до (9) на овој член соодветно се применуваат и на одземањето на предмети од правно лице.

Глава осма

ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ОСУДАТА

Настапување на правните последици од осудата

Член 101

(1) Правните последици од осудата што се надоврзуваат на осудите за определени кривични дела, може да настапат само кога за кривичното дело на сторителот му е изречена казна затвор.

(2) Правни последици можат да се предвидат само со закон.

Почеток и траење на правните последици од осудата

Член 102

(1) Правните последици од осудата настапуваат со денот на правосилноста на пресудата.

(2) Правните последици од осудата што се состојат во забрана на стекнување на определени права траат најдолго десет години од денот на издржаната, простената или застарената казна.

(3) Со бришење на осудата престануваат правните последици од осудата.

Глава деветта

РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Рехабилитација

Член 103

(1) Рехабилитацијата на осудено лице може да настапи по сила на закон (законска рехабилитација) или врз основа на судска одлука (судска рехабилитација).

(2) Рехабилитацијата значи предвремен престанок на казните што се состојат во забрани и на казната протерување странец од земјата и правните последици од осудата и бришење на осудата од казнената евиденција.

(3) Рехабилитираното лице се смета за неосудувано, а податоците за бришаната осуда не се даваат никому.

(4) Со рехабилитацијата не се гиба во правата на трети лица кои се засноваат врз осудата.

Законска рехабилитација

Член 104

(1) Осудата на изречената алтернативна мерка освен условна осуда и осудата со која сторителот на кривичното дело е ослободен од казна се бришат од казнената евиденција ако осуденият во рок од една година од денот на правосилноста на судската одлука не стори ново кривично дело.

(2) Условната осуда се брише од казнената евиденција по една година откако ќе помине времето за проверка ако за тоа време осуденият не стори ново кривично дело.

(3) Осудата на парична казна и казната забрана на управување со моторно возило, изречена како единствена казна, се брише од казнената евиденција кога ќе поминат три години од денот на извршената, застарената или простената казна ако за тоа време осуденият не стори ново кривично дело.

(4) Осудите на затвор до три години се бришат од казнената евиденција кога ќе поминат пет години од денот на издржаната, застарената или простената казна ако за тоа време осуденият не стори ново кривично дело.

(5) Повеќе осуди на исто лице можат да се бришат од казнената евиденција само истовремено и тоа ако постојат услови за бришење на секоја од тие осуди.

Судска рехабилитација

Член 105

(1) По протекот на три години од денот на издржаната, застарената или простената казна судот може да определи да престанат правните последици од осудата што се однесуваат на забрана на стекнување на определени права.

(2) По протекот на две години од денот на примената на казната привремена забрана за вршење одделна дејност на правното лице, судот може да одлучи забраната да престане.

(3) По протекот од две години од денот на примената на казните: забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на

договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство, забрана за основање на нови правни лица или забрана за користење на субвенции и други поволни кредити, судот може да одлучи забраните да престанат пред истекот на рокот на времето за кое се изречени.

(4) По протекот на три години од денот на применувањето на казните забрана на вршење на професија, дејност или должност и забрана за управување со моторно возило и времено протерување странец од земјата, како и на казната трајна забрана за вршење дејност на правното лице, судот може да одлучи да престанат.

(5) При одлучувањето за рехабилитација судот ќе го земе предвид однесувањето на осуденият по осудата, околноста дали ја надоместил штетата, дали ја вратил имотната корист, како и други околности од значење за оваа одлука.

(6) Судот може, на молба на осуденият да определи да се брише од казнена евиденција осудата на затвор: над три години до пет години во рок од пет години; над пет години до десет години во рок од десет години; над десет години до 20 години и од 40 години во рок од 20 години од денот на издржаната, застарената или простената казна, ако во тоа време осуденият не изврши ново кривично дело. При одлучувањето за бришењето на осудата, судот ќе води сметка за поведението на осуденият по издржаната казна, за природата на кривичното дело и за другите околности што можат да бидат од значење за оцената за оправданоста на бришењето на осудата.

Казнена евиденција

Член 106

(1) Казнената евиденција ја води првостепениот суд надлежен според местото на раѓање на осуденият.

(2) За лицата родени во странство, или за оние чие место на раѓање е непознато како и за правните лица, казнената евиденција ја води судот определен со закон, освен ако со овој законик не е определен друг орган за водење на казнена евиденција.

(3) Податоците од казнената евиденција може да му се дадат на судот и на јавното обвинителство во врска со кривичната постапка што се води против порано осуденият и на надлежните органи што учествуваат во постапката за давање амнестија и помилување.

(4) Податоци од казнената евиденција можат на образложено барање да им се дадат и на државни органи, правни или физички лица ако уште траат определени правни последици од осудата или казни што се состојат во забрани или ако за тоа постои оправдан интерес заснован врз закон.

(5) Никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност.

(6) На граѓаните по нивно барање, може да им се дадат податоци за нивната осудуваност или неосудуваност само ако овие податоци им се потребни заради остварување на нивните права во странство.

Член 106-а

Посебен регистар

(1) Податоци за правосилна судска одлука за изречена мерка на безбедност судот доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, заради регистрација во здравствената евиденција, како и до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика, заради регистрација во посебен регистар.

(2) Судот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалната политика доставува податоци и за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал и кривичното дело од членот 418-г на овој законик сторени против малолетни лица, за кои се води посебен регистар.

(3) Податоците од ставовите (1) и (2) на овој член можат да се користат исклучиво заради заштита на здравјето на лицата на кои им се изречени мерки на безбедност или за заштита на правата на малолетниците, под услови и по постапка утврдени со закон.

Глава десетта

ЗАСТАРЕНОСТ

Застареност на кривичното гонење

Член 107

(1) Ако во овој законик не е поинаку определено, кривичното гонење не може да се преземе кога ќе поминат:

1) 30 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна доживотен затвор,

2) 20 години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над десет години,

3) десет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над пет години,

4) пет години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над три години,

5) три години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор над една година и

6) две години од извршувањето на кривично дело за кое според законот може да се изрече затвор до една година или парична казна.

(2) Ако за кривичното дело се пропишани повеќе казни, рокот на застареноста се определува според најтешката пропишана казна.

Тек и прекин на застарувањето на кривичното гонење

Член 108

(1) Застарувањето на кривичното гонење почнува од денот кога е сторено кривичното дело или настапила последицата. Ако делото е сторено спрема дете застарувањето на кривичното гонење почнува од денот на неговото полнолетство.

(2) Застарувањето не тече за времето за кое според законот гонењето не може да започне или да продолжи.

(3) Застарувањето се прекинува со секое процесно дејствие што се презема заради гонење на сторителот поради стореното кривично дело.

(4) Застарувањето се прекинува и кога сторителот во времето додека тече рокот на застареност ќе стори, исто така, тешко или потешко кривично дело.

(5) За секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(6) Застареност на кривичното гонење настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на кривичното гонење.

Застареност на извршувањето на казната

Член 109

Ако со овој законик не е поинаку определено изречената казна не може да се изврши кога ќе поминат:

1) 30 години од осуда на доживотен затвор,
2) 20 години од осуда на затвор над десет години,
3) десет години од осуда на затвор над пет години,
4) пет години од осуда на затвор над три години,
5) три години од осуда на затвор над една година и
6) две години од осуда на затвор до една година или на парична казна.

Застареност на извршувањето на споредните казни и на мерките на безбедност, алтернативните мерки, конфискацијата на имотот и одземањето на предметите

Член 110

(1) Застареност на извршувањето на парична казна како споредна казна настапува кога ќе поминат две години од денот на правосилноста на пресудата со која е изречена таа казна.

(2) Застареност на извршувањето на мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и задолжително лекување на алкохоличари и наркомани настапува кога ќе поминат пет години од денот на правосилноста на одлуката, со која се изречени тие мерки.

(3) Застареност на извршувањето на казните забрана на вршење на професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило и времено протерување странец од земјата, настапува кога ќе помине времето за кое се изречени тие казни.

(4) Застареност на алтернативните мерки општокорисна работа и куќен затвор настапува кога ќе поминат две години од денот на правосилноста на пресудата со која се изречени тие мерки.

(5) Извршувањето на посебните мерки на конфискација на имот и одземање на предмети не застарува.

Тек и прекин на застарувањето на извршувањето на казната

Член 111

(1) Застарувањето на извршувањето на казната почнува од денот кога пресудата станала правосилна, а ако условната осуда е отповикана од денот кога одлуката за отповикување станала правосилна.

(2) Застарувањето не тече за времето за кое според законот извршувањето на казната не може да се преземе.

(3) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган што се презема заради извршување на казната.

(4) Со секој прекин застарувањето почнува повторно да тече.

(5) Застареност на извршувањето на казната настапува во секој случај кога ќе помине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на извршувањето на казната.

(6) Одредбите од ставовите 2 до 5 согласно се применуваат и врз застарувањето на извршувањето на мерките на безбедност и алтернативните мерки.

Незастарливост на кривичните дела геноцид, воени злосторства и тортура

Член 112

Кривичното гонење и извршувањето на казната не застарува за кривичните дела предвидени во членовите 142, од 403 до 407-б и 416-а, како ни за кривични дела за кои со ратификувани меѓународни договори е предвидена незастарливост.

Глава единаесетта

АМНЕСТИЈА И ПОМИЛУВАЊЕ

Амнестија

Член 113

На лицата кои се опфатени со акт за амнестија им се дава ослободување од гонење или потполно или делумно ослободување од извршување на казната, им се заменува изречената казна со поблага казна, им се определува бришење на осудата или им се укинува определена правна последица од осудата.

Помилување

Член 114

(1) Со помилувањето на поименично определено лице му се дава ослободување од гонење или потполно или делумно ослободување од извршување на казната, му се заменува изречената казна со поблага казна или со алтернативни мерки или му се определува бришење на осудата или му се укинува, односно му се определува пократко траење на определена правна последица од осудата или на казната.

(2) Со помилувањето може да се определи укинување или пократко траење на овие казни, забрана на вршење на професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило на сторителите кои се возачи по занимање и протерување на странец од земјата.

Дејство на амнестијата и помилувањето врз правата на трети лица

Член 115

Со давањето амнестија или помилување не се засега во правата на трети лица засновани врз осудата.

Глава дванаесетта

ВАЖЕЊЕ НА КРИВИЧНОТО ЗАКОНОДАВСТВО СПОРЕД МЕСТОТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО

Важење на кривичното законодавство за секој кој на територијата на Република Македонија ќе стори кривично дело

Член 116

(1) Кривичното законодавство важи за секој кој на територијата на Република Македонија ќе стори кривично дело.

(2) Кривичното законодавство важи и за секој кој ќе стори кривично дело на домашен брод, без оглед каде се наоѓа бродот во времето на извршувањето на делото.

(3) Кривичното законодавство важи и за секој кој ќе стори кривично дело во домашен цивилен воздухоплов додека е во лет или во домашен воен воздухоплов без оглед каде се наоѓал воздухопловот во време на извршувањето на делото.

Важење на кривичното законодавство за определени кривични дела извршени во странство

Член 117

Кривичното законодавство важи за секој кој во странство ќе стори кривично дело од членот 268 на овој законик, ако фалсификувањето се однесува на домашни пари и од членовите 305 до 326, 357 до 359-а, 394-а до 394-г и 403 до 422 на овој законик.

Важење на кривичното законодавство за државјанин на Република Македонија кој ќе стори кривично дело во странство

Член 118

Кривичното законодавство важи за државјанин на Република Македонија и кога во странство ќе стори некое кривично дело, освен кривичните дела наведени во член 117, ако се затече на територијата на Република Македонија или биде екстрадиран.

Важење на кривичното законодавство за странец кој ќе стори кривично дело во странство

Член 119

(1) Кривичното законодавство важи и за странец кој надвор од територијата на Република Македонија ќе стори спрема неа или спрема нејзин државјанин кривично дело и кога не се во прашање кривичните дела наведени во член 117, ако се затече на територијата на Република Македонија или биде екстрадиран.

(2) Кривичното законодавство важи и за странец кој спрема странска држава или спрема странец ќе стори во странство кривично дело за кое според тоа законодавство може да се изрече затвор од пет години или потешка казна, кога ќе се затече на територијата на Република Македонија, а не ќе и биде екстрадиран на странската држава. Ако со овој законик не е поинаку определено, судот во таков случај не може да изрече потешка казна од казната што е пропишана со закон на земјата во која е сторено кривичното дело.

Посебни услови за гонење

Член 120

(1) Ако во случаите од член 116 е поведена или довршена кривичната постапка во странска држава, гонење во Република Македонија ќе се преземе само по одобрение на јавниот обвинител на Република Македонија.

(2) Во случаите од членовите 118 и 119 нема да се преземе гонење ако:

1) сторителот потполно ја издржал казната на која е осуден во странство,

2) спрема сторителот во странство е применета соодветна мерка на безбедност, што се состои во лишување од слобода,

3) сторителот во странство е ослободен со правосилна пресуда или казната му е застарена или простена и

4) за кривично дело според странски закон се гони по барање од оштетениот, а такво барање не е поднесено.

(3) Во случаите од членовите 118 и 119 ќе се преземе гонење само кога за кривично дело се казнува според законот на земјата во која е сторено делото. Кога во случаите од член 118 и 119 став 1 според законот на земјата во која е сторено делото за тоа дело не се казнува, може да се преземе гонење само по одобрение од јавниот обвинител на Република Македонија.

(4) Само по одобрение од јавниот обвинител на Република Македонија може во Република Македонија да се преземе гонење по случаите од член 119 став 2 без оглед на законот на земјата во која е сторено кривичното дело, ако е во прашање дело што во времето кога е извршено е сметано за кривично дело според општите правни начела признати од страна на меѓународната заедница.

(5) Во случаите од член 116, гонење на странец може, под услов на заемност, да се отстапи на странска држава.

Засметување на притвор и на казна издржана во странство

Член 121

Притворот, лишувањето од слобода во текот на екстрадиционата постапка, како и казната или мерката на безбедност што се состои во лишување од слобода што сторителот ја издржал по пресуда на странски суд, ќе се засмета во казната што ќе ја изрече домашниот суд за истото кривично дело, а ако казните не се од ист вид засметувањето ќе се изврши по оцена на судот.

Примена на одредбите од овој законик на кривичните санкции изречени во странство

Член 121-а

Кога врз основа на меѓународен договор кривичната санкција изречена во странство се извршува во Република Македонија, согласно се применуваат одредбите за условен отпуст, рехабилитација, застареност, амнестија и помилување од овој законик.

Глава тринаесетта

ЗНАЧЕЊЕ НА ИЗРАЗИТЕ НА ОВОЈ ЗАКОН

Член 122

(1) Под кривично законодавство на Република Македонија се подразбираат одредбите на овој кривичен законик и одредбите содржани во другите закони.

(2) Под територија на Република Македонија се подразбираат сувоземната територија, водните површини внатре во нејзините граници, како и воздушниот простор над нив.

(3) Под поимот воено лице се сметаат: воени старешини-офицери и подофицери, професионални војници, војници на служење на воениот рок, питомци на Воената академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, воени обврзници во резервниот состав на Армијата на Република Македонија додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска и цивилни лица на служба во Армијата на Република Македонија.

(4) Како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета:

а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организаци;

б) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со закон,

в) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, како и овластено лице за застапување на здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот,

г) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон,

д) воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено лице и

ѓ) претставник на странска држава или на меѓународна организација во Република Македонија.

(5) Како странско службено лице кога тоа е означено како сторител на кривично дело, се смета лице кое во Европската Унија, во странска држава, меѓународна организација или јавна институција врши некоја од функциите или должностите определени во ставот (4) точки а) до д) од овој член.

(6) Под правно лице се подразбираат: Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, политички партии, јавни претпријатија, трговски друштва, установи, здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски

организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, фондации, финансиски организации и други со закон одредени организации регистрирани како правни лица и други заедници и организации на кои им е признато својството на правно лице. Под странско правно лице се подразбира јавно претпријатие, установа, фонд, банка, трговско друштво или друг облик на организираност според законите на Европската Унија, странска држава во вршење на стопански, финансиски, банкарски, трговски, услужни или други дејности, кое има седиште во друга држава, или претставништво во Република Македонија, или е основано како меѓународно друштво, фонд, банка или установа.

(7) Како одговорно лице во правно лице се смета лице во правно лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување во правното лице му е доверен определен круг на работи што се однесуваат на извршување на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или деловен потфат, некој друг стопански процес или надзорот над нив. Како одговорно лице се смета и службено лице кога се во прашање дела кај кои како сторител е означено одговорно лице, а не се предвидени во главата за кривични дела против службената должност, односно како кривични дела на службено лице предвидени во некоја друга глава на овој законик. Кога е тоа посебно предвидено со овој законик, како одговорно лице се смета и лицето кое врши посебна функција или овластување или на кое му е доверено самостојно вршење на определени работи во странско правно лице, како и лицето кое е претставник на странско правно лице во Република Македонија.

(8) Кога како извршител на кривично дело е означено службено или одговорно лице, сите лица наведени во ставовите 4, 5 и 7 можат да бидат сторители на тие дела доколку од законските обележја на одделно дело не произлегува дека сторител може да биде само некое од тие лица.

(9) Како лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое професионално врши функции, должности или работи од јавен, односно општ интерес, како што се наставник, воспитувач, лекар, социјален работник, новинар, нотар, адвокат или друго лице, кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице кое врши дејност од јавен, односно општ интерес определен со закон.

(10) Како избори и гласање се сметаат изборите за претставници на граѓани во Собранието на Република Македонија и во локалната самоуправа, за претседател на Република Македонија и изјаснувањето на граѓаните на референдум.

(11) Исправа е секој предмет што е подобен или одреден да служи како доказ на некој факт што има вредност за правните односи. Јавна исправа е исправа издадена од надлежен орган, организација или лице кое врши работи од јавен интерес врз основа на закон или друг пропис заснован врз закон.

(12) Пари се средства за плаќање во готово во апоени или електронски пари кои врз основа на закон се во оптек во Република Македонија или во странска држава.

(13) Под знаци за вредност се подразбираат и странски знаци за вредност.

(14) Како хартија од вредност се сметаат: акција, обврзница или друга хартија од вредност што се наоѓа во промет врз основа на закон, во Република Македонија или во странска држава.

(15) Под платежни картички се подразбира секаков вид средства за плаќање издадени од банкарски или други финансиски инситутции кои содржат електронски податоци за лица и електронски генерирани броеви со кои се овозможува вршење на каков било вид на финансиски трансакции.

(16) Принос од казниво дело е секој имот или корист прибавена посредно или непосредно со извршување на казниво дело, како и принос од казниво дело сторено во странство, под услов во времето кога било сторено да било предвидено како казниво дело и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Македонија.

(17) Како подвижен предмет се смета и секоја произведена или собрана енергија за давање светлина, топлина или движење, како и телефонските импулси и други средства за пренос на глас, слика или текст на далечина или компјутерски услуги, собрана и дистрибуирана вода за пиење и други предмети во општа употреба.

(18) Како сила се смета и примената на хипноза и замајни средства со цел некој да се доведе против своја волја во несвесна состојба или да се онеспособи за отпор.

(19) Под социјален орган се сметаат центрите за социјална работа и другите установи што вршат социјална дејност.

(20) Како моторно возило се смета секое сообраќајно средство на моторен погон во сувоземниот, водниот и воздушниот сообраќај.

(21) Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејства спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

(22) Под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело.

Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години.

Под жртва на родово-базирано насилство се подразбира секоја жена и девојчиња до 18 години спрема кои под тие околности е сторено кривичното дело.

(23) Под повеќе лица се подразбираат најмалку три или повеќе лица кои се здружиле за вршење на кривични дела.

(24) Под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник или повозрасно лице кое изгледа како малолетник, или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник или го прикажуваат малолетникот или повозрасното лице кое изгледа како малолетник во очигледна сексуална положба.

(25) Под семејство се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница.

(26) Под компјутерски систем се подразбира каков било уред или група на меѓусебно поврзани уреди од кои, еден или повеќе од нив, врши автоматска обработка на податоци според одредена програма.

(27) Под компјутерски податоци се подразбира презентирање на факти, информации или концепти во облик погоден за обработување преку компјутерски систем, вклучувајќи и програма подобна компјутерскиот систем да го стави во функција.

(28) Под група, банда или друго злосторничко здружение или организација се подразбираат најмалку три лица кои се здружиле за вршење кривични дела, во кој број влегува и организаторот на здружението.

(29) Под суд, судија и судска постапка се подразбира и меѓународен суд чија надлежност ја признава Република Македонија, судија и постапка пред тој суд.

(30) Под пијанство се подразбира состојба на алкохол во крвта над 1,5 грам-промил.

(31) Под експлозивна или друга смртоносна направа се подразбира секакво оружје или експлозивна или запалива направа, што може да предизвика смрт, телесна повреда или поголема имотна штета преку физичка повреда, емисија или ширење на штетни хемиски материи, биолошки агенси, токсични или слични супстанции или зрачење на радиоактивни материи, како и секое оружје или направа создадена за таква намена.

(32) Под јавно место се подразбираат згради, делови од згради, дворови, објекти за вршење трговска, културна, службена, образовна, религиозна, рекреативна или друга дејност, јавни патишта, отворени простори, водни површини и други места отворени и достапни за неограничен круг лица.

(33) Под помала имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на службено објавена една половина просечна месечна плата во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(34) Под поголема имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на пет просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(35) Под значителна имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 50 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(36) Под корист, вредност или штета од големи размери, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 250 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

(37) Под чист дневен приход се подразбира нето надомест на име плата или други надоместоци од работен однос на име плата, како и други нето приходи од вршење дејности или имот и имотни права. Чист дневен приход се добива по одбивањето на даноците или другите законски обврски. Ако судот и на тој начин не може да го утврди чистиот дневен приход или неговото утврдување би предизвикало значително оддолговлекување на постапката, како основа за негово утврдување, се зема еднодневната заработувачка според просечната плата во Републиката во последните три месеца во времето на пресудувањето.

(38) Под имот се подразбира пари или други инструменти за плаќање, хартии од вредност, депозити, друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална, движна или недвижна, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и легални документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.

(39) Под предмети се подразбираат движни и недвижни предмети кои се целосно или делумно искористени или требало да бидат искористени или настанале со извршување на кривично дело.

(40) Под заинтересирана страна во смисла на овој закон се подразбира лице кое има интерес во извршување на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив:

- е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или

- поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или

- е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таква зделка, или е раководно лице на тоа правно лице.

(41) Под насилство врз дете покрај насилството од ставот (21) на овој член се подразбира и психичко насилство, насилство преку интернет, врсничко насилство, како и демнење и следење на детето.

(42) Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

(43) Под родово-базирано насилство врз жените се подразбира насилство насочено против жената поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

ПОСЕБЕН ДЕЛ

Глава четиринаесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО

Убиство

Член 123

(1) Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој што:

1) друг ќе лиши од живот на свиреп или подмолен начин,

2) друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство,

2-а) друг ќе лиши од живот жена или девојче до 18 години, при вршење на родово-базирано насилство,

3) друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице,

4) друг ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда, од омраза или од други ниски побуди,

5) друг ќе лиши од живот по порачка,

6) друг ќе лиши од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување

7) ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или дете и

8) ќе лиши од живот судија, јавен обвинител при вршењето на неговата функција, односно дејност, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес

при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање сторител на кривично дело или чување лице лишено од слобода.

(3) Со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој кој со умисла ќе лиши од живот две или повеќе лица, за кои претходно не му било судено, освен ако не се работи за кривични дела од член 9 став (3), член 10 став (3) и членовите 124, 125 и 127.

Убиство од благородни побуди

Член 124

Тој што друг ќе лиши од живот од благородни побуди, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Убиство на миг

Член 125

Тој што друг ќе лиши од живот на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство, родово-базирано насилство врз жените од страна на убиениот, ќе се казни со затвор од една до осум години.

Убиство од небрежност

Член 126

Тој што друг ќе лиши од живот од небрежност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Убиство на дете при пораѓање

Член 127

(1) Мајка што ќе го лиши од живот своето дете за време на пораѓањето или непосредно по пораѓањето во состојба на растројство предизвикано со пораѓањето ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Обидот е казнив.

Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство

Член 128

(1) Тој што друг ќе наведе на самоубиство или ќе му помогне во извршувањето на самоубиството и тоа ќе биде извршено, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема малолетник што наполнил 14 години или спрема лице кое се наоѓа во состојба на битно намалена пресметливост, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако делото од став 1 е сторено спрема малолетник кој не наполнил 14 години или спрема непресметливо лице, сторителот ќе се казни според член 123.

(4) Тој што сурово или нечовечно постапува со лице кое спрема него се наоѓа во однос на некоја подреденост или зависност, па тоа поради таквото постапување ќе изврши самоубиство кое може да се пропише на небрежност на сторителот, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Ако поради делата од ставовите од 1 до 4 самоубиството е само во обид, судот може сторителот да го казни поблаго.

Клонирање

Член 128-а

Тој што ќе создаде човечко суштество генетски истоветно со друго живо или мртво човечко суштество,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

Недозволени генетски манипулации на оплодување

Член 128-б

Тој што ќе оплоди јајце клетка од жена со сперматозоид од животно или животинска јајце клетка со сперматозоид од маж, или го замени ембрионот со пресадување на делови од други човечки или животински ембриони, или човечки клетки или човечки ембрион внесе во животно или животинска јајце клетка или ембрион внесе кај жена,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

Противправно прекинување на бременост и присилна стерилизација

Член 129

(1) Тој што спротивно на прописите за прекинување на бременост, на бремена жена со нејзина согласност ќе изврши, ќе започне да врши или ќе помогне да изврши прекинување на бременоста, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Тој што се занимава со вршење на делото од став 1, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Тој што на бремена жена без нејзина согласност ќе изврши или ќе започне да врши прекинување на бременоста, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Тој што без согласност или со доведување во заблуда или искористување на незнаењето на женско лице спротивно на закон, со хируршка интервенција или на друг начин ќе ја прекине нејзината способност за репродукција.

ќе се казни со затвор од три до десет години.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член на овој член е сторено спрема малолетно женско лице или настапило тешко телесно нарушување на здравјето или смрт на женското лице, сторителот

ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член на овој член со затвор од шест месеци до пет години, а за делото од ставовите (2), (3) и (4) на овој член со затвор најмалку пет години.

Осакатување на женски полови органи

Член 129-а

(1) Тој што целосно или делумно ќе изврши отсекување, инфибулација или секое друго осакатување на надворешниот полов орган на жена, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе присили жена да се подложи на дејствата опфатени во ставот (1) на овој член.

(3) Тој што ќе поттикне жена или ќе ѝ помогне да се подложи на дејствата од ставот (1) на овој член, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од омраза, или спрема девојче, или е предизикана тешка телесна повреда на жената, сторителот ќе се казни со затвор од една до осум години.

(5) Ако поради делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член настапила смрт на жената или девојчето, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Телесна повреда

Член 130

(1) Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што делото ќе го стори од омраза.

(4) Судот може на сторителот на делото од став 1 да му изрече судска опомена ако бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот.

(5) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Тешка телесна повреда

Член 131

(1) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши и поради тоа ќе биде доведен во опасност животот на повредениот или ќе му биде уништен или трајно и во значителна мера ослабен некој важен дел од телото или некој важен орган или ќе биде предизвикана трајна неспособност за работа воопшто или за работата за која е оспособен или трајно и тешко ќе му биде нарушено неговото здравје или ќе биде нагрден, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако поради тешката телесна повреда од ставовите 1 до 3 повредениот ќе умре, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година.

(5) Тој што делото од ставовите 1, 2 и 3 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(6) Тој што делото ќе го стори на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на повредениот, ќе се казни за делото од ставовите 1 и 2 со парична казна или со затвор до три години, а за делото од ставовите 3 и 4 со затвор од една до пет години.

Учество во тепачка

Член 132

(1) Тој што учествува во тепачка во која некој е лишен од живот или на друг му е нанесена тешка телесна повреда, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Нема кривично дело од став 1 за лице кое без своја вина било вовлечено во тепачка или само раздвојувало други учесници во тепачката.

Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница

Член 133

Тој што при каква и да е тепачка или караница ќе посегне по оружје, ~~или~~ опасно орудие или друго средство со кое може телото тешко да го повреди или здравјето тешко да го наруши, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

Излагање на опасност

Член 134

(1) Тој што друг ќе остави без помош во состојба на опасност за животот, која самиот ја предизвикал, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако лицето изложено на опасност поради тоа го загуби животот или е тешко телесно повредено или здравјето му е тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Напуштање немоќно лице

Член 135

(1) Тој што немоќно лице кое му е доверено или за кое е должен да се грижи, ќе го остави без помош во прилики опасни за животот или здравјето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако оставеното лице поради тоа го загуби животот или е тешко телесно повредено или здравјето му е тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Неукажување помош

Член 136

Тој што нема да му укаже помош на лице кое се наоѓа во состојба на опасност за животот, иако тоа можело да го стори без опасност за себе или за друг, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Глава петнаесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

Повреда на рамноправноста на граѓаните

Член 137

(1) Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други

видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот на Република Македонија, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на граѓаните повластици спротивни на Уставот на Република Македонија, закон или ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Повреда на правото на употреба на јазикот и писмото

Член 138

(1) Тој што ќе им го одземе или ограничи на граѓаните со Уставот, закон или ратификуван меѓународен договор загарантираното право на употреба на јазикот и писмото, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Присилба

Член 139

(1) Тој што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено при вршење родово-базирано насилство врз жените, семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што делото од став (1) на овој член ќе го стори спрема адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања.

(4) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по приватна тужба.

(6) Обидот на делата од ставовите (2) и (3) на овој член е казнив.

Противправно лишување од слобода

Член 140

(1) Тој што друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Обидот се казнува.

(4) Ако противправното лишување од слобода го стори службено лице со злоупотреба на службената положба или овластување, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Ако противправното лишување од слобода траело подолго од 30 дена или е вршено на свиреп начин или ако на лицето противправно лишено од слобода поради тоа тешко му е нарушено здравјето или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(6) Ако лицето противправно лишено од слобода поради тоа го загубило животот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Грабнување

Член 141

(1) Тој што ќе изврши грабнување на некое лице со намера него или некој друг да го присили да стори, да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што делото од став 1 го стори спрема малолетно лице или тој што заради остварување на целта на грабнувањето од став 1 се заканува дека ќе го лиши од живот грабнатото лице или дека тешко телесно ќе го повреди, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Сторителот на делото од ставовите 1 и 2 кое доброволно ќе го пушти на слобода грабнатото лице пред исполнување на барањето поради кое го извршил грабнувањето, може да се ослободи од казна.

Тортура

Член 142

(1) Тој што во вршењето на службата или кое било друго лице што постапува во службено својство, како и лице што поттикнато од службено лице или со негова изречна или премолчена согласност, со употреба на сила, закана или какво било друго недозволено средство или недопуштен начин ќе предизвика физичка или душевна болка или страдање на друго лице, за да добие од него или од трето лице признание или некоја друга информација, или да го казни за некое дејство кое тоа или некое трето лице го извршило или се претпоставува дека го извршило, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член настапи тешка телесна повреда, други особено тешки последици или смрт за оштетениот, или делото е сторено од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако поради делото од ставот (1) на овој член со умисла предизвикал тешка телесна повреда, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од ставот (1) на овој член со умисла е предизивикана смрт на жртвата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Малтретирање во вршење на службата

Член 143

Службено лице што во вршењето на службата или кое било друго лице што постапува во службено својство, како и лице што поттикнато од службено лице или со негова изречна или премолчена согласност, неовластено употребува сила, се заканува, или врши физичко или психичко насилство за да му нанесе на друго лице физичка или душевна болка или страдање што претставува сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, ќе се казни со затвор од три до осум години.

Загрозување на сигурноста

Член 144

(1) Тој што сериозно му се заканува на друг дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице со намера да го вознемири или заплаши, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(2) Ако со делото од ставот (1) на овој член е предизвикано чувство на несигурност, загрозување или страв на жртвата, сторителот ќе се казни со парична казна или затвор до една година.

(3) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори спрема службено лице во вршењето на службата, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или спрема повеќе лица.

(5) Тој што јавно, или по пат на информатички систем, ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради неговата припадност на одредена раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа предвидена со закон или меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(6) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по приватна тужба.

Демнење

Член 144-а

(1) Тој што повторено неовластено ќе следи, прогонува или на друг начин се меша во личниот живот на друг или со него воспоставува или настојува да воспостави од него несакан контакт со движење во просторот каде се наоѓа тоа

лице, со злоупотреба на користење на личните податоци, со користење на средства за јавно информирање или други средства за комуникација, или на друг начин психички го злоставува, вознемирува или застрашува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема лице со кое сторителот е или бил во интимна врска или спрема дете, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Гонењето за делото од ставот (1) на овој член се презема по предлог.

Нарушување на неповредливоста на домот

Член 145

(1) Тој што неовластено ќе влезе во туѓ дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или приватен деловен простор означен како таков или по барање од овластеното лице оттаму не се оддалечи, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Обидот за делата од ставовите 1 и 2 е казнив.

(4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Противзаконито вршење претрес

Член 146

(1) Тој што противзаконито ќе врши претрес на лице, дом затворен или заграден простор што му припаѓа на домот или на приватен деловен простор, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Службено лице кое во вршење на службата противзаконито изврши претрес, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Обидот за делата од ставовите 1 и 2 е казнив.

(4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Повреда на тајноста на писма или други пратки

Член 147

(1) Тој што без судска одлука или согласност на лице на кое му се упатени ќе отвори туѓо писмо, телеграма, некое друго затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта или на друг начин ќе ја повреди нивната тајност или ќе задржи, прикрие, уништи или на друг ќе му предаде туѓо писмо, телеграма, затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(2) Тој што со намера за себе или за друг да прибави некоја корист или на друг да му нанесе некоја штета, ќе му ја соопшти на друг тајната што ја сознал со повреда на тајноста на туѓо писмо, телеграма или некое друго затворено писмено или пратка или обезбедена електронска пошта или ќе се послужи со оваа тајна, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од три месеци до три години, а за делото од став 2 со затвор од три месеци до пет години.

(4) Гонењето за делото од ставовите 1 и 2 се презема по приватна тужба.

Неовластено објавување на лични записи

Член 148

(1) Тој што без дозвола на авторот во случаите кога такво одобрение е потребно, ќе објави дневник, писмо или друг личен запис, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(3) Гонењето се презема по приватна тужба.

Злоупотреба на лични податоци

Член 149

(1) Тој што спротивно на условите утврдени со закон без согласност на граѓанинот прибира, обработува или користи негови лични податоци, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казна од став 1 се казнува тој што ќе навлезе во компјутерски информатички систем на лични податоци со намера користејќи ги за себе или за друг да оствари некаква корист или на друг да му нанесе некаква штета.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Обидот е казнив.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Спречување на пристап кон јавен информатички систем

Член 149-а

(1) Тој што неовластено спречува или ограничува друг во пристапот кон јавен информатички систем,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице во вршење на службата или одговорно лице во јавен информатички систем,

ќе се казни со парична казна или со

затвор од три месеци до три години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Гонењето се презема по приватна тужба.

Неовластено откривање тајна

Член 150

(1) Адвокат, нотар, бранител, лекар, бабица или друг здравствен работник, психолог, верски исповедник, социјален работник или друго лице кое неовластено ќе открие тајна што ја сознало во вршењето на својата професија, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Нема кривично дело од став 1 ако тајната е откриена во општ интерес или во интерес на друго лице кое е попретежен од интересот за чување на тајна.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Гонењето се презема по приватна тужба.

Неовластено прислушкување и тонско снимање

Член 151

(1) Тој што со употреба на посебни уреди неовластено прислушкува или тонски снима разговор или изјава што не му е наменета, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што ќе му овозможи на неповикано лице да се запознае со разговор или изјава која е прислушкувана или тонски снимана.

(3) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што тонски ќе сними изјава што му е наменета, без знаење на оној кој ја дава, со намера да ја злоупотреби или да ја пренесе врз трети лица или тој што таквата изјава непосредно ја пренесува врз трети лица.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори службено лице во вршење на службата или одговорно лице во правно лице,

ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

(5) Со казната од ставот (4) на овој член ќе се казни и лице вработено во правно лице на кое во рамките на работењето му е доверено спроведувањето на мерката за следењето на комуникациите.

(6) Службеното лице од став 4 кое делото го сторило по наредба на претпоставениот и го пријавило пред да дознае дека против него е покренатa кривична постапка,

ќе се ослободи од казна.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице чија што примарна дејност е давање на телекомуникациски услуги,

ќе се казни со парична казна во висина од 10% од вкупниот приход од тековната година во која е сторено делото, согласно со членот 96-а.

Неовластено снимање

Член 152

(1) Тој што неовластено ќе направи фотографски, филмски или видео снимки на друго лице или на неговите лични простории без негова согласност, повредувајќи ја неговата приватност или тој што таквите снимки непосредно ги пренесува на трето лице или му ги покажува или на друг начин му овозможува со нив да се запознае, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 противзаконито го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Злоупотреба на туѓа снимка, фотографија, аудиозапис или спис со сексуално експлицитна содржина

Член 152-а

(1) Тој што на трето лице ќе му направи достапна видео или друга снимка, фотографија, аудиозапис или спис со сексуално експлицитна содржина, без согласност на лицето на кое тој спис се однесува, односно без согласност на лицето кое е прикажано на снимката или фотографијата или чиј глас е снимен на аудиозаписот, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што со употреба на компјутерски систем или на друг начин ќе изработи нова или ќе промени постоечка видео или друга снимка, фотографија, аудиозапис или спис со сексуално експлицитна содржина која се однесува на некое лице и ќе ја употреби таквата снимка, фотографија, аудиозапис или спис или ќе ги направи достапни на трето лице.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што се заканува на друг дека ќе ја направи достапна за трето лице неговата видео или друга снимка, фотографија, аудиозапис или спис со сексуално експлицитна содржина.

(4) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член ќе го изврши на начин поради што видеото или другата снимка, фотографијата, аудиозаписот или списот со сексуално експлицитна содржина станале достапни на повеќе лица, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(5) Ако делото од ставовите од (1) до (4) на овој член е сторено спрема дете, извршителот ќе се казни со затвор од три до 10 години.

(6) Ако делото од ставовите од (1) до (5) на овој член го стори службено лице во вршење на службата, за делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе се казни со казна затвор од една до 10 години, за делото од ставот (4) на овој член, со казна затвор од три до 10 години, а за делото од ставот (5) на овој член, со казна затвор од најмалку четири години.

(7) Видеата или другите снимки, фотографиите, аудиозаписите и списите, како и посебните уреди со кои е извршено кривичното дело, се одземаат.

Повреда на правото на поднесување правно средство

Член 153

(1) Тој што со сила или сериозна закана ќе спречи друг да го искористи своето право на одбрана на поднесување жалба или друго правно средство ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице со злоупотреба на својата службена положба или овластување, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Спречување на печатење и растурање печатени работи

Член 154

(1) Тој што со сила или сериозна закана ќе спречи печатење, продажба или растурање на книги, списанија, весници или други печатени работи, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што противправно ќе спречи емитирање, продажба или растурање на снимен материјал.

Спречување или смекавање јавен собир

Член 155

(1) Тој што со сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе спречи или ќе смекава свикување или одржување мирен јавен собир, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 на овој член е сторено од омраза или го стори службено лице со злоупотреба на својата службена положба или овластување, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Повреда на правото на штрајк

Член 156

(1) Тој што на друг со сила или сериозна закана ќе му го одземе или ограничи правото на штрајк, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Повреда на авторско право и сродни права

Член 157

(1) Тој што во свое име или во име на друг неовластено ќе објави, прикаже, репродуцира, дистрибуира, изведе, емитува или на друг начин неовластено ќе посегне по туѓо авторско право или сродно право, односно авторско дело, изведба или предмет на сродно право, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Тој што делото од став 1 го стори преку компјутерски систем,

ќе се казни со затвор

од шест месеци до три години.

(3) Тој што со делото од став 1 прибавил поголема имотна корист, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Тој што со делото од став 1 прибавил значителна имотна корист, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Обидот е казнив.

(6) Примероците на авторските дела и предметите на сродните права, како и средствата за репродуцирање се одземаат.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(8) Гонењето за повреда на морално право се презема по предлог.

Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сателитски сигнал

Член 157-а

(1) Тој што без одобрение од овластениот дистрибутер на технички посебно заштитен сателитски сигнал произведува, увезува, дистрибуира, изнајмува или на друг начин става на располагање на јавноста, односно дава услуги на поставување на материјален или нематеријален уред или систем заради пробивање на таков сигнал,

ќе се казни со затвор

од шест месеци до три години.

(2) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист или е предизвикана значителна штета,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

(3) Тој што прима технички посебно заштитен сателитски сигнал чија заштита е пробиена без одобрување на неговиот овластен дистрибутер или врши натамошна дистрибуција на таквиот сигнал,

ќе се казни со затвор

од шест месеци до три години.

(4) Ако со делото од став 3 е прибавена значителна имотна корист или е предизвикана значителна штета,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.
(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.

Пиратерија на аудиовизуелно дело

Член 157-б

(1) Тој што без одобрение филмскиот продуцент или овластениот дистрибутер на кој филмскиот продуцент му го пренел своето право на аудиовизуелното дело произведува, увезува, репродуцира, дистрибуира, ускладиштува, изнајмува, пушта во промет или на друг начин става на располагање на јавноста, или презема други дејствија заради дистрибуција, изнајмување, јавно прикажување, пуштање во промет, ставање на располагање на јавноста или на друг начин противправно го користи аудиовизуелното дело, односно видеограмот или неговите неовластено умножени примероци,
ќе се казни со затвор
од шест месеци до три години.
(2) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист или е предизвикана значителна штета,
ќе се казни со затвор
од една до пет години.
(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.

Пиратерија на фонограм

Член 157-в

(1) Тој што без одобрение од производителот на фонограм или здружението за колективно остварување на правата на производителите на фонограми произведува, репродуцира, дистрибуира, ускладиштува, изнајмува, пушта во промет или на друг начин става на располагање на јавноста, или презема други дејствија заради дистрибуција, изнајмување, пуштање во промет, ставање на располагање на јавноста или на друг начин противправно го користи фонограмот или неговите неовластено умножени примероци,
ќе се казни со затвор
од шест месеци до три години.
(2) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист или е предизвикана значителна штета,
ќе се казни со затвор
од една до пет години.
(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.

Глава шеснаесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЊЕТО

Спречување на избори и гласање

Член 158

(1) Тој што со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин оневозможува или спречува одржување на избори или гласање или го оневозможува или спречува утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето, ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(2) Тој што ќе го стори делото од став 1 со употреба на оружје, експлозивни или други опасни направи, со примена на насилство спрема две или повеќе лица или во организирана група, или на подрачјето на две или повеќе избирачки места, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Повреда на избирачкото право

Член 159

(1) Член на изборен орган или друго службено лице кое во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, со намера да му оневозможи на друг вршење на избирачко право, противзаконито не ќе го запише во избирачки список или во листа на кандидати или ќе го избрише од избирачки список или од листа на кандидати или на друг начин ќе го лиши избирачот од правото да избира, да биде избран или да гласа, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и член на избирачки одбор, изборна комисија или одбор за спроведување референдум или друго службено лице кое во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, на противзаконит начин ќе му овозможи на друг да користи избирачко право, иако знае дека тоа лице нема такво право.

Повреда на слободата на определување на избирачите

Член 160

(1) Тој што со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе спречи или друг ќе присили, да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори член на изборен орган или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Злоупотреба на избирачкото право

Член 161

(1) Тој што на избори или гласање ќе гласа наместо друг или ќе гласа повеќе од еднаш, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што ќе земе учество на изборите или гласањето, иако знае дека нема избирачко право.

Поткуп при избори и гласање

Член 162

(1) Тој што на лице со избирачко право му нуди, дава или ветува подарок или друга корист, со намера да го придобие да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Со казната од овој член ќе се казни и лице со избирачко право кое ќе бара за себе подарок или друга корист или ќе прими подарок или друга корист, за да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право.

(3) Ако користа е од помала вредност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Повреда на тајноста на гласањето

Член 163

(1) Тој што при избори или при гласање ќе ја повреди тајноста, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори член изборен орган или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни и тој што со употреба на сила, сериозна закана, искористување на службена, работна или економска зависност и на друг начин, ќе издејствува од друг да каже дали гласал или како гласал.

Уништување на изборен материјал

Член 164

(1) Тој што ќе уништи, прикрие, оштети, преправи или на друг начин ќе стори да биде неупотреблива исправа, книга или спис што служи за изборите или гласањето, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Ако делото од став 1 го стори член на изборен орган или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3) Ако делото е сторено од група, со употреба на оружје или насилство, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Изборна измама

Член 165

Член на изборен орган или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето што при изборите или гласањето, ќе го измени бројот на дадените гласови со додавање или одземање на едно или повеќе гласачки ливчиња или ќе го измени бројот на гласовите при пребројувањето или при објавувањето на резултатите од изборите или гласањето со додавање или одземање на еден или повеќе гласови, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања

Член 165-а

(1) Организатор на изборната кампања кој со непријавување на изворот на финансии на изборната кампања, со спречување на надзорот над трошењето на планираните средства, со неподнесување на финансиски извештај за потрошените средства, со пречекорување на законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, со користење на недозволени средства за изборната кампања, со исплати спротивни на кампањата за финансирање на кампањата или на друг начин го злоупотреби своето со закон определено овластување како организатор на кампањата, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни одговорно лице во правно лице кое нема да пријави донации и други средства за финансирање на изборна кампања, ќе го спречи надзорот над финансирањето или помагањето на друг начин на изборна кампања, нема да поднесе финансиски извештај или ќе даде

лажни или непотполни податоци за дадени донации и други средства, ќе ги пречекори законските ограничувања на средствата дозволени за изборна кампања, ќе обезбеди недозволени средства за изборна кампања, ќе исплати средства спротивно на намената за финансирање на кампањата или на друг начин ќе го злоупотреби своето овластување определено со закон.

(3) Тој што спротивно на ограничувањата определени со закон тајно ќе донира за туѓа изборна кампања или кампања за избори во кои самиот учествува со износ кој во поголема вредност го надминува законскиот максимум, ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Незаконски обезбедените средства се конфискуваат.

Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност

Член 165-б

За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.

Противзаконито располагање со буџетски средства за време на избори

Член 165-в

(1) Носител на јавна функција кој спротивно на забраните утврдени со Изборниот законик ќе започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки или други објекти, ако за таа намена не се претходно обезбедени средства од Буџетот, односно не се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

(2) Носител на јавна функција кој спротивно на забраните утврдени со Изборниот законик врши исплаќања на плати, пензии, субвенции, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови или отуѓување на државен капитал или потпишување на колективни договори,

ќе се казни со затвор од три до пет години.

(3) Носител на јавна функција кој спротивно на забраните утврдени со Изборниот законик ќе организира одржување на јавен настан по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објектот со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства од јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки и други објекти,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

(4) Министерот за финансии кој од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на Претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, нема јавно да ги објави на интернет страница во посебна база за буџетски трошоци сите буџетски исплати, освен редовните плати, пензии и комунални трошоци, согласно со закон,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

(5) Министерот за финансии кој нема да поднесе или на веб страницата на Министерството за финансии нема да го објави предизборниот финансиски извештај две недели по распишување на изборите во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесувањето на извештајот, согласно со Изборниот законик,

ќе се казни со затвор од шест месеци до една година.

Задолжително изрекување на казната забрана за користење на средства за финансирање на политички партии

Член 165-в

За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на овој законик, судот ќе му изрече на сторителот забрана за користење на средства за финансирање на политички партии под условите од членот 96-в став (1) на овој законик.

Глава седумнаесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Повреда на правата од работен однос

Член 166

(1) Тој што свесно не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор, за засновање или престанок на работниот однос, за платата и надоместоците на платата, работно време, одморот или отсуството, заштитата на жената, младината и инвалидите или за забрана на прекувремената или ноќната работа и со тоа повреди, одземе или ограничи право што на работникот му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што ќе побара од работник да му врати или ќе прими одреден износ од плата или други надоместоци исплатени од работодавачот,

ќе се казни со затвор од три месеци до една година.

(3) Со казната од ставот (2) ќе се казни работодавачот кој на работник ќе му врачи отказ поради тоа што го пријавил работодавачот или дал исказ во својство на сведок за тоа дека му побарал на работникот да врати одреден износ од плата или други надоместоци исплатени од работодавачот или не го вратил износот.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Повреда на правото од социјално осигурување

Член 167

(1) Тој што свесно не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор, за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и други видови социјално осигурување и со тоа повреди, одземе или ограничи право што на работникот му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Злоупотреба на правата од социјално осигурување

Член 168

Тој што со симулирање или предизвикување болест или неспособност за работа ќе оствари право на здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и други видови социјално осигурување, што според закон, друг пропис или колективен договор не му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Повреда на правата за време на привремена невработеност

Член 169

Тој што со злоупотреба на службената должност не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор за правата на граѓаните за време на привремена невработеност и со тоа на друг потешко ќе му го повреди или одземе правото што му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Непреземање мерки за заштита при работа

Член 170

(1) Одговорно лице во правно лице кое свесно не се придржува кон закон, друг пропис или колективен договор за мерките за заштита при работата, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) При изрекувањето условна осуда судот може на сторителот да му наложи во определен рок да постапи според прописите за мерките за заштита при работата.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Повреда на правото за учество во управувањето

Член 171

(1) Тој што со повреда на прописи или општи акти ќе му одземе или ограничи на друг право да учествува во управувањето со правното лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Глава осумнаесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧЕСТА И УГЛЕДОТ

Насловот на членот 172 и членот 172 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12).

Насловот на членот 173 и членот 173 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12).

Насловот на членот 174 и членот 174 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12).

Насловот на членот 175 и членот 175 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12).

Насловот на членот 176 и членот 176 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Насловот на членот 177 и членот 177 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Повреда на угледот на Република Македонија

Член 178

Тој што со намера за исмејување јавно ќе ја изложи на подбив Република Македонија, нејзиното знаме, грб или химна, ќе се казни со парична казна.

Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците

Член 179

Тој што со намера за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и припадниците на заедниците кои живеат во Република Македонија,

ќе се казни со парична казна.

Насловот на членот 180 и членот 180 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Повреда на угледот на странска држава

Член 181

Тој што со намера за исмејување јавно ќе изложи на подбив странска држава, нејзиното знаме, грб или химна или шеф на странска држава или дипломатски претставник на странска држава во Република Македонија, ќе се казни со парична казна.

Повреда на угледот на меѓународна организација

Член 182

Тој што со намера за исмејување јавно ќе изложи на подбив меѓународна организација или нејзини претставници, ќе се казни со парична казна.

Исклучување на одговорност за кривичните дела од членовите 178, 179, 181 и 182

Член 182-а

За кривичните дела од членовите 178, 179, 181 и 182 исклучена е одговорноста за новинар во вршење на новинарска професија, како и за други лица доколку изнесеното понижувачко мислење е дадено во одбрана на слободата за јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, или со искрена намера или увереност во добронамерноста на неговото мислење.

Насловот на членот 183 и членот 183 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Насловот на членот 184 и членот 184 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Насловот на членот 185 и членот 185 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Глава деветнаесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ

Полов напад и силување

Член 186

(1) Тој што спротивно на јасно изразена волја на друг, проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејство, што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со кој било дел од телото или предмет, или ќе наведе друго лице без неговата согласност да изврши полов однос или друго полово дејство со трето лице, или да изврши полово дејство врз себе си, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(3) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го изврши врз друг со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло.

(5) Ако делото од ставовите (3) и (4) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(6) Ако поради делото од ставовите од (1) до (5) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(7) Тој што во случаите од ставовите од (1) до (5) на овој член ќе изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член со затвор од шест месеци до три години, за делото од ставот (2) на овој член со казна затвор од една до три години, за делото од ставовите (3) и (4) на овој член со казна затвор од една до пет години, и за делото од ставот (5) на овој член со казна затвор од една до десет години.

(8) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено од страна на сегашен или поранешен брачен другар или интимен партнер, ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(9) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено од страна на сегашен или поранешен брачен другар или интимен партнер ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

Полова злоупотреба на немоќно лице

Член 187

(1) Тој што ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејство што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со кој било дел од телото или предмет, или ќе го наведе да изврши полов однос или друго полово дејство со трето лице, или да изврши полово дејство врз себе си, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој, физичката попреченост или друга состојба на немоќ на тоа лице, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема дете кое наполнило 15 години, сторителот, ќе се казни со затвор од најмалку осум години.

(3) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни за делото од ставот (1) на овој член со затвор од најмалку пет години, а за делото од ставот (2) на овој член со најмалку десет години.

(4) Ако поради делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.

(5) Ако сторителот на делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Силување на дете кое не наполнило 15 години

Член 188

(1) Тој што ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејство што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, со кој било дел од телото или предмет во телото врз дете кое не наполнило 15 години, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член го изврши со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, или спрема немоќно дете кое не наполнило 15 години, ќе се казни со затвор од најмалку десет години.

(3) Ако поради делото од ставовите (1) и (2) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици, или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(4) На сторителот на делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик.

(5) Ако сторителот изврши друго полово дејствие што не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, со кој било дел од телото или предмет во телото, ќе се казни со најмалку три години.

Обљуба со злоупотреба на положбата

Член 189

(1) Тој што со злоупотреба на својата положба ќе наведе на обљуба или друго полово дејствие лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост или зависност или со иста намера го малтретира, застрашува или спрема него постапува на начин со кој се понижува човековото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го изврши крвен сродник во права линија или брат, односно сестра, наставник, воспитувач, посвоител, старател, очув, маќеа, лекар или друго лице со злоупотреба на својата положба или при вршење семејно насилство ќе изврши обљуба или друго полово дејствие со дете кое наполнило 14 години кое му е доверено заради учење, воспитување, чување или нега,

ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) На сторителот на делото од ставот (2) судот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

(4) Со казната затвор судот ќе изрече и казна од членот 33 став (6).

Задоволување на полови страсти пред друг

Член 190

(1) Тој што пред друг врши полово дејствие на јавно место, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што пред дете кое наполнило 14 години врши полово дејствие или го наведува пред него или пред друг да врши такво дејствие,

ќе се казни со затвор од три до осму години.

(3) Тој што пред дете кое не наполнило 14 години врши полово дејствие или го наведува пред него или пред друг да врши такво дејствие,

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

Полово вознемирување

Член 190-а

(1) Тој што со вербално, невербално или физичко дејство, како и преку користење електронски средства за комуникација кое имаат директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување сексуална страст или друго дејство кое јасно потсетува на сексуален однос или други со него изедначени сексуални дејства, и со тоа ќе го повреди неговото достинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член спрема лице што му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од дроги, бременост или тешки телесни или душевни пречки ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години.

Посредување во вршење проституција

Член 191

(1) Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од пет до десет години.

(2) Тој што заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со затвор од три до пет години.

(3) Тој што организира вршење на делата од ставовите (1) и (2) на овој член или делата ќе ги стори при вршење на семејно или родово-базирано насилство врз жените, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Недвижностите искористени и предметите употребени за извршување на делото, се одземаат.

Членот 191-а е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр.226/15).

Членот 192 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр.27/14).

Прикажување на порнографски материјал на дете

Член 193

(1) Тој што на дете кое не наполнил 14 години ќе му продаде, прикаже или со јавно излагање на друг начин ќе му направи достапни слики, аудиовизуелни и други предмети со порнографска содржина или ќе му прикаже порнографска претстава, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако делото е сторено преку средства за јавно информирање, сторителот ќе се казни со затвор од три до пет години.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни тој што ќе злоупотреби дете кое наполнило 14 години за изработување на аудиовизуелни слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава, како и тој што учествува во претставата.

(4) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(5) Тој што ќе присили дете кое наполнило 14 години на изработување и снимање слики или други предмети со порнографска содржина или за порнографска претстава,

ќе се казни со затвор

од најмалку осум години.

(6) Ако делото од ставот (4) на овој член е сторено врз дете кое не наполнил 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку десет години.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(8) Предметите од ставовите (1), (2), (3) , (4),(5), (6) и (7) на овој член ќе се одземат.

Производство и дистрибуција на детска порнографија

Член 193-а

(1) Тој што произведува детска порнографија со цел за нејзина дистрибуција или ја пренесува или ја нуди или на друг начин ја прави достапна детската порнографија,

ќе се казни со затвор

од најмалку пет години.

(2) Тој што набавува детска порнографија за себе или за друг или поседува детска порнографија,

ќе се казни со затвор

од пет до осум години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено преку компјутерски систем или друго средство за масовна комуникација, сторителот

ќе се казни со затвор

од најмалку осум години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години

Член 193 –б

Тој што преку компјутерско-комуникациски средства со закажување средба или на друг начин намамува дете кое не наполнило 14 години на обљуба или друго полово дејствие или на производство на детска порнографија и ако со таквата намера е остварена непосредна средба со малолетникот,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

Родосквернавење

Член 194

(1) Тој што ќе изврши обљуба со крвен сродник во права линија или со брат, односно сестра, ќе се казни со затвор од пет до десет години.

(2) Ако делото од ставот (1) е сторено со дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

Објавување на судска пресуда

Член 194-а

При осуда за кривично дело од оваа глава сторено спрема малолетно лице кое не наполнило 14 годишна возраст судот, по барање на јавниот обвинител, ќе одлучи на сметка на осудениот да се објави правосилната судска пресуда или извод од неа преку средствата за јавно информирање, со заштита на личните податоци на жртвата.

Глава дваесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И МЛАДИНАТА

Двобрачност

Член 195

(1) Тој што ќе склучи брак, иако веќе е во брак, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што ќе склучи брак со лице за кое знае дека се наоѓа во брак.

Овозможување да се склучи недозволен брак

Член 196

Службено лице кое во вршење на својата службена должност ќе овозможи склучување брак иако знаело за законските пречки поради кои бракот е забранет или ништовен, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Вонбрачен живот со дете

Член 197

(1) Полнолетно лице кое живее во вонбрачна заедница со дете кое навршило 14 години, а не навршило 18 години, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и родителот, посвоителот или старателот кој на дете кое навршило 14 години, а не навршило 18 години, ќе му допушти да живее во вонбрачна заедница со друго лице или ќе го наведе на тоа.

(3) Ако делото од став 2 е сторено од користољубие, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) е сторено со малолетно лице кое наполнило 16 години, а не навршило 18 години, гонењето се презема по предлог.

Одземање дете

Член 198

(1) Тој што противправно ќе одземе дете од родител, посвоител, старател, од установа или од лице на кое му е доверено или спречува тоа да биде кај лице кое има право на тоа или оневозможува извршување на извршна одлука за доделување на дете, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од користољубие или други ниски побуди или со примена на сила, закана или измама или ако поради тоа потешко е загрозено здравјето, воспитувањето, издржувањето или школувањето на дете сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) При изрекувањето условна осуда, судот може да му наложи на сторителот да го врати дете или да овозможи извршување на извршната одлука за доделување на дете.

(4) Ако сторителот на делото од став 1 доброволно го врати дете или овозможи извршување на извршна одлука, може да се ослободи од казна.

Промена на семејна состојба

Член 199

(1) Тој што со подметнување, замена или на друг начин ќе ја промени семејната состојба на детето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Обидот е казнив.

Напуштање немоќно дете

Член 200

Родител, посвоител, старател или друго лице на кое му е доверено немоќно дете кое ќе го напушти, со намера трајно да се ослободи од него, ќе се казни со затвор од три до пет години.

Запуштање и малтретирање на дете

Член 201

(1) Родител, посвоител, старател или друго лице кое со грубо запоставување на својата должност за грижа и воспитување ќе го запушти дете или ќе го малтретира, ќе се казни со затвор од една до десет години

(2) Со казната од став 1 ќе се казни родител, посвоител, старател кој присилува дете на работа што не одговара на неговата возраст и физичка сила или од користољубие го наведува на питање или на вршење други дејствија што се штетни за неговиот развиток.

(3) Ако поради делата од ставовите 1 и 2 настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) или (3) на овој член е сторено спрема дете со давање наркотични дроги или психотропни супстанци, сторителот

ќе се казни со затвор најмалку осум години.

Насилство врз дете

Член 201-а

Тој што ќе изврши физичко, психичко или друг вид насилство спрема дете, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.

Неплаќање издршка

Член 202

(1) Тој што одбегнува да дава издршка определена врз основа на извршна судска одлука или порамнување, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) При изрекувањето условна осуда, судот може на сторителот да му наложи да ги исплати пристигнатите обврски и во иднина уредно да ја плаќа издршката.

Повреда на семејни обврски

Член 203

(1) Тој што со груба повреда на своите законски семејни обврски ќе остави во тешка состојба член на семејството кој не е во состојба да се грижи за себе, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако поради делото од став 1 членот на семејството го загуби животот или ако здравјето му биде тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години. (3) При изрекувањето условна осуда, судот може на сторителот да му наложи уредно исполнување на законските обврски.

Точење алкохолни пијалаци на дете

Член 204

(1) Тој што во угостителски или друг дуќан или место каде што се точат и продаваат алкохолни пијалаци ќе послужи дете кое наполнило 14 години , ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема пијано дете кое наполнило 14 години , сторителот ќе се казни со затвор од шест месеца до три години.

(3) Ако делото од став 1 е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице
ќе се казни со парична казна.

(5) Ако на сторителот му изрече казна затвор или условна осуда со утврдена казна затвор, судот ќе му изрече и казна забрана за вршење на дејност.

Глава дваесет и прва

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

Пренесување заразна болест

Член 205

(1) Тој што со кршење на прописи или наредби со кои надлежен орган определува прегледи, дезинфекција, издвојување на болни или некои други мерки за сузбивање или спречување на заразни болести кај луѓето или со вработување или држење на лице кое боледува од заразна болест со вршење на полово дејствие или на друг начин, предизвика пренесување на заразна болест, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што не постапува според прописите или наредбите од став 1 во поглед на сузбивањето или спречувањето на заразните болести кај животни кои можат да се пренесат на луѓето и со тоа предизвикува пренесување на заразна болест.

(3) Ако како последица од делото од став 1 е пренесена неизлечива заразна болест, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Обидот за делото од став 1 на овој член за пренесување на неизлечлива заразна болест е казнив.

(5) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со лажна закана за пренесување или со ширење на невистинити тврдења за постоење на неизлечлива заразна болест ќе се казни со парична казна или затвор до шест месеца.

(6) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија

Член 206

(1) Тој што за време на епидемија на некоја опасна заразна болест не постапи според прописите или наредбите со кои се определуваат мерки за нејзиното сузбивање или спречување, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Несовесно лекување болни

Член 207

(1) Лекар кој при укажување лекарска помош ќе примени очигледно неподобно средство или начин на лекување или нема да примени соодветни хигиенски мерки или воопшто несовесно постапува и со тоа ќе предизвика влошување на здравствената состојба на некое лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и бабица или друг здравствен работник кој при укажување медицинска помош или нега постапува несовесно и со тоа предизвика влошување на здравствената состојба на некое лице.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Неукажување медицинска помош

Член 208

(1) Лекар или друг здравствен работник кој спротивно на својата должност нема да му укаже неодложна медицинска помош на лице кое се наоѓа во опасност за животот или делото е сторено од омраза, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако поради делото од став 1 настапи смрт на лицето на кое не му е укажана медицинска помош, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Надрилекарство

Член 209

Тој што без пропишана стручна подготовка се занимава со лекување или со давање медицинска помош, ќе се казни со затвор до една година и со парична казна.

Недопуштено пресадување делови од човечкото тело

Член 210

(1) Тој што ќе земе дел од телото на друг заради пресадување или на друг ќе му пресади дел од телото иако земањето или пресадувањето е спротивно на закон, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што со намера за пресадување ќе земе дел од човечкото тело пред да е утврдена смртта, според пропишан начин.

(3) Тој што ќе земе дел од телото на друг или на друг му пресади дел од телото без согласност на давателот или примателот или на нивниот законски застапник, ако давателот или примателот не бил во состојба да даде согласност, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни тој што спротивно на закон продава, посредува, огласува за потреби или за достапност на делови од човечкото тело заради остварување на имотна или друга корист.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Незаконско земање и користење на генетски и биолошки материјал

Член 210-а

Тој што неовластено зема, складира со намера да постапува со него или користи генетски биолошки материјал,

ќе се казни со парична казна или со казна затвор од една до три години.

Несовесно вршење аптекарска дејност

Член 211

(1) Аптекар или друго лице овластено за подготвување или издавање на лекови кој ќе подготви лек спротивно на правилата од својата струка или ќе издаде погрешен лек, па поради тоа ќе биде доведено во опасност животот или здравјето на некое лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(4) Подготвените лекови се одземаат.

Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување

Член 212

(1) Тој што произведува, продава или на друг начин става во промет лекови или други средства за лекување што се штетни за здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото е сторено од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(4) Производите и средствата за производство се одземаат.

Производство и пуштање во промет штетни прехранбени и други продукти

Член 213

(1) Тој што произведува заради продажба, продава или на друг начин пушта во промет штетни прехранбени продукти или пијалаци или средства за лична хигиена, нега или други штетни продукти со што ќе предизвика опасност за животот или здравјето на луѓето, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(4) Штетните прехранбени и други продукти ќе се одземат.

Несовесно вршење преглед на месо за исхрана

Член 214

(1) Ветеринар или друг овластен ветеринарен работник кој несовесно врши преглед на добиток за колење или на месо наменето за исхрана или спротивно на прописите не изврши преглед и со тоа овозможи да се пушти во промет месо штетно за здравјето на луѓето, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(3) Месото се одзема.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори

Член 215

(1) Тој што неовластено организира, произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од три до десет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од помало количество, сторителот

ќе се казни со затвор

од шест месеца до три години.

(3) Ако делото од став 1 го извршиле повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници, или организирал дејствие од ставот (1) на овој член , сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Тој што неовластено прави, набавува, посредува или дава на употреба опрема, материјал или супстанции за кои знае дека се наменети за производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Сторителот од став 2, со исклучок на организаторот, кој ќе го открие делото или ќе придонесе за неговото откривање, ќе се ослободи од казна.

(6) Нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(8) Наркотичните дроги, психотропните супстанции и прекурсорите, како и подвижните или недвижните предмети употребени за нивно правење, пренесување или растурање, ќе се одземат.

Овозможување на употреба наркотични дроги

Член 216

(1) Тој што наведува друг на уживање наркотични дроги или му дава наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори да ги ужива тој или друго лице или ќе стави на располагање простории заради уживање наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори или на друг начин му овозможува на друг да ужива наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема дете кое наполнило 14 години или спрема повеќе лица или предизвикало особено тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако делото од ставот (2) на овој член е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Наркотичните дроги, како и подвижните или недвижните предмети употребени за нивно пренесување или растурање, или посебно наменети или ставени за употреба, ќе се одземат.

Тешки дела против здравјето на луѓето

Член 217

(1) Ако поради делото од членовите 205 ставови 1 и 2, 207 ставови 1 и 2, 209, 211 став 1, 212 став 1, 213 став 1, 214 став 1, 215 став 1 и 216 ставови 1 и 2 некое лице е тешко телесно повредено или здравјето му е тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Ако поради делото од членовите 205 ставови 1 и 2, 207 ставови 1 и 2, 209, 211 став 1, 212 став 1, 213 став 1, 214 став 1, 215 став 1 и 216 ставови 1 и 2 настапила смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Ако поради делото од членовите 205 став 3, 207 став 3, 211 став 2, 212 став 2, 213 став 2 и 214 став 2 некое лице ќе биде тешко телесно повредено или здравјето му е тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Ако поради делото од членовите 205 став 4, 207 став 3, 211 став 2, 212 став 2, 213 став 2 и 214 став 2 настапила смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Глава дваесет и втора

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Загадување на животната средина и природата

Член 218

(1) Тој што испушта отровни или издувни гасови, материи или јонизирачко зрачење во воздухот, водата или почвата, во најмалку двојно поголемо количество од максимално дозволеното со закон или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со затвор од една година до три години.

(2) Тој што испушта отровни или издувни гасови, материи или јонизирачко зрачење во воздухот, водата или почвата, во петкратно или поголемо количество од максимално дозволеното со закон или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Тој што со делата од ставовите (1) и (2) на овој член ќе предизвика сериозна опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од три до десет години.

(4) Службено или одговорно лице во правно лице кое со непридржување кон прописите за заштита на животната средина ќе пропушти да постави уреди за пречистување или ќе дозволи изградба, пуштање во дејство или користење на погон кој ја загадува животната средина или на друг начин ќе пропушти преземање мерки за спречување или оневозможување на загадување на воздух, почва, вода или за спречување бучава, кои двојно ја надминуваат дозволената граница, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(5) Службено или одговорно лице во правно лице кое со делото од ставот (4) на овој член ќе предизвика сериозна опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на животинскиот и растителниот свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со казна затвор од четири до десет години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(7) При изрекувањето условна осуда, судот ќе му наложи на сторителот на делото во определен рок да ги отстрани штетните последици на делото или да преземе други пропишани мерки за заштита и унапредување на животната средина.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка

Член 218-а

(1) Тој што спротивно на прописите, произведува, увезува, извезува, пласира на пазарот или употребува недозволени супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка,

ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото е сторено од небрежност, сторителот

ќе се казни со парична казна или затвор до една година.

(3) Ако делото го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(4) За делото од ставот (1) на овој член нема да се казни тој што употребува уреди во домаќинството набавени пред влегувањето во сила на овој законик.

Екоцид

Член 218-б

Тој што спротивно на закон, со намера да предизвика штета на животната средина, ќе преземе дејствие или ќе пропушти да преземе дејствие поради кое ќе настане сериозна или широкораспространета или долготрајна штета на животната средина, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.

Загадување вода за пиење

Член 219

(1) Тој што со некоја штетна материја ќе ја направи неупотреблива водата за пиење во извори, бунари, цистерни или резервоари или некоја друга вода за пиење, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено од службено лице или одговорно лице во правно лице или ако поради истото дошло до појава на епидемија на заразна болест, сторителот ќе се казни со затвор од една година до пет години.

(3) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Производство на штетни средства за лекување добиток или живина

Член 220

(1) Тој што заради продажба ќе произведе, ќе пушти во промет или на друг начин ќе направи достапни средства за лекување или спречување зараза кај добиток или живина опасни за нивниот живот или здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член ќе дојде до ширење заразна болест или ќе пцовиса добиток или живина од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една година до пет години.

(3) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Несовесно укажување ветеринарна помош

Член 221

(1) Ветеринар или овластен ветеринарен работник кој при укажувањето на ветеринарна помош пропише или примени очигледно неподобно средство или очигледно неправилен начин на лекување или воопшто несовесно постапува при лекувањето и со тоа предизвика болест, влошување на здравствената состојба или пцовисување на добиток или на живина од поголема вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член се предизвика пцовисување или уништување на добиток или на живина од значителна вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Пренесување заразни болести кај животниот и растителниот свет

Член 222

(1) Тој што за време на епидемија или пандемија на некоја добиточна или живинска болест што може да го загрози сточарството или живинарството не постапи според одлука на надлежен орган донесена врз основа на пропис со која се определуваат мерки за отстранување или спречување болест и со тоа предизвика ширење на болеста или на нејзините причинители, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што за времетраењето на опасноста од болест и штетници кои можат да го загрозат растителниот свет не постапи според одлука на надлежен орган донесена врз основа на пропис со која се определуваат мерки за отстранување или спречување на болест или штетници и со тоа предизвика појава или ширење на болест или штетници.

(3) Ако поради делото од ставовите 1 и 2 настапи значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Загадување на добиточна храна или вода

Член 223

(1) Тој што со некоја штетна материја ќе загади добиточна храна или вода во реки, потоци, извори, бунари, цистерни или некоја друга вода што служи за поење на добиток, живина или дивеч и со тоа го доведе во опасност животот или здравјето на животните, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што со некоја штетна материја ќе загади води на рибници, езера, реки и потоци и со тоа ќе предизвика опасност за опстанокот на рибите и другиот животински свет во езерата, реките и потоците.

(3) Ако поради делото од ставовите 1 и 2 настапило пцовисување на животни или риби од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Уништување насади со употреба на штетна материја

Член 224

(1) Тој што со употреба на некоја штетна материја ќе предизвика уништување на растенија или други насади и со тоа ќе предизвика значителна имотна штета, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член настапи штета од поголеми размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Узурпација на недвижности

Член 225

(1) Тој што со намера за владение ќе заземе туѓа недвижност што со пропис е прогласена за имот во општа употреба, добро под привремена заштита или културно наследство, природна реткост или друго природно богатство, или земјоделско земјиште во туѓа сопственост ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото е сторено со намера земјиштето да се употреби за градба или користење со кое неповратно се уништуваат природните својства на недвижноста,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни службено лице кое, спротивно на својата должност, нема да преземе мерки за спречување на делата од ставовите (1) и (2) на овој член или за отстранување на нивните последици.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Незаконита експлоатација на минерални суровини

Член 225-а

(1) Тој што без концесија или дозвола или на друг начин неовластено врши експлоатација на минерални суровини определени со закон од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Тој што без дозвола или согласност ќе извади песок, чакал или камен од коритата или бреговите на површинските водни тела чие количество е поголемо од три кубни метри, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Ако поради делото од ставовите (1) и (2) на овој член сторителот се стекне со значителна имотна корист или предизвика значителна штета, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Промена на воден режим

Член 225-б

(1) Тој што спротивно на прописите ќе го промени или поремети водниот режим, а со тоа не прави некое друго кривично дело за кое е пропишана потешка казна, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори на подрачје кое со закон е прогласено за заштитено подрачје, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.

(4) Обидот е казнив

Пустошење на шума

Член 226

(1) Тој што спротивно на пропис или наредба од надлежни органи или друго правно лице врши пренамена, сече или копачи шуми или подбелува стебла или на друг начин пустоши шума или уништува едно или повеќе дрвја во парк, дрворед или на друго место каде сечата не е дозволена, а со тоа не врши друго кривично дело за кое е предвидена потешка казна, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член сторителот се стекне со значителна имотна корист или предизвика значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако со делото од ставот (1) на овој член е опустошена шума во големи размери или е извршено во заштитена шума или подрачје, национален парк или во друга шума со специјална намена, или во група, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(4) Тој што делото од овој член ќе го стори во сопствена шума, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Предизвикување шумски пожар

Член 227

(1) Тој што ќе предизвика шумски пожар, па поради тоа ќе настапи поголема штета, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако со делото од ставот (1) на овој член настапи значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако со делото од ставот (1) на овој член настапи штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(4) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни и тој што ќе предизвика пожар во заштитена шума, национален парк или во друга шума со специјална намена.

(5) Тој што ќе предизвика два или повеќе шумски пожари, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(6) Ако делото во случајот од ставот (1) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година, во случаите од ставовите (2) и (4) на овој член сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години, а во слујаот од ставот (3) на овој член сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Незаконит лов

Член 228

(1) Тој што лови дивеч за време на ловостој или без дозвола за ловење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што неовластено лови во забрането ловиште, убие, рани или фати жив дивеч, ќе се казни со парична казна или со затвор до три година.

(3) Ако делото од став 2 е сторено спрема висок дивеч, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Тој што лови редок или проретчен дивеч чиј лов е забранет или лови без посебна дозвола дивеч за чие ловење е потребна таква дозвола или лови на начин или со средства кои се забранети или со кои дивечот масовно се сотира, ќе се казни со затвор од една до пет години

(5) Уловениот дивеч и средствата за лов ќе се одземат.

Неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици

Член 228-а

(1) Тој што неовластено лови, превезува, пренесува, прикрива, чува, одгледува, купува, продава или на кој било начин прибавува, отуѓува или препарира диви животни и птици од поголема вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако вредноста на дивите животни и птици од ставот (1) на овој член е значителна, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако вредноста на дивите животни и птици од ставот (1) на овој член е од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член организира мрежа за извршување на делото или ако делото е сторено во состав на група или друго здружение или заради извезување на дивите животни или птици во странство, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Незаконит риболов

Член 229

(1) Тој што лови риба со експлозив, струја, отров, замајни средства, средства за подводен риболов, ости, мрежа или други средства со кои е забранет риболовот за време на ловостој во забрането подрачје или во води во кои е забранет риболовот, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако поради делото од ставот (1) на овој член настапи поголема имотна штета или е прибавена поголема имотна корист, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако поради делото од ставот (1) на овој член настапи значителна имотна штета или е прибавена значителна имотна корист, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Ако поради делото од ставот (1) на овој член е предизвикан помор на риба во големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Уловената риба и средствата за риболов ќе се одземa.

Загрозување на животната средина и природата со отпад

Член 230

(1) Тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со опасен отпад што содржи супстанции кои имаат својство на експлозивност, реактивност, запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, тератогеност, екотоксичност или својство на испуштање отровни гасови преку хемиска реакција и биолошко разложување, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(3) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години, а во случајот од ставот (2) на овој член сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Тој што неовластено тргува со отпад,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Ако делото е сторено од организирана група составена од три или повеќе лица сторителот ќе се казни за делото од ставовите (1) и (4) на овој член со затвор најмалку четири години, а делото за ставот (2) на овој член најмалку осум години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи

Член 231

(1) Тој што со сила или закана, со извршување кривично дело или на друг начин неовластено прибавува, располага, поседува или му дава на друг нуклеарни и радиоактивни материи, неовластено презема нуклеарни уреди или нуклеарни или радиоактивни материи или уред за активирање, разградување или емитување на радиоактивни материи,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што неовластено произведува, преработува, ракува, користи, одржува, чува, превезува, увезува, извезува, посредува во прометот или отстранува нуклеарни материјали или други опасни радиоактивни материи, со што може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Службено лице или одговорно лице во правно лице што ќе го овозможи извршувањето на делото од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе се казни со затвор од три до десет години.

(4) Тој што со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе предизвика опасност за животот на луѓето или за имотот од поголем обем, ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(5) Ако поради делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член настапи смрт на едно или повеќе лица или имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(7) Ако поради делото од ставот (6) на овој член настапила смрт на повеќе лица или штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице

ќе се казни со парична казна.

(9) Недвижностите искористени и предметите, материи и супстанции употребени за извршување на делото се одземаат.

Недозволено работење на постројки

Член 231-а

(1) Тој што спротивно на законски пропишано одобрение или на забрана на надлежен орган става во употреба, работи на постројка која користи енергија или создава производи опасни за животот или здравјето на луѓето или со која се загрозува животната средина или во која се чуваат опасни предмети или материи што надвор од постројката можат да предизвикаат потрајно и, во значителна мера, загрозување на квалитетот на воздухот, водата и почвата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Загрозување на околината со бучава, вибрации или нејонизирачко зрачење

Член 231-б

(1) Тој што спротивно на прописите ќе произведе бучава, вибрации или нејонизирачко зрачење во обем трикратно поголем од дозволените граници со закон и со тоа ќе создаде чувство на вознемиреност или ќе го загрози здравјето на луѓето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Неовластено производство, постапување и промет со опасни материи, штетни организми, семенски материјал или саден материјал

Член 232

(1) Тој што спротивно на прописите произведува, преработува, ракува, користи, одржува, чува, пакува, препакува, употребува, превезува, увезува, извезува или отстранува отровни или други опасни материи или нивни отпадоци, или генетски модифицирани или штетни организми опасни за животот или здравјето на луѓето, или за животинскиот или растителниот свет или семенски или саден материјал или живи растенија и живи делови од растенија, вклучувајќи го и семето, делови од растенија или цели растенија вклучително и садни подлоги, наменети за размножување и производство на саден материјал од земјоделски растенија или шумски и декоративни видови дрвја или материјал за размножување, на кои нема извршено здравствена контрола,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Службено лице или одговорно лице во правно лице што ќе го овозможи извршувањето на делото од ставот (1) на овој член, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член е предизвикана опасност за животот на луѓето или за имотот од поголем обем или уништување на животинскиот или растителниот свет во поголеми размери, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.

(4) Ако поради делата од ставовите (1) и (2) на овој член настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(5) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна

Член 232-а

(1) Тој што убива, уништува, држи или одзема примероци на заштитени видови на дива флора или фауна, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.

(2) Тој што со непридржување кон одредбите на закон или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија преземе дејствија со кои ќе отстрела, пресече, ископачи или на друг начин ќе уништи примероци или популации од автохтон див вид или нивни живеалишта или гнезда и со тоа ќе предизвика истребување на автохтон див вид на територијата на Република Северна Македонија, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни сторителот кој ќе предизвика загрозување од истребување на автохтон див вид на територијата на Република Северна Македонија.

(4) Тој што делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Неовластено воведување на диви видови во природата

Член 232-б

(1) Тој што спротивно на закон, без дозвола изврши воведување на диви видови во природата на територијата на Република Северна Македонија,

ќе се казни со казна затвор од една до три години.

(2)Ако со делото од ставот (1) на овој член дошло до сериозни нарушувања на природната рамнотежа или нарушувања во биолошката разновидност на Република Северна Македонија, сторителот

ќе се казни со затвор од една до три години.

(3) Ако делото од ставот (1) на овој член било сторено на тој начин што сторителот не се придржувал до мерките за превентивна заштита при одредени активности, сторителот

ќе се казни со парична казна или со казна затвор од една до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна

Член 232-в

(1) Тој што неовластено тргува, увезува, извезува или превезува жива или мртва единка на заштитен вид на дива флора или фауна во количина што има значително влијание врз нивната заштита, или делови и деривати од нив,

ќе се казни со затвор од една до три години или со парична казна.

(2) Ако делото е сторено од небрежност,

ќе се казни со парична казна или казна затвор до една година.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Убивање и мачење животни

Член 233

(1) Тој што ќе усмрти животно без оправдана причина или грубо го злоупотребува или го изложува на непотребни маки или му нанесува непотребни болки или заради изживување го изложува на страдање, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што со нехранење, непоење или на друг начин изложува животно подолго време на тегобна состојба.

(3) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори од користољубие, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Уништување на живеалиште

Член 233-а

(1) Тој што спротивно на прописите уништи или предизвика значително влошување на живеалиштето на заштитени видови животни, растенија или габи, или уништи или предизвика изумирање на живите организми во тоа живеалиште, ќе се казни со парична казна или казна затвор до три години.

(2) Доколку делото од ставот (1) на овој член е сторено во живеалиште односно подрачје за размножување и одгледување на младите, подрачје на миграција или хибернација на строго заштитените диви животни, растенија или габи, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до пет години и со парична казна.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни и сторителот кој уништува или предизвикува значително пропаѓање/уништување на заштитеното природно подрачје или на еколошко значајно подрачје.

(4) Доколку делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од небрежност, сторителот за делото од ставот (1) на овој член ќе се казни со парична казна или со казна затвор до една година, а за делото од ставовите (2) и (3) на овој член со парична казна или со казна затвор до три години.

Тешки дела против животната средина и природата

Член 234

(1) Ако поради делата од членовите 218 ставови (1), (2) и (3), 219 став (1), 230 ставови (1) и (2) и 232 ставови (1) и (2) настапи тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на повеќе лица, сторителот

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Ако поради делата од членовите 218 ставови (3) и (4), 219 став (3) и 230 став (3) настапи смрт на едно или повеќе лица или промените од загадувањето не можат долго време да се отстранат, сторителот

ќе се казни со затвор

од најмалку четири години.

(3) Ако поради делата од членовите 220 став 1, 221 став 1, 222 став 1 и 225-а ставови (1) и (2), 226 став 1 и 230 ставови 1 и 2 настапи имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако поради делата од членовите 220 став 3, 221 став 2, 222 став 4 и 230 став 3 ќе настапи имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до три години.

(5) Ако поради делата од оваа глава настапило значително влошување на животните услови во рамките на заштитено подрачје определено со закон, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку три години.

Делотворно каење

Член 234-а

(1) Судот може да го ослободи од казна сторителот на делото од членовите 218 ставови (1) и (2), 219 ставови (1) и (3), 220 ставови (1) и (3), 221, 222 ставови (1), (2) и (4), 223 ставови (1), (2) и (4), 225 став (1), 225-а ставови (1) и (2), 228-а став

(1), 230 став (1), 231-а ставови (1) и (2), 231-б, 232 став (1), 232-а ставови (1) и (3) и 232-б од овој закон ако пред настапување на последиците доброволно ја спречи опасноста за нивно настапување или ги отстрани последиците.

(2) Кога судот ќе го осуди сторителот за кривичните дела против животната средина и природата ќе го задолжи истиот, штетата да ја поправи со враќање во првобитна состојба ако за тоа постојат услови.

Глава дваесет и трета

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ

Кражба

Член 235

(1) Тој што од друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако вредноста на украдениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Тој што од туѓа шума ќе одземе дрвја чие количество е поголемо од еден кубен метар со намера за противправно присвојување, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(4) Ако делото од ставот (3) на овој член е сторено со намера собореното дрво да се продаде или ако делото е извршено во шуми во заштитени подрачја, во заштитени шуми или други шуми со посебна намена, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Обидот од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е казнив.

(6) Гонењето за делото од ставот (2) на овој член се презема по приватна тужба.

(7) Ако делото од ставовите (3) и (4) на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас

Член 235-а

(1) Тој што со приклучување без согласност на соодветниот оператор на системот, со преземање пред уред за мерење, со отстранување, онеспособување, премостување, промени и слично ракување со уред за мерење или на друг начин неовластено ќе користи електрична енергија, топлинска енергија или природен гас, со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист,

ќе се казни со затвор до три години и

со парична казна.

(2) Ако вредноста на украдената електрична енергија, топлинска енергија или природен гас е поголема,

сторителот ќе се казни со затвор до пет години и

со парична казна.

(3) Обидот за делата од ставовите (1) и (2) на овој член е казнив.

(4) Ако делото го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Тешка кражба

Член 236

(1) Ако кражбата е сторена:

1) со кршење или провалување во затворени простории, со совладување препреки или на друг начин совладување поголеми пречки;

2) од страна на повеќе лица здружени заради вршење кражба;

3) на дрзок начин;

4) од страна на лице кое кај себе имало некакво оружје или опасно орудие заради напад или одбрана;

5) за време на пожар, поплава или слична несреќа;

6) со искористување на немоќта или несреќата на друг и

7) од омраза,

сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) За кражба на предмети од значителна вредност,

сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) За кражба на предмети во вредност од големи размери,

сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

(4) Ако украденият предмет е добро под привремена заштита, културно наследство, природна реткост или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации или предмет во општа употреба сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(5) Ако вредноста на украденият предмет од ставот (1) на овој член е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Разбојништво

Член 237

(1) Тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако вредноста на одземениот предмет е од големи размери или делото е сторено од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала, и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од став (1) до 3 на овој член на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако делото е сторено во состав на група, банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(5) Ако при извршувањето на делото од став (1) некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Разбојничка кражба

Член 238

(1) Тој што, затечен во кражба, ќе употреби сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг со намера украденият предмет да го задржи, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Ако вредноста на украдените предмети е од големи размери или делото е сторено од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(3) Ако вредноста на одземениот предмет е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од став (1) до (3) на овој член на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако разбојничка кражба е сторена во состав на група или банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или ако при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(5) Ако при извршувањето на делото од став (1) некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Затајување

Член 239

(1) Тој што противправно за себе или за друг ќе присвои туѓ подвижен предмет што му е доверен, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако вредноста на затаените предмети е помала и сторителот одел кон тоа да присвои предмети од таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 го стори старател или лице на кое во правното лице предметите му се доверени во врска со неговата работа, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(4) Тој што противправно ќе присвои туѓ подвижен предмет што го нашол или до кој случајно дошол,

ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако вредноста на затаените предмети е значителна или предметите се добро под привремена заштита или културно наследство, сторителот

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(6) За делата од ставовите (2) и (4) на овој член гонењето се презема по приватна тужба, а за ставовите (1) и (3) на овој член по предлог.

Послужување

Член 240

(1) Тој што неовластено ќе се послужи со пари, хартии од вредност или други подвижни предмети што му се доверени или овие предмети неовластено ќе му ги даде на послуга на друг, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Гонењето се презема по предлог.

Одземање туѓи предмети

Член 241

(1) Тој што без намера за присвојување од друг противправно ќе одземе туѓ подвижен предмет за да го задржи во свое владение, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Гонењето се презема по приватна тужба.

Одземање на моторно возило

Член 242

(1) Тој што противправно ќе одземе туѓо моторно возило со намера да го употреби за возење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако употребата на возилото траела подолго време или настапила поголема штета, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Обидот за делото од став 1 е казнив.

Оштетување туѓи предмети

Член 243

(1) Тој што ќе оштети, уништи или стори неупотреблив туѓ предмет, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако штетата е од значителна вредност или предметите се добра под привремена заштита или културно наследство или делото е сторено од омраза, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба.

Оштетување туѓи права

Член 244

(1) Тој што со намера да го спречи остварувањето на правата врз предмети, ќе отуѓи, уништи, оштети или ќе одземе свој предмет врз кој друго лице има заложено право или право на уживање, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што ќе прикрие, фиктивно ќе отуѓи, уништи, оштети или ќе го направи неупотреблив целокупниот имот или некој негов дел или ќе признае невистинито побарување, ќе состави лажен договор или со некое друго измамничко дејствие привидно или вистински ќе ја загрози својата имотна состојба и со тоа ќе ја намали или спречи можноста за исплатување на најмалку еден од своите доверители, ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до една година.

(3) Гонењето за делото од ставовите 1 и 2 се презема по предлог.

Бесправно градење

Член 244-а

(1) Тој што гради или изведува градба или врши надзор над градба на сопствено или туѓо земјиште без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење издадено од надлежен орган,

ќе се казни со затвор

од три до осум години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено заради продажба,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни и тој што изведува градежни работи спротивно на основниот проект или врши реконструкција на конструктивните елементи на градбата без основен проект и ја нарушува механичката отпорност, стабилноста на градбата и сеизмичката заштита.

(4) Службено лице во локална самоуправа или во орган на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот кое ќе донесе решение за локациски услови спротивно на важечки урбанистички план или ќе издаде одобрение за градење спротивно на решението за локациски услови и стори нарушување на планираниот простор, со што за себе или за друг прибави противправна имотна корист или на друг му нанесе штета,

ќе се казни со затвор

од три до осум години

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(6) Изградените недвижности се одземаат.

Оштетување на станбени и деловни згради и простории

Член 245

(1) Корисник на стан, станар или друго лице кое од станбена или деловна зграда или од станбениот или деловниот простор ќе симне или оштети надворешен или внатрешен уред, инсталација или нивни дел или на друг начин значително ќе ја намали употребливоста на зградата или просторот, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако поради делото од став 1 зградата, станбениот или деловниот простор ќе стане неупотреблив, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Гонењето од ставовите 1 и 2 се презема по приватна тужба.

Незаконито вселување

Член 246

(1) Тој што неовластено ќе се всели во туѓ стан, деловен простор или други простории, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Обидот е казнив.

(3) Ако судот изрече условна осуда ќе му наложи на сторителот, во определен рок да го испразни станот, деловниот простор или другите простории.

(4) Гонењето се презема по приватна тужба.

Измама

Член 247

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе доведе некого во заблуда со лажно прикажување или со прикривање факти или ќе го држи во заблуда и со тоа ќе го наведе да стори или да не стори нешто на штета на својот или туѓ имот, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако сторената штета е од помала вредност, а сторителот одел кон тоа да прибави таква вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Ако сторената штета е од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(4) Ако сторената штета надминува значителна вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(5) Тој што делото од став 1 го сторил само со намера да оштети друг, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(6) Со казната од ставот (4) на овој член ќе се казни тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист, ќе доведе друг во заблуда или ќе го држи во заблуда со лажно прикажување или прикривање на факти што се однесуваат на лажиран спортски натпревар или наместен резултат на спортска игра и со тоа го наведе да стори или не стори нешто на сметка на својот или туѓ имот.

(7) Обидот за делото од ставовите 1 и 5 е казнив.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(9) За делото од ставовите 2 и 5 гонењето се презема по приватна тужба.

Измамување на купувачи

Член 248

(1) Тој што со намера да ги измами купувачите ќе пушти во промет производи со ознака во која се внесени податоци што не одговараат на содржината, видот, потеклото или квалитетот на производот или ќе пушти во промет производи што според својата тежина или квалитет не одговараат на она што редовно се претпоставува кај таквите производи или производи без ознака за содржината, видот, потеклото или квалитетот на производот кога ваквата ознака е пропишана, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото од ставот (1) е сторено со манипулација на цетанскиот и октанскиот број на нафтата и нафтените деривати, сторителот

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Измама при добивање кредит или друга погодност

Член 249

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави кредит, инвестициони средства, субвенција или друга погодност за вршење дејност на кредитодавателот или на надлежниот за одобрување таква погодност ќе му даде невистинити или нецелосни податоци за имотната состојба или други податоци значајни за добивање на кредитот или друга погодност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Измама на штета на средства на Европската Унија

Член 249-а

(1) Тој што со употреба или прикажување лажни, неточни или непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци противправно присвои, задржи или предизвика штета на фондовите, имотот или средствата на Европската Унија, фондовите, имотот или средствата со кои управува Европската Унија или се управува во нивно име, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што фондовите, имотот и средствата од ставот (1) на овој член ги искористил спротивно на одобрената намена.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со употреба или прикажување лажни, неточни или непотполни изјави или исправи или пропуштање на давање податоци, противправно ќе ги намали фондовите, имотот и средствата на Европската Унија, фондовите, имотот и средствата со кои управува Европската Унија или се управува во нивно име.

(4) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна штета, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Осигурителна измама

Член 250

(1) Тој што со намера од осигурително друштво да наплати осигурување, ќе уништи или ќе оштети предмет што е осигуран, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што со намера од осигурителното друштво да наплати осигурување за случај на телесно оштетување, телесна повреда или нарушување на здравјето, ќе си предизвика такво оштетување, повреда или нарушување на здравјето.

(3) Гонењето се презема по предлог.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем

Член 251

(1) Тој што неовластено ќе избрише, измени, оштети, прикрие или на друг начин ќе направи неупотреблив компјутерски податок или програма или уред за одржување на информатичкиот систем или ќе го оневозможи или отежне користењето на компјутерски систем, податокот или програмата или на компјутерска комуникација,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што неовластено ќе навлезе во туѓ компјутер или систем со намера за искористување на неговите податоци или програми заради прибавување противправна имотна или друга корист за себе или за друг или предизвикување имотна или друга штета или заради пренесување на компјутерските податоци што не му се наменети и до кои неовластено дошол на неповикано лице.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што неовластено ќе пресретне, со употреба на технички средства, пренос на компјутерски податоци кој нема јавен карактер до, од и внатре во одреден компјутерски систем, вклучувајќи и електромагнетни емисии од компјутерски систем кој поддржува такви компјутерски податоци.

(4) Тој што делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе ги стори спрема компјутерски систем, податоци или програми што се заштитени со посебни мерки на заштита или се користат во работењето на државни органи, јавни претпријатија или јавни установи или во меѓународни комуникации, или како член на група создадена за вршење такви дела,

ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(5) Ако со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е прибавена поголема имотна корист или е предизвикана поголема штета,
сторителот ќе се казни со затвор
од шест месеци до пет години.

(6) Ако со делото од став 3 е прибавена поголема имотна корист или е предизвикана поголема штета,
сторителот ќе се казни со затвор
од една до десет години.

(7) Тој што неовластено изработува, набавува, продава, држи или прави достапни на друг посебни направи, средства, компјутерска лозинка, код за пристап и сличен податок со кој целината или дел од компјутерскиот систем се оспособува за пристап, компјутерски програми или компјутерски податоци наменети или погодни за извршување на делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член,
ќе се казни со парична казна или
со затвор до една година.

(8) Обидот за делото од ставовите 1 и 2 е казнив.

(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(10) Посебните направи, средства, компјутерски програми или податоци наменети за извршување на делото ќе се одземат.

Правење и внесување на компјутерски вируси

Член 251-а

(1) Тој што ќе направи или ќе преземе од друг компјутерски вирус со намера за внесување во туѓ компјутер или компјутерска мрежа,
ќе се казни со парична казна
или со затвор до една година.

(2) Тој што со употреба на компјутерски вирус ќе предизвика штета во туѓ компјутер, систем, податок или програма,
ќе се казни со затвор
од шест месеци до три години.

(3) Ако со делото од став 2 е предизвикана поголема штета или делото е сторено во состав на група создадена за вршење такво дело,
сторителот ќе се казни со затвор
од една до пет години.

(4) Обидот за делото од став 2 е казнив.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Компјутерска измама

Член 251-б

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со внесување во компјутер или информатички систем невистинити податоци, со невнесување на вистинити податоци со менување, бришење или прикривање на компјутерски податоци, со фалсификување на електронски потпис или на друг начин ќе предизвика невистинит резултат при електронската обработка и преносот на податоците,
ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот прибавил поголема имотна корист,
ќе се казни со затвор
од три месеци до пет години.
(3) Ако сторителот прибавил значителна имотна корист,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.
(4) Тој што делото од став 1 ќе го стори само со намера да оштети друг,
ќе се казни со парична казна
или со затвор до една година.
(5) Ако со делото од став 4 е предизвикана поголема штета,
сторителот ќе се казни со затвор
од три месеци до три години.
(6) Тој што неовластено изработува, набавува, продава, држи или прави достапни на друг посебни направи, средства, компјутерски програми или компјутерски податоци наменети за извршување на делото од став 1,
ќе се казни со парична казна
или со затвор до една година.
(7) Обидот за делото од ставовите 1 и 4 е казнив.
(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(9) Посебните направи, средства, компјутерски програми или податоци наменети за извршување на делото ќе се одземат.
(10) За делото од став 4 гонењето се презема по приватна тужба.

Злоупотреба на довербата

Член 252

(1) Тој што застапувајќи ги имотните интереси на некое лице или грижејќи се за неговиот имот нема да ја исполни својата должност или ќе ги злоупотреби дадените овластувања со намера да прибави имотна корист или да го оштети лицето чии имотни интереси ги застапува или за чиј имот се грижи, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
(2) Ако делото од став 1 го стори старател, полномошник, застапник или адвокат, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
(3) Гонењето се презема по приватна тужба.

Неовластено примање подароци

Член 253

(1) Тој што во вршењето на стопанска, финансиска, трговска, услужна или друга економска дејност, директно или индиректно, ќе побара или ќе се согласи да прими за себе или за друг подарок или друга посредна или непосредна корист или ветување или понуда за таква корист за да ги запостави интересите на правното или физичкото лице, при склучување или продолжување на договор или преземање на друго дејствие или за да оствари неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност за правното или физичкото лице или за трето лице,
ќе се казни со затвор од една до пет години.
(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе побара или ќе се согласи да прими неовластено подарок или друга корист за себе или за трето лице или ветување за понуда на таква корист за да не се склучи или продолжи договор или да не се преземе друго дејствие во корист на правното или физичкото лице чии интереси ги застапува.

(3) Ако сторителот се согласи да прими неовластено подарок или друга корист по склучувањето на договорот или преземањето или непреземањето на друго дејствие,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Организатор или учесник во спортски натпревар кој директно или индиректно ќе побара или ќе се согласи да прими за себе или за друг подарок или друга посредна или непосредна корист или ветување или понуда за таква корист со намера да ги запостави интересите на правното или физичкото лице што го организира натпреварот за да се постигне резултат кој не зависи од спортската игра и правилата на спортскиот натпревар,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Со казната од ставот (4) на овој член ќе се казни и тој што посредува во давањето и примањето на подарокот.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(7) Примениот подарок или друга корист се одземаат.

Неовластено давање на подароци

Член 253-а

(1) Тој што директно или индиректно ќе вети, ќе понуди или ќе даде на друг подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист, за во вршењето на стопанска, финансиска, трговска, услужна или друга економска дејност да ги запостави интересите на правното или физичкото лице при склучување или продолжување на договор или преземање на друго дејствие или за да оствари неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност за правното или физичкото лице или за трето лице,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што ќе вети, понуди или даде подарок или друга корист или ветување за понуда на таква корист на друг за во вршењето на стопанска, финансиска, трговска, услужна или друга економска дејност неовластено да оствари за себе или за друг неоправдана корист или да предизвика штета од поголема вредност со несклучување или непродолжување на договор или непреземање на друго дејствие што бил должен да го преземе во корист на правното или физичкото лице чии интереси ги застапува.

(3) Ако сторителот на делото од ставовите (1) и (2) на овој член го пријави делото пред да биде откриено или да дознае дека било откриено, може да се ослободи од казна.

(4) Тој што директно или индиректно ќе вети, ќе понуди или ќе даде подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист на организатор или учесник во спортски натпревар со намера да ги запостави интересите на правното или физичкото лице што го организира натпреварот за да се постигне резултат кој не зависи од спортската игра и правилата на спортскиот натпревар,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Со казната од ставот (4) на овој член ќе се казни и тој што посредува во давањето и примањето на подарокот.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(7) Дадениот подарок или друга корист се одземаат.

Намерно предизвикување стечај

Член 254

(1) Тој што со намера да избегне обврска за плаќање ќе предизвика стечај со привидно продавање на имотот или негов дел, со префрлање на средства на други сметки или отстапување без надоместок или отуѓување со несразмерно ниска вредност, со склучување лажни спогодби за долг или признавање невистинити побарувања или на друг начин намерно повласти доверители или со прикривање, уништување, преправање или водење деловни книги така што да не може да се утврди неговата вистинска имотна состојба, ќе се казни со затвор од една до пет години и со парична казна.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Предизвикување стечај со несовесно работење

Член 255

(1) Тој што знае дека самиот или некој друг како должник е трајно неспособен за плаќање со неразумно трошење и отуѓување предмети и права за несразмерно ниска цена, со прекумерно задолжување, со преземање несразмерни обврски, склучување или обновување договори со лица неспособни за плаќање , со пропуштање да се оствари побарување или на друг начин ги повредува своите должности при управувањето со имотот или при водењето на работите и со тоа ќе предизвика стечај, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Злоупотреба на постапката за стечај

Член 256

(1) Тој што во стечајната постапка ќе пријави лажно побарување, за да оствари право кое не му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Доверител, член на одбор на доверители или стечаен управник, кој за себе или за друг ќе прими имотна корист или ветување на имотна корист, за да се донесе или да не се донесе одлука во определена смисла или на друг начин да оштети барем еден доверител во постапката за стечај ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

(3) Со казната од став 1 ќе се казни тој што на доверител, член на одборот на доверители или стечајниот управник ќе му даде или вети имотна корист заради остварување на делото од став 1.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Оштетување или повластување на доверители

Член 257

(1) Одговорно лице кое знаејќи дека правното лице станало трајно неспособно за плаќање, со исплата на долг или на друг начин намерно ќе стави некој доверител во поповолна положба оштетувајќи ги со тоа другите доверители, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Одговорно лице кое знаејќи дека правното лице станало трајно неспособно за плаќање, со намера да ги изигра или оштети доверителите ќе признае невистинито побарување, ќе состави лажен договор или со некое друго измамничко дејствие ќе оштети доверители, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако поради делото од ставовите 1 и 2 настапила имотна штета од големи размери или поради тоа правното лице паднало под стечај, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Изнуда

Член 258

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори во состав на група, банда или друго здружение или со употреба на огнено оружје или опасно орудие, на особено насилен начин или ако притоа е прибавена значителна имотна корист или настапила значителна имотна штета, или на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или делото е сторено од омраза ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Со казната од став 2 се казнува и тој што делото од став 1 ќе го стори за награда.

(4) Ако при извршувањето на делото од став 1 некое лице со умисла е лишено од живот,

сторителот ќе се казни со затвор

најмалку десет години

или со доживотен затвор.

Уцена

Член 259

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе му се закани на друг дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би можело да и наштети на неговата или нивната чест или на неговиот или нивниот углед и со тоа го присили да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори како член на група, банда или друго здружение или е прибавена значителна имотна корист или настапила значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Лихварство

Член 260

(1) Тој што за услугата што му ја прави на некое лице прима или договара за себе или за друг несразмерна имотна корист искористувајќи ја неговата тешка имотна состојба, тешките станбени прилики, нуждата, недоволно искуство или лекомисленоста, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што неовластено се занимава со давање пари или други потрошни предмети на заем со договор и притоа договара несразмерна имотна корист.

Прикривање

Член 261

(1) Тој што ќе купи, ќе прими во залог или на друг начин ќе прибави, прикрие или протури предмет или имот за кој знае дека е прибавен со кривично дело или она што е добиено за него со продажба или со замена, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Тој што ќе го стори делото од став 1, а можел да знае дека предметот или имотот е прибавен со кривично дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Ако вредноста на предметот или имотот од ставот (1) или (2) на овој член е значителна или предметот или имотот е добро под привремена заштита или културно наследство или уред или друг предмет од посебно значење за сигурноста на луѓето и имотот и сигурноста на јавниот сообраќај или објект на јавни инсталации или предмет во општа употреба, сторителот

ќе се казни со затвор од три до осум години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Предметите од ставовите 1, 2 и 3 се одземаат.

Делотворно каење

Член 262

Судот може да го ослободи од казна сторителот на делата од членовите 235, 239, 240, 241, 242, 243, 244, 245, 246, 248 и 255 ако го вратил предметот, ја надоместил штетата или на друг начин ги отстранил штетните последици на кривичното дело пред да дознае дека е откриен.

Гонење за дела меѓу блиски сродници

Член 263

Освен за делата за кои се гони по приватна тужба или по предлог, за кривичните дела од членовите 235, 236, 239 став 3, 242, 252 став 1 и 261 ако се сторени спрема брачен другар, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник или спрема друго лице со кое сторителот живее во заедничко домаќинство, гонењето се презема по приватна тужба.

Глава дваесет и четврта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости

Член 264

(1) Тој што ќе оштети или уништи движно добро, археолошко наоѓалиште или друго недвижно добро под привремена заштита, културно наследство или природна реткост,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што без дозвола од надлежен орган ќе изврши конзерваторски или реставраторски работи или без дозвола или спротивно на забраната врши археолошки ископувања или истражувања или други недозволени истражувачки работи на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост, а знаел и бил должен или можел да знае дека се работи за такво добро,
ќе се казни со затвор од три до десет години.

(3) Ако поради делото од ставот (2) на овој член доброто под привремена заштита, културното наследство или природната реткост се оштетени или уништени, сторителот

ќе се казни со затвор од пет до десет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(5) Обидот на делото од ставот (2) на овој член е казнив.

(6) Средствата за извршување на делото и предметите на делото се одземаат.

Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости

Член 265

(1) Тој што при археолошки ископувања, архивски истражувања, геолошко-палеонтолошки и минеролошко-петрографски истражувања, градежни или земјоделски ископувања или други истражувачки работи или на друг начин ќе присвои или ќе држи ископина, материјал или најден предмет што претставува добро под привремена заштита или културно наследство или природна реткост,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори носителот на дозволата или раководителот на истражувањата,

ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости

Член 266

(1) Тој што без дозвола од надлежен орган ќе изнесе во странство добро под привремена заштита или културно наследство или предмет што претставува природна реткост,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори спрема добро под привремена заштита или културно наследство, а е археолошки, етнолошки, уметнички, историски предмети или иконописно дело кое е значајно добро или добро од особено значење за Република Македонија,

ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Отуѓување на културно наследство од особено значење во државна сопственост

Член 266-а

Тој што ќе продаде, подари или на друг начин трајно ќе отуѓи културно наследство во државна сопственост, ако не постојат обележја на некое друго потешко кривично дело,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

Внесување на противправно прибавени добра под привремена заштита, културно наследство и природни реткости

Член 266-б

Тој што ќе внесе во Република Македонија движно добро под привремена заштита, културно наследство и природни реткости за кое знае или бил должен или можел да знае дека е противправно прибавено на територијата на друга држава,

ќе се казни со затвор од три до десет години.

Неовластена трговија со добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост

Член 266-в

(1) Тој што неовластено купува, продава, прима во залог или разменува предмети кои претставуваат добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост, чијшто промет е забранет или ограничен,

ќе се казни со парична казна или со затвор од една до пет години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член е сторено со цел изнесување на предметите во странство или делото е сторено во состав на група, банда или друго здружение или сторителот организирал мрежа на препродавачи или посредници,

ќе се казни со парична казна или со затвор од една до десет години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(4) Предметите и стоката на неовластена трговија ќе се одземат.

Уништување или прикривање на необработен архивски материјал

Член 267

Тој што ќе уништи или прикрие документарен материјал пред да биде одбран од него архивскиот материјал така што тој не може да послужи како извор на архивска граѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.

Глава дваесет и петта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО

Фалсификување пари

Член 268

(1) Тој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој што такви лажни пари ќе пушти во оптек, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што прибавува или држи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински.

(3) Ако поради делата од ставовите 1 и 2 дошло до растројство во стопанството на земјата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Тој што лажни пари што ги примил како вистински ќе ги пушти во оптек или тој што знаел дека се направени лажни пари или дека лажни пари се пуштени во оптек, па тоа нема да го пријави, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Лажните пари ќе се одземат.

Фалсификување на хартии од вредност

Член 269

(1) Тој што ќе направи лажни хартии од вредност или што ќе преиначи вистинска хартија од вредност, со намера да ги употреби како вистински или да му ги даде на друг на употреба или тој што таквите лажни хартии ќе ги употреби како вистински, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што прибавува или држи лажни хартии од вредност со намера да ги пушти во оптек како вистински.

(3) Тој што лажни хартии од вредност што ги примил како вистински ќе ги пушти во оптек или тој што знае дека се направени лажни хартии од вредност или дека лажни хартии од вредност се пуштени во оптек, па тоа нема да го пријави, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Лажните хартии од вредност ќе се одземат.

Фалсификување на знаци за вредност

Член 270

(1) Тој што ќе направи лажни таксени или поштенски марки или други знаци за вредност или тој што ќе преиначи некој од тие вистински знаци, со намера да ги употреби како вистински или да му ги даде на друг на употреба или тој што таквите лажни знаци ќе ги употреби како вистински или со таква намера ќе ги прибави, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што со отстранување на жигот со кој знаците од став 1 се поништуваат или на некој друг начин на веќе употребени знаци им дава изглед како да не се употребени или тој што тие употребени знаци ќе ги употреби или продаде како да важат.

(3) Лажните знаци за вредност ќе се одземат.

Правење, набавување или отуѓување средства за фалсификување

Член 271

(1) Тој што прави, набавува, продава или дава на употреба средства за правење лажни знаци за вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што неовластено изработува, набавува, држи, продава или дава на употреба инструменти, предмети, компјутерски програми и други сигурносни заштити или компоненти кои служат за заштита против фалсификување, како и средства за неовластено прибавување на банкарски податоци, заради правење лажни пари или преправање на вистински пари или, други инструменти за плаќање, хартии од вредност или лажни платежни картички

ќе се казни со затвор

од три до десет години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што средствата за изработување на лажни платежни картични неовластено ќе ги монтира на банкарските уреди или ќе ги употреби на друг начин со намера за прибавување на банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носителите на таквите картички.

(4) Средствата од ставовите 1 и 2 ќе се одземат.

Посебни случаи на фалсификување на пари, хартии од вредност или знаци за вредност

Член 271 – а

(1) За дело на фалсификување на пари, хартии од вредност или знаци за вредност ќе се казни согласно со членовите 268, 269 и 270 од овој законик и:

1) тој што ќе направи пари, хартии од вредност или знаци од вредност, спротивно на одлуката на надлежен орган за нивниот вид, количина или други карактеристики и

2) тој што спротивно на посебно овластување од надлежен орган за повлекување од оптек или уништување, ќе остави во оптек пари, хартии од вредност или знаци од вредност.

(2) За делото од овој член правното лице ќе се казни со парична казна.

Фалсификување знаци за обележување на стоки, мери и тегови

Член 272

(1) Тој што со намера да ги употреби како вистински ќе направи лажни знаци за обележување на домашна или странска стока, како печати, жигови или мери со кои се жигосува злато, сребро, добиток, дрво или некакви други стоки или ќе преиначи вистински знаци или тој што лажни знаци ќе употреби како вистински ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што ќе изврши фалсификување на мери или тегови.

(3) Тој што неовластено прави, набавува, продава или дава на употреба средства за правење знаци за обележување на стока, како и лажни мери и тегови, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Лажните знаци, мери и тегови, како и средствата за нивно правење ќе се одземат.

Перење пари и други приноси од казниво дело

Член 273

(1) Тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи, непријавување на факти или на друг начин ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор, или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено во банкарско, финансиско или друго стопанско работење или ако со разделување на трансакцијата ја избегнува должноста за пријавување во случаите определени со закон,

сторителот ќе се казни со затвор

најмалку три години.

(4) Тој што ќе го стори делото од ставовите 1, 2 и 3, а бил должен и можел да знае дека парите, имотот и други приноси од казниво дело или предмети се прибавени со казниво дело,

ќе се казни со парична казна или

со затвор до три години.

(5) Тој што делото од ставовите 1, 2 и 3 ќе го стори како член на група или друго здружение што се занимава со перење пари, противправно прибавување на имот или други приноси од казниво дело, или со помош на странски банки, финансиски установи или лица,

ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(6) Службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ке изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност,

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(7) Службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари,

ќе се казни со затвор

од три месеца до пет години.

(8) Ако делото е сторено од користољубие или заради користење на податоци во странство, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку една година.

(9) Ако делото од ставот (7) на овој член е сторено од небрежност, сторителот

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(10) Ако постојат фактички или правни пречки за утврдување на претходното казниво дело и гонење на неговиот сторител, постоењето на такво дело се утврдува врз основа на фактичките околности на случајот и постоењето на основано сомнение дека имотот е прибавен со такво дело.

(11) Знаењето на сторителот, односно должноста и можноста да знае дека имотот е прибавен со казниво дело можат да бидат утврдени врз основа на објективните фактички околности на случајот.

(12) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.
(13) Приносот од казнивото дело се одзема, а ако одземањето не е можно од сторителот ќе се одземе друг имот што одговара на неговата вредност.

Издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка

Член 274

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе издаде или ќе пушти во промет чек за кој знае дека нема покритие во износ кој е изрично забранет со договорот за употреба на чекот, па со тоа ќе прибави поголема противправна имотна корист, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што со намера за прибавување противправна имотна корист ќе употреби банковна платежна, картичка за подигање пари или плаќање на стоки и услуги, за кои знае дека нема покритие во износ кој изречно е забранет со договорот за употреба на картичката, па со тоа прибави поголема имотна корист.
(3) Ако со делото од ставовите 1 и 2 е прибавена значителна имотна корист, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.
(4) Ако сторителот на делото од ставовите 1 и 2 обезбеди покритие пред да дознае дека е откриен, може да се ослободи од казна.
(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.

Издавање на задолжница без покритие

Член 274-а

Тој што ќе издаде задолжница за која во моментот на достасување на задолжницата нема покритие,
ќе се казни со парична казна или со
казна затвор до три години.

Изработка и употреба на лажна платежна картичка

Член 274-б

(1) Тој што ќе направи лажна платежна картичка со намера да ја употреби како вистинска, или прибавува лажна картичка со таква намера, или ќе му ја даде на друг на употреба или тој што лажната картичка ќе ја употреби како вистинска,
ќе се казни со затвор од шест месеца до пет години
и со парична казна.
(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што прибавува банкарски податоци од вистински платежни картички и податоци за носители на тие платежни картички со намера да ги искористи за изработка и употреба на лажна платежна картичка или вака прибавените податоци ги дава на друг со таква намера.
(3) Ако сторителот од ставот (1) на овој член стекне поголема имотна корист,
ќе се казни со затвор
од една до осум години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од член на група, банда или друго злосторничко здружение, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.

Измама при работењето со хартии од вредност и удели

Член 275

(1) Тој што при преземање на акционерско друштво или пуштање во промет хартии од вредност или удели и друга документација која се однесува на хартиите од вредност или уделите, врз основа на невистинита, нецелосна или пристрасна информација лажно ќе ја прикаже имотната состојба на правното лице кое ги пушта во промет хартиите од вредност или уделите, податоците за добивката или загубите, неговото финансиско работење или други податоци за работењето на правното лице што влијаат врз пазарната вредност на хартиите од вредност или уделите, со што ќе наведе едно или повеќе лица да ги продаваат или купуваат акциите или другите хартии од вредност или уделите,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што во правното лице спротивно на својата должност за чување деловна тајна, ќе соопшти на неовластено лице или на друг начин ќе искористи податок кој претставува деловна тајна што влијае врз цената на хартиите од вредност или уделите и со тоа ќе ги доведе во нееднаква положба физичките или правните лица на пазарот на хартиите од вредност или уделите.

(3) Одговорно лице во правно лице, лице со посебни овластувања, друг вработен во правното лице, акционерите или содружниците во правното лице или надворешен соработник на правното лице што има пристап до внатрешни информации, кое во своето работење ќе стекне доверливи информации или други внатрешни информации од значење за работењето на правното лице и вредноста на хартиите од вредност или уделите и нив неовластено самиот ќе ги искористи или ќе ги пренесе на трето лице кое врз основа на тие информации со купување или продавање на хартии од вредност или уделите на правното лице или се обелоденуваат други невистинити податоци и ќе прибави за себе или за друг поголема имотна корист,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

(4) Тој што на пазарот на хартии од вредност ќе склучи трансакција или ќе даде налог за тргување кој содржи невистинити податоци за понудата, побарувачката или цената на хартиите од вредност, ќе даде невистинити информации или ќе пропушти да даде неопходни информации кои се однесуваат на цената на хартиите од вредност или со друго измамничко дејствие ќе предизвика заблуда кај продавачите или купувачите на хартии од вредност,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(5) Ако со делото од ставовите 1, 2 и 3 сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета, или се оштетени поголем број лица или предизвикал нарушување или растројство на пазарот на хартии од вредност,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(7) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.

Повреда на правата од хартии од вредност

Член 275-а

(1) Одговорно лице во правно лице, друг вработен во правното лице, акционер или содружник или лице овластено од одговорното лице кое попречува сопственик на хартии од вредност во остварувањето на правата од хартии од вредност или врши повреда на правата од хартии од вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено спрема две или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години и со парична казна.

(3) Обидот на делото од ставот (1) на овој член е казнив.

Незаконито постапување на овластен ревизор

Член 275-б

(1) Овластен ревизор кој потпишал извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи на издавач на хартии од вредност кои се тргуваат на овластена берза кој не е точен, не е комплетен, предизвикува заблуда или е во спротивност со меѓународните стандарди за ревизија и со тоа довел во заблуда определено лице да претрпи штета или оствари имотна корист преку влијание на обемот на тргување или цената на хартијата од вредност на издавачот на начин што се зголемува или намалува цената на хартиите од вредност и ги наведува инвеститорите да ги купуваат или продаваат хартиите од вредност или се предизвикува привид на активно тргување со хартиите од вредност за да се наведат инвеститорите да купуваат, односно продаваат хартии од вредност,

ќе се казни со затвор до пет години и со парична казна.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено од застапникот на друштвото за ревизија кој го потпишал извештајот на извршена ревизија, а знаел и бил должен или можел да знае дека не е точен, не е комплетен, предизвикува заблуда или е во спротивност со меѓународните стандарди за ревизија,

сторителот ќе се казни со затвор до три години и со парична казна.

(3) Ако делото е сторено спрема повеќе лица, сторителот

ќе се казни со парична казна

и затвор од една до пет години.

(4) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за друг предизвикал поголема имотна штета, или се оштетени поголем број лица,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите определени со членот 38-б од овој законик.

Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство

Член 275-в

(1) Тој што свесно ќе ги повреди прописите за постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство со поднесување невистинита документација, со договарање со други можни учесници заради изигрување на постапката за доделување на договори за јавна набавка, со неизвршување на обврските од договорот со намера истиот да се изигра или на друг начин намерно ќе ги повреди правилата на таа постапка и со тоа за себе или за друг ќе оствари поголема имотна корист, или ќе предизвика поголема штета, ако не се исполнети обележјата на друго потешко дело,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг значителна имотна корист или предизвикал значителна штета,

ќе се казни со затвор

од најмалку четири години.

(3) Ако сторителот со извршување на делото од ставот (1) на овој член остварил за себе или за друг имотна корист од поголеми размери или предизвикал штета од поголеми размери,

ќе се казни со затвор

од најмалку четири години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Обидот на делото од ставот (1) на овој член е казнив.

(6) Судот ќе му изрече на сторителот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б на овој законик.

(7) Со паричната казна, судот ќе му изрече на правното лице и забрана за учество во постапки за доделување на договори за јавна набавка.

Незаконито постапување на овластен проценувач

Член 275-г

(1) Одговорно лице во правно лице, кое свесно ќе склучи договор како заинтересирана страна спротивно на законските прописи за склучување таков договор или интересите на правното лице, или договор со кој се прифаќа очигледен несразмер меѓу заемните давања и сторувања и вредноста на зделката не е утврдена според пазарните услови, а со тоа ќе предизвика значителна имотна штета за правното лице или за трети лица, или прибави значителна имотна корист за правното лице или за трети лица, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Ако со делото од ставот (1) на овој член, сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за правното лице предизвикал имотна штета од големи размери, ќе се казни со казна затвор од една до пет години и со парична казна.

(3) Ако за делото од ставот (1) на овој член, сторителот прибавил за себе или за друг значителна имотна корист, ќе се казни со казна затвор од три до десет години.

(4) За делото од ставот (1) на овој член правното лице кое остварило имотна корист, ќе се казни со парична казна.

Злоупотреба при склучување на договор меѓу заинтересирани страни

Член 275-д

(1) Одговорно лице во правно лице, кое свесно ќе склучи договор како заинтересирана страна спротивно на законските прописи за склучување таков договор и со тоа ќе предизвика значителна имотна штета за правното лице или за трети лица, или значителна имотна корист за правното лице или за трети лица,

ќе се казни со парична казна и

затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако со делото од ставот (1) сторителот прибавил за себе или за друг поголема имотна корист или за правното лице предизвикал имотна штета од големи размери,

ќе се казни со парична казна и

казна затвор од една до пет години.

(3) За делото од ставот (1) правното лице кое остварило имотна корист,

ќе се казни со парична казна.

Недозволено производство

Член 276

(1) Тој што произведува или преработува стоки чие производство или преработување е забрането, ако не постојат обележја на некое друго потешко дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(3) Стоките и средствата за произведување или за преработување ќе се одземат.

Недозволена трговија

Член 277

(1) Тој што неовластено купува, продава или разменува предмети или стоки од поголема вредност, чијшто промет е забранет или ограничен, ако не постојат обележја на некое друго дело, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што неовластено нуди, рекламира, продава, овозможува на друг продажба или посредува во продажба на билети за јавни спортски натпревари, јавни културни или друг вид јавни манифестации.

(3) Ако сторителот на делото од ставовите (1) и (2) организирал мрежа на препродавачи или посредници, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(5) Обидот за делото од ставот (2) на овој член е казнив

(6) Предметите и стоката на недозволената трговија ќе се одземат.

Криумчарење

Член 278

(1) Тој што се занимава со пренесување непријавени стоки или стоки различни од декларираните или пријавените преку царинска линија, избегнувајќи ја царинската контрола, или тој што избегнувајќи ја царинската контрола ќе пренесе непријавена или стока различна од декларираната или пријавената од поголема вредност,

ќе се казни со парична казна или
со затвор до четири години.
(2) Ако стоката е од значителна вредност,
сторителот ќе се казни со парична казна
или со затвор од шест месеци до пет години.
(3) Ако стоката е од големи размери, сторителот
ќе се казни со парична казна и
со затвор најмалку четири години.
(4) Тој што организира мрежа на препродавачи или посредници за растурање на нецаринети стоки или делото од ставот (1) на овој член го изврши вооружен со огнено оружје или со употреба на сила или закана, сторителот
ќе се казни со затвор од една до пет години.
(5) Службеното лице кое го помага, овозможува или прикрива или не ќе го спречи вршењето на делата од ставовите 1 и 2,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.
(6) Обидот за делото од став 1 е казнив.
(7) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.
(8) Стоките што се предмет на делото од ставовите 1 до 3 и средствата за нивното пренесување и растурање, ќе се одземат, а ако нивното одземање не е можно од сторителот, ќе се одземе друг имот што одговара на нивната вредност во времето на извршување на делото.
(9) Средствата за пренесување и растурање на стоката, се одземаат и кога се во сопственост на трето лице, кое знаело или било должно и можело да знае дека ќе бидат употребени за пренесување или растурање. Средствата ќе се одземат секогаш ако се специјално конструирани, адаптирани, изменети или прилагодени на кој било начин, со цел криење на стоки.

Царинска измама

Член 278-а

(1) Тој што со намера самиот или некој друг да избегне целосно или делумно плаќање на давачки и даноци кои се плаќаат при увоз или извоз на кој е обврзан со закон, на царинскиот орган му даде лажни, неточни или нецелосни изјави, документи или податоци за стоки и други факти од влијание за пресметката за наплата или враќање на давачките и даноците, или не исполни обврска според закон што е од влијание на пресметката на давачките и даноците кои се плаќаат при увоз или извоз или на друг начин го доведе во заблуда царинскиот орган, а износот на давачките и даноците кои се плаќаат при увоз или извоз е од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна.
(2) Ако износот на давачките и даноците кои се плаќаат при увоз или извоз е од значителна вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.
(3) Ако износот на давачките и даноците кои се плаќаат при увоз или извоз е од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години и со парична казна.
(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама

Член 278-б

(1) Тој што купува, продава, растура, прима подарок, крие, прима на чување, користи или прифаќа на чување стоки со поголема вредност по било која основа и за кои знае или бил должен да знае дека се предмет на делото од член 278 и член 278-а,

ќе се казни со парична казна или

со затвор до три години.

(2) Обидот за делото од став 1 е казнив.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Даночно затајување

Член 279

(1) Тој што со намера самиот или некој друг да одбегне целосно или делумно плаќање данок, придонес или некоја друга давачка на која е обврзан со закон, дава лажни, неточни или нецелосни изјави, документи или податоци за своите приходи или за приходите на правното лице, предметите или другите факти од влијание за утврдување на износот на ваквите обврски или тој што со иста намера во случај на обврска за задолжително пријавување не пријави приход, односно предмет или друг факт од влијание за утврдување на ваквите обврски и поради тоа дојде до намалување или неутврдување на даночна обврска од поголема вредност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна.

(2) Ако износот на обврската од ставот (1) на овој член е од значителна вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.

(3) Ако износот на обврската од ставот (1) на овој член е од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години и со парична казна.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Даночна измама

Член 279-а

(1) Тој што со намера за себе или за друг да стекне противправна имотна корист, на даночниот орган ќе му даде лажни податоци во даночната пријава, со што ќе го доведе во заблуда даночниот орган, со цел неосновано да побара враќање на данок или намалување на обврска за данок, од поголема вредност,

ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Ако износот на обврската од ставот (1) на овој член е од значителна вредност, сторителот

ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.

(3) Ако износот на обврската од ставот (1) на овој член е од големи размери, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку четири години и со парична казна.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(5) Обидот за делото од овој член е казнив.

Избегнување на плаќање акциза

Член 279-б

(1) Тој што со намера самиот или некој друг да избегне целосно или делумно плаќање на акциза на кое е обврзан со закон, ги движи добрата подлежни на акциза спротивно на законот или ги испрати од акцизен склад и ги пушти во промет акцизните добра за кои се плаќа акциза без акцизна марка или акцизната дозвола или одобрението ги пренесе на други лица или акцизните добра ги употреби спротивно на намената, а износот на акцизата е од поголема вредност,

ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(2) Ако износот на акцизата е од значителна вредност, сторителот

ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.

(3) Ако износот на акцизата е од големи размери, сторителот

ќе се казни со затвор најмалку четири години и со парична казна.

(4) Обидот за делото од овој член е казнив.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Акцизните добра што се предмет на делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и средствата кои се користат за нивно движење и пуштање во промет ќе се одземат.

Фалсификување или уништување деловни книги

Член 280

(1) Тој што во деловна исправа,трговска книга, финансиски извештај, книга или спис, што е должен да го води врз основа на закон или друг пропис, ќе внесе лажни, неточни или нецелосни податоци, или не ќе внесе некој важен податок или со својот потпис или печат ќе завери деловна исправа, книга или спис со невистинита содржина или со својот потпис или печат ќе овозможи правење на исправа, книга или спис со невистинита содржина, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што лажна, неточна или нецелосна деловна исправа, трговска книга, финансиски извештај, книга или спис ќе употреби како да се вистинити или деловна исправа, книга или спис ќе уништи, прикрие, оштети или на друг начин ќе ги направи неупотребливи.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Оддавање и неовластено прибавување деловна тајна

Член 281

(1) Тој што на неповикано лице ќе му соопшти, ќе му предаде или на друг начин ќе му ги направи достапни податоците што со закон се прогласени за деловна тајна, како и тој што прибавува вакви податоци со намера да ги предаде на неповикано лице, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој што на неповикано лице ќе му соопшти, ќе му предаде или на друг начин ќе му ги направи достапни податоците што со пропис или со одлука на надлежен орган на управување се прогласени за деловна тајна, ако оддавањето

на овие податоци предизвикало или можело да предизвика потешки штетни последици, како и тој што прибавува вакви податоци со намера да ги предаде на неповикано лице, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако податоците од ставовите 1 и 2 се од особена важност или ако оддавањето, односно прибавувањето на податоците е извршено заради нивно изнесување во странство, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Повреда на рамноправноста во вршењето на стопанска дејност

Член 282

(1) Тој што со злоупотреба на својата службена положба или овластување ќе го ограничи слободното движење на средства за репродукција на определено подрачје, ќе го одземе или ограничи правото на претпријатие и друго правно лице на определено подрачје да се занимава со промет на стоки и услуги, ќе стави правно лице во нерамноправна положба спрема други правни лица во поглед на условите за работа или за вршење промет на стоки и услуги или ќе го ограничи слободното вршење на дејноста или слободната размена на стоки и услуги, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што ќе ја искористи својата општествена положба или влијание да се изврши делото.

Спречување, ограничување или нарушување на конкуренција

Член 283

(1) Одговорно лице во правно лице кое ќе склучи договор или ќе учествува во склучување на договор, одлука или усогласено однесување, забранети со закон, кои имаат за цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, па поради тоа правното лице ќе се здобие со имотна корист од големи размери или ќе предизвика штета од големи размери,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Одговорното лице во правното лице ќе се ослободи од казна, доколку откриле или дало значителен придонес во откривањето на склучениот договор, донесена одлука или усогласено однесување забранети со закон, што имало за последица надлежниот орган за заштита на конкуренцијата во постапка за утврдување на постоење на картел, согласно со правилата за заштита на конкуренцијата да определи ослободување, односно намалување на глобата на правното лице.

Нелојална конкуренција во работи на надворешно-трговскиот промет

Член 284

(1) Застапник или претставник на домашно правно лице кој знаејќи дека друго домашно правно лице претходно постигнало спогодба со странска фирма за работа во надворешно-трговскиот промет или дека претстои склучување договор за таа работа, ќе и даде понуда на таа фирма за продажба или за купување на ист вид стока, односно за извршување на иста услуга, па поради тоа странската фирма ќе се откаже од склучување на договорот или договорот ќе се склучи под понеповолни услови за домашното правно лице, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член се здобил со имотна корист од големи размери или предизвикал штета од големи размери,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.
(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,
ќе се казни со парична казна.

Вршење на јавен превоз без поседување лиценца

Член 284-а

Тој што врши јавен превоз без поседување лиценца,
ќе се казни со парична казна.

Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма

Член 285

(1) Тој што спротивно на прописите за индустриска сопственост со намера да измами купувачи или корисници на услуги ќе повреди туѓа заштитена трговска марка, туѓ заштитен индустриски дизајн, туѓа заштитена ознака на потеклото на производот и географска ознака,
ќе се казни со казна затвор
од најмалку три години.
(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со намера да измами купувачи неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба или складишти производи што се предмет на заштита на правата од ставот (1) на овој член.
(3) Тој што неовластено ќе употреби туѓа фирма или неовластено ќе внесе во својата фирма обележја од правата од ставот (1) на овој член,
ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.
(4) Тој што со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета,
ќе се казни со затвор од една до пет години
и парична казна.
(5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот
ќе се казни со затвор
од најмалку пет години.
(6) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.
(7) Предметите што се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.

Повреда на правото од пријавен или заштитен пронајдок и топографија на интегрални кола

Член 286

(1) Тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе поднесе пријава на патент или во пријавата нема да го наведе или лажно ќе го наведе пронаоѓачот или ќе ја направи достапна на јавноста суштината на пронајдокот пред тој да биде објавен на начин утврден со закон,

ќе се казни со парична казна
или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што со намера да оштети друг или да прибави противправна имотна корист неовластено ќе произведе, пушти во промет, увезе, извезе, понуди на продажба, складишти или користи производ или постапка која е предмет на заштита со патент или неовластено ќе употреби, репродуцира, увезе, извезе или дистрибуира заштитена топографија на интегрално коло или софтвер.

(3) Тој што со делото од ставовите (1) и (2) на овој член прибавил значителна имотна корист или предизвикал значителна имотна штета,
ќе се казни со затвор од една до пет години
и парична казна.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено од организирана група или со делото е предизвикана опасност за животот и здравјето на луѓето, сторителот
ќе се казни со парична казна
или со затвор од најмалку три години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(6) Предметите кои се направени или употребени за извршување на кривичното дело ќе се одземат.

Злоупотреба на овластување во стопанството

Член 287

(1) Одговорно лице кое со намера да прибави противправна имотна корист за правното лице во кое работи или за друго правно лице: создава или држи недозволени фондови во земјата или во странство или со составување на исправа со невистинита содржина, со лажен биланс, процена или инвентарисување или со друго лажно прикажување или со прикривање на факти ја прикажува невистинито состојбата и движењето на средствата и на резултатите на работењето и на тој начин ќе ги доведе во заблуда органите на управување во правното лице при донесувањето на одлуки, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни одговорно лице во правно лице со кое е склучен договор за сместување на стоковни резерви, кое стоките неовластено ги користи или ги оттуѓи или им ја промени намената или складишниот простор, или на друг начин располага со стоките спротивно на договорот.

(3) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Глава дваесет и шеста

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ НА ЛУЃЕТО И ИМОТОТ

Предизвикување општа опасност

Член 288

(1) Тој што со пожар, поплава, експлозија, отров или отровен гас, јонизирачко зрачење, моторна сила, електрична или друга енергија или со друго општо опасно дејствие или средство ќе предизвика значителна опасност за животот или телото на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни службено или одговорно лице кое нема да постави пропишани уреди за заштита од пожар, експлозија, поплава, отрови, отровни гасови или јонизирачки зрачења или овие уреди не ги одржува во исправна состојба или во случај на употреба не ги стави во дејствие или воопшто не постапува според прописите или техничките правила за мерките за заштита и со тоа предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имотот од големи размери.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено на место каде што се собрани поголем број луѓе, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Тој што делото од ставовите 1, 2 и 3 го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Предизвикување опасност при градежни работи

Член 289

(1) Одговорно лице кое при проектирање, раководење или изведување на некаква градба или градежни работи ќе постапи спротивно на прописите или на општопризнатите технички правила и со тоа предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Оштетување на заштитни уреди

Член 290

(1) Тој што во рудници, фабрики, работилници или воопшто во работата ќе уништи, оштети, ќе направи неупотребливи или ќе отстрани заштитни уреди и со тоа ќе предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Одговорно лице во рудник, фабрика, работилница или воопшто на работа што нема да постави заштитни уреди или не ги одржува во исправна состојба или во случај на потреба не ги стави во дејство или воопшто не постапува според прописите и техничките правила за заштита во работата и со тоа предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) При изрекување условна осуда за делото од ставовите 1, 2 и 3 судот на сторителот ќе му наложи услов во определен рок да ги постави заштитните уреди или да ги оспособи за дејство.

Уништување или оштетување јавни инсталации

Член 291

(1) Тој што ќе уништи, оштети, отстрани, измени или ќе ги направи неупотребливи инсталациите за јавна употреба на вода, топлина, плин или енергија или инсталациите на системите за врски и со тоа ќе предизвика значително нарушување на редовниот живот на граѓаните или стопанското работење, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Тешки дела против општата сигурност

Член 292

(1) Ако поради делото од членовите 288 ставови 1, 2 и 3, 289 став 1, 290 ставови 1 и 2 и 291 став 1 настапи тешка телесна повреда на некое лице или поголема имотна штета, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Ако поради делото од членовите 288 ставови 1, 2 и 3, 289 став 1, 290 ставови 1 и 2 и 291 став 1, настапи смрт на едно или повеќе лица сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.

(3) Ако поради делото од членовите 288 став 4, 289 став 2, 290 став 3 и 291 став 2 настапи тешка телесна повреда на некое лице или поголема имотна штета, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци од пет години.

(4) Ако поради делото од членовите 288 став 4, 289 став 2, 290 став 3 и 291 став 2 настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Оштетување брани

Член 293

Тој што ќе оштети брани или уреди што служат како заштита од природни непогоди, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Неотстранување опасност

Член 294

(1) Тој што со навремена пријава до надлежен орган или на друг начин не ќе преземе мерки за отстранување пожар, поплава, експлозија, сообраќајна несреќа или некаква друга опасност за животот или телото на луѓето или за имот од значителен обем иако тоа можел да го стори без ризик за себе или за друг, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што со одвраќање или на друг начин ќе спречи друг во преземање мерки за отстранување на пожар, експлозија, сообраќајна несреќа или друга опасност за животот или телото на луѓето или за имот од големи размери, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Неовластено производство и промет со општоопасни материи

Член 295

(1) Тој што јонизирачки или други материи кои можат да предизвикаат општа опасност за животот на луѓе или имот од значителна вредност, неовластено изработува, произведува, собира, крие или на друг му овозможува до нив неовластено да дојде или непрописно да ги пренесе, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што спротивно на прописите за промет на експлозив или лесно запалив материјал ќе го предаде таквиот материјал за превоз со јавни превозни средства или самиот го пренесува користејќи јавни превозни средства.

(3) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Неучество во отстранување општа опасност

Член 296

Тој што спротивно на наредба или повик на надлежен орган или организација без оправдана причина ќе одбие да учествува во отстранување опасност од пожар, поплава или слична општа непогода, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Глава дваесет и седма

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БЕЗБЕДНОСТА НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ

Загрозување на безбедноста на сообраќајот

Член 297

(1) Учесник во сообраќај на јавните патишта кој не се придржува кон прописите и со тоа ќе го загрози јавниот сообраќај така што ќе ги доведе во опасност животот или телото на луѓето или имот од значителен обем, па поради тоа некое лице телесно ќе биде повредено или ќе настапи значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од три месеци до три години и со парична казна.

(2) Тој што не се придржува кон прописите за безбедноста на автобуски, железнички, воздушен и бродски сообраќај, сообраќај на жичари или сообраќај со други средства за масовен јавен превоз и со тоа ќе предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имотот од значителен обем, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години и со парична казна.

(3) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Безобѕирно управување со моторно возило

Член 297-а

(1) Учесник во јавниот сообраќај кој не се придржува на прописите за безбедност во сообраќајот и со тоа ќе го загрози јавниот сообраќај безобѕирно управувајќи со моторно возило со концентрација на алкохол во крвта над 1,5 г/кг во крвта, со употреба на дроги, психотропни супстанции или прекурсори, возејќи во спротивна насока на јавен пат на кој коловозните ленти се физички одвоени една од друга или на автопат, претекнувајќи колона возила на непрегледно место или возејќи со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 50 км на час во населено место или за најмалку 70 км на час надвор од населено место, ќе се казни со затвор од три месеци до три години и со парична казна.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член, ќе се казни и тој што организира, учествува или на друг начин овозможува недозволени трки со возила, како и учесник во јавниот сообраќај кој управува моторно возило без положен возачки испит или доколку му е изречена санкција забрана на управување со моторно возило која е сè уште важечка во моментот на сторување на делото или санкција престанок на важење на возачката дозвола, при што нема нова важечка дозвола.

Загрозување на безбедноста на сообраќајот со опасно дејствие или средство

Член 298

(1) Тој што ќе уништи, отстрани или потешко оштети сообраќаен уред, средство или знак или уред за сигнализација што служи за безбедност на сообраќајот или ќе даде погрешен сигнал или знак или ќе постави пречка на сообраќајницата или на друг начин ќе ја загрози безбедноста на сообраќајот и со тоа ќе предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имот од значителен обем, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Несовесно вршење надзор над сообраќајот

Член 299

(1) Одговорно лице на кое му е доверен надзор врз состојбата и одржувањето на сообраќајници и објекти на нив, врз превозните средства или јавниот сообраќај или врз исполнувањето на пропишаните услови за работа на возач или на коешто му е доверено раководење со превоз, што со несовесно вршење на должноста ќе предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имот од значителен обем, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни одговорно лице кое ќе издаде налог за возење и ќе даде дозвола за превоз иако знаел дека возачот поради замор, болест, замаеност или поради други причини не е во состојба безбедно да управува со возилото или дека возилото не е исправно и со тоа ќе предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имот од значителен обем.

(3) Тој што делото од став 1 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот

Член 300

(1) Ако поради делото од членовите 297 ставови 1 и 2, 298 став 1 и 299 ставови 1 и 2 или некое лице е тешко телесно повредено или настапи имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години и со парична казна.

(2) Ако поради делото од членовите 297 ставови 1 и 2, 298 став 1 и 299 ставови 1 и 2 настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години и со парична казна.

(3) Ако поради делото од членовите 297 став 3, 298 став 2 и 299 став 3 настапи тешка телесна повреда на некое лице или имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Ако поради делото од членовите 297 став 3, 298 став 2 и 299 став 3 настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Задолжително изрекување на казната забрана на управување со моторно возило

Член 300-а

Под условите определени со членот 38-в од овој законик, за кривичните дела од членовите 297 ставови (1) и (2), 297-а и 300 ставови (1) и (2), судот на сторителот ќе му изрече забрана на управување со моторно возило во траење од шест месеци до 10 години.

Одземање на моторно возило со кое е сторено кривично дело

Член 300-б

(1) Под условите определени со членот 100-а од овој законик, од сторителот ќе се одземе возилото со кое е сторено делото од членот 297 став (1), членот 297-а ставови (1) и (2) или од членот 300, кое е во сопственост на сторителот, доколку тој во моментот на сторување на делото немал право да управува со моторно возило.

(2) Доколку возилото од ставот (1) на овој член е во сопственост на трето лице, ќе се одземе само доколку тоа лице знаело или било должно да знае дека сторителот немал право да управува со моторно возило.

(3) Под условите определени со членот 100-а од овој законик, од сторителот може да се одземе возилото со кое е сторено делото од членот 297 став (1), член 297-а ставови (1) и (2) или од членот 300 доколку возел со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место, кое е во сопственост на сторителот.

(4) Под условите определени со членот 100-а од овој законик, од сторителот ќе се одземе возилото со кое е сторено делото од членот 297 став (1), член 297-а ставови (1) и (2) или од членот 300, доколку возел со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место кое е во сопственост на сторителот, под услов тој и претходно да е осудуван за кривично дело против безбедноста на јавниот сообраќај кое го сторил со надминување на дозволената брзина најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место.

Неукажување помош на лице повредено во сообраќајна незгода

Член 301

(1) Возач на моторно возило или на друго превозно средство кој ќе остави без помош лице повредено со тоа превозно средство, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако поради неукажување помош настапила тешка телесна повреда или смрт на повредениот, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Напад на воздухоплов, брод или неподвижна платформа

Член 302

(1) Тој што со сила или сериозна закана ќе ја преземе контролата над воздухоплов во лет, брод што плови или неподвижна платформа,

ќе се казни со затвор од три до петнаесет години.

(2) Тој што ќе примени сила или сериозна закана на воздухоплов во лет, брод што плови или неподвижна платформа или постави уред или предмет со кој може да се уништи или предизвика штета на воздухопловот, бродот или неподвижната палтформа, а со тоа може да се загрози сигурноста на летот или пловидбата,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Тој што со цел да уништи или оштети воздухоплов во лет, брод што плови или негов товар или неподвижна платформа, употреби огенено оружје или предизика експлозија или пожар,

ќе се казни со затвор од три до петнаесет години.

(4) Ако поради делата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член настапи смрт на едно или повеќе лица или е предизвикано уништување на воздухоплов, брод или неподвижна платформа или е предизвикана имотна штета од големи размери, сторителот,

ќе се казни со казни со затвор од најмалку пет години.

(5) Ако сторителот за време на извршување на делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член со умисла ќе лиши од живот едно или повеќе лица,

ќе се казни со затвор најмалку десет години.

Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај

Член 303

(1) Тој што во воздухоплов ќе внесе експлозивна или слична направа или супстанција, ќе ги уништи или оштети уредите за навигација или ќе предизвика друга штета на воздухопловот, ќе даде лажни известувања во врска со летот, непрописно или неправилно ќе управува со летот, ќе изврши акт на насилство на лице во воздухопловот за време на летот, ќе ја пропушти должноста за надзор врз безбедноста на воздушниот сообраќај или на друг начин ќе ја доведе во опасност безбедноста на летот во воздухопловот, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што ќе изврши дело со кое ја загрозува или може да ја загрози безбедноста на аеродром за меѓународен воздушен сообраќај со користење на уред, материја или оружје, незаконски и со намера да изврши дело на насилство против лице на аеродром за меѓународен воздушен сообраќај со кое предизвикува или може да предизвика тешка повреда или смрт, или да уништи или оштети уреди, објекти или воздухоплов кој не е во сообраќај, а е лоциран на аеродром за меѓународен воздушен сообраќај или ги попречува услугите на аеродром за меѓународен воздушен сообраќај,

ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(3) Ако поради делото од ставовите (1) и (2) настапила смрт на едно или повеќе лица или е предизвикано уништување на воздухопловот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од ставовите (1) и (2) некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(5) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(6) Ако поради делото од став 5 настапила смрт на едно или повеќе лица, или е предизвикано уништување на воздухопловот, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Уништување или отстранување знак што служи за безбедност на воздушниот сообраќај

Член 304

Тој што ќе уништи, оштети или отстрани знак за безбедност на воздушниот сообраќај, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Глава дваесет и осма

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА

Велепредавство

Член 305

Тој што со употреба на сила или сериозна закана ќе се обиде да го измени уставниот поредок на Република Македонија или да ги собори највисоките државни органи, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Признавање на окупација

Член 306

Граѓанин на Република Македонија кој ќе признае окупација на Република Македонија или на нејзин одделен дел, ќе се казни со затвор најмалку десет години или доживотен затвор.

Загрозување на територијалната целина

Член 307

(1) Тој што со употреба на сила или сериозна закана со употреба на сила ќе се обиде да запоседне, да отцепи дел од територијата на Република Македонија или дел од таа територија да припои кон друга држава, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(2) Тој што со употреба на сила или сериозна закана со употреба на сила ќе се обиде да ги измени границите на Република Македонија, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Загрозување на независноста

Член 308

Граѓанин на Република Македонија кој ќе ја доведе Република Македонија во положба на потчинетост или зависност спрема некоја друга држава, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Убиство на претставници од највисоките државни органи

Член 309

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе го лиши од живот претседателот на Републиката, на Собранието, на Владата, на Уставниот суд или на Врховниот суд на Република Македонија или јавниот обвинител на Република Македонија ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Грабнување претставници на највисоките државни органи

Член 310

(1) Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе изврши грабнување на претседател на Републиката, на Собранието, на Владата, на Уставниот суд или на Врховниот суд на Република Македонија или јавниот обвинител на Република Македонија, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Сторителот на делото од став 1 кој грабнатата личност доброволно ќе ја пушти на слобода пред да биде откриен, може да се ослободи од казна.

Насилство спрема претставници на највисоките државни органи

Член 311

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија со сила или со сериозна закана ќе го спречи нешто да стори или ќе го присили нешто да стори или да не стори во вршењето на неговата должност претседателот на Републиката, на Собранието, на Владата, на Уставниот суд или на Врховниот суд на Република Македонија или јавниот обвинител на Република Македонија, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Вооружен бунт

Член 312

(1) Тој што учествува во вооружен бунт насочен кон загрозување на уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(2) Организаторот или поттикнувачот на бунтот, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста

Член 313

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе предизвика или сериозно ќе се закани со предизвикување експлозија, пожар, поплава или друго општоопасно дејствие или акт на насилство, создавајќи чувство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

Диверзија

Член 314

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе уништи или ќе оштети индустриски, земјоделски или друг стопански објект, сообраќајно средство, систем за врски, систем за снабдување со вода, топлина, гас или друг вид енергија, брана или друг објект од поголемо значење за стопанството или за редовниот живот на граѓаните, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Саботажа

Член 315

Тој што во вршењето на својата работна обврска со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија на прикриен, подмолен или друг начин, ќе предизвика значителна штета за државен орган, установа или правно лице во кое работи или за друг државен орган, установа или правно лице, ќе се казни со затвор најмалку три години.

Шпионажа

Член 316

(1) Тој што државната тајна ќе ја соопшти, предаде или ќе ја стори достапна на странска држава, организација или на лице кое им служи, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(2) Тој што за странска држава или организација ќе создаде разузнавачка служба во Република Македонија или ќе раководи со неа, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Тој што ќе стапи во странска разузнавачка служба, ќе прибира за неа податоци или на друг начин ќе ја помага нејзината работа, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Тој што прибавува тајни податоци или документи со намера да ги соопшти или предаде на странска држава, организација или на лице кое им служи, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(5) Ако делото од ставовите 1 и 4 е сторено за време на војна или непосредна воена опасност или предизвикало тешки последици за безбедноста, економската или воената моќ на Република Македонија, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(6) Како државна тајна се сметаат податоците или документите што со закон или со друг пропис или со одлука на надлежниот орган донесени врз основа на закон, се прогласени за државна тајна и чие откривање имало или можело да има штетни последици за политичките, економските или воените интереси на Република Македонија.

Оддавање државна тајна

Член 317

(1) Тој што на јавноста или на неповикано лице ќе соопшти, предаде или стори достапна државна тајна што му е доверена, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што на јавноста или на неповикано лице ќе му соопшти, предаде или стори достапни податоци или документи за кои знае дека се државна тајна, а до кои дошол на противправен начин, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од став 1 е извршено за време на војна или непосредна воена опасност или довело до загрозување на безбедноста на економската или воената моќ на Република Македонија сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(4) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Повикување на насилна промена на уставниот поредок

Член 318

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, јавно или со ширење списи повикува или поттикнува на непосредно извршување или го поддржува извршувањето на делата од членовите 307 до 317, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа

Член 319

(1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Тој којшто делото од ставот (1) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

Повреда на територијалниот суверенитет

Член 320

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе навлезе на територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Спречување на борба против непријателот

Член 321

(1) Граѓанин на Република Македонија кој за време на војна или вооружен судир ги спречува граѓаните на Република Македонија или граѓаните на нејзините сојузници да водат борба против непријателот, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(2) Граѓанин на Република Македонија кој за време на војна или вооружен судир ги одвраќа граѓаните на Република Македонија или граѓаните на нејзините сојузници да водат борба против непријателот, ќе се казни со затвор најмалку една година.

Служба во непријателска војска

Член 322

(1) Граѓанин на Република Македонија кој за време на војна или вооружен судир служи во непријателска војска или во други непријателски вооружени формации или учествува во војна или вооружен судир како борец против Република Македонија или нејзините сојузници, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Тој што врбува граѓанин на Република Македонија за служба во непријателска војска или во други непријателски вооружени формации или за учество во војна или вооружен судир против Република Македонија или нејзините сојузници, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации

Член 322-а

(1) Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија,

ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(2) Тој што спротивно на закон на било кој начин, директно или индиректно, нуди, дава, обезбедува, бара, собира или прикрива финансиски средства, фондови, материјални средства или опрема кои целосно или делумно се наменети за извршување на делото од став (1) на овој член,

ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(3) Државјанин на Република Македонија кој спротивно на закон учествува во или се обучува од страна на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија,

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(4) Тој што спротивно на закон на собир, преку пишан текст, со аудио - визуелни снимки, преку социјалните мрежи или со било кој друг облик на комуникација повикува, со ширење или ставање на кој било друг начин на располагање на јавноста порака, или врбува или поттикнува друг на извршување на делата од ставовите (1), (2) или (3) на овој член,

ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(5) Ако делото од ставовите од (1), (2), (3) или (4) на овој член е сторено врз дете, сторителот

ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

(6) Тој што го сокрива извршителот на делото од ставовите (1), (2), (3), (4) или (5) на овој член, или помага во спречување на откривањето на делото или извршителот преку сокривање на средствата со кои е извршено делото, доказите или на било кој друг начин,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(7) Сторителот на делото од овој член кој ќе ги открие сторителите од ставовите (1), (2), (3), (4) или (5) на овој член,

може да се ослободи од казна.

(8) За делото од ставот (3) на овој член нема да се казни сторителот кој има државјанство на државата во чии регуларни воени или полициски формација учествува, или кој е член на воени или паравоени формации или полициски сили под контрола на меѓународно признати влади или меѓународни организации.

(9) Обидот е казнив.

(10) Средствата и предметите употребени за извршување на делото, се одземаат.

Помагање на непријателот

Член 323

Граѓанин на Република Македонија кој за време на војна го помага непријателот во спроведувањето на реквизиција, одземање храна или друг имот или во спроведување други присилни мерки спрема населението, ќе се казни со затвор најмалку една година.

Здружување заради непријателска дејност

Член 324

(1) Тој што создава заговор, банда, група или друго здружение на лица или организација заради вршење на кривичните дела од членовите 305 до 311, 313, 314, 315, 321 и 322 став 2,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(2) Тој што ќе стане припадник на здружението од став 1, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Сторителот на делото од став 1 кој со откривање на здружението или на друг начин, ќе го спречи извршувањето на кривичните дела предвидени во став 1, ќе се казни со затвор од три месеци до три години, а може и да се ослободи од казната.

(4) Припадник на здружение од став 1 кој ќе го открие здружението пред да стори во негов состав или за него некое кривично дело предвидено во тој став, ќе се ослободи од казната.

(5) Предметите и средствата наменети за подготвување на делата, како и средствата за финансирање на здружението се одземаат.

Криење и помагање на сторител по извршено кривично дело

Член 325

(1) Тој што крие сторител на кривично дело од членовите 305 до 317 и 324 му дава засолниште, храна, пари или други средства, му служи за одржување врска, презема дејствија насочени кон спречување на неговото откривање или фаќање или на друг начин му укажува помош, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Казната за делото од став 1 не може да биде потешка според видот ниту според висината од казната пропишана за кривичното дело извршено од сторителот на кого му е помогнато.

(3) Нема да се казни лицето на кое сторителот од делата наведени во став 1 му е брачен другар, лице кое со него живее во трајна вонбрачна заедница, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник, како и нивните брачни другари или лицата со кои живеат во трајна вонбрачна заедница.

Казнување за подготвување

Член 326

Тој што подготвува извршување на кривично дело (член 18 став 3) од членовите 309, 312, 313 и 314 ќе се казни со затвор од три до десет години.

Казнување за најтешките форми на кривични дела

Член 327

(1) Ако со кривичното дело од член 305, член 307 и од членовите 312 до 315 е предизвикана смрт на едно или повеќе лица или имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(2) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот со умисла лишил од живот едно или повеќе лица, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни и тој што ќе стори кривично дело од членовите 305, 306 и 307, од 312 до 316 и член 324 за време на војна или непосредна воена опасност.

Глава дваесет и деветта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ

Неизвршување и одбивање извршување наредба

Член 328

(1) Воено лице кое не ќе изврши или ќе одбие да изврши наредба на претпоставен во врска со службата, па поради тоа ќе настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Воено лице кое од небрежност не ќе ја изврши наредбата на претпоставениот од став 1, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(3) Нема кривично дело ако военото лице одбие да изврши незаконита наредба.

Одбивање на примање и употреба на оружје

Член 329

(1) Воено лице кое надвор од случајот определен со закон ќе одбие да прими оружје или да го употреби по наредба или според правилата на службата, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Воен обврзник кој без оправдана причини ќе одбие да прими оружје од надлежниот орган што надвор од случаите определени со закон му се доделува во врска со службата во резервниот состав на вооружените сили, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Спротивставување на претпоставен

Член 330

(1) Воено лице кое заедно со други воени лица ќе се спротивстави на наредба на претпоставен во врска со службата и не сака да ја изврши или ќе одбие да ја врши својата должност, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е извршено организирано, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако делото од ставовите 1 и 2 е извршено со употреба на оружје, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година.

(4) Военото лице кое при извршувањето на делото од став 3 ќе лиши од живот друг поради небрежност, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(5) Военото лице кое при извршувањето на делото од ставовите 1 и 2 ќе лиши од живот друг со умисла, ќе се казни со затвор најмалку пет години или со доживотен затвор.

(6) Воен старешина кој во случај на делото од ставовите 1, 2 и 3 и став 5 не ќе преземе потребни мерки да се воспостави ред, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Спротивставување на стражар, стража, патрола, дежурен или на друго воено лице во слична служба

Член 331

Воено лице кое му се спротивставува на стражар, стража, патрола, на дежурен или на друго воено лице во слична служба додека ја врши својата службена должност, како и воено лице кое не ќе го послуша нивниот повик или не ќе ја изврши или ќе одбие да ја изврши нивната наредба, па поради тоа ќе настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

Присилба спрема воено лице во вршењето на службената должност

Член 332

(1) Тој што со сила или со закана дека непосредно ќе употреби сила, ќе спречи воено лице во вршењето на службената должност или ќе го присили на вршење на службена должност, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Обидот за делото од став 1 е казнив.

(3) Ако поради извршување на делото од став 1 настапиле тешки последици за службата, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Напад врз воено лице во вршењето на службата

Член 333

(1) Тој што ќе нападне или сериозно се заканува дека ќе нападне воено лице во вршењето на службата, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот му нанел на военото лице телесна повреда или се заканувал со употреба на оружје, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако при извршувањето на делото од став 1 на воено лице му е нанесена тешка телесна повреда или настапиле тешки последици за службата, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот со умисла го лишил од живот военото лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Поблаго казнување за делата од член 328 и членовите 330 до 333

Член 334

Ако сторителот на делата од член 328 ставови 1 и 3, член 330 став 1, член 331, член 332 ставови 1 и 2 и член 333 ставови 1 и 2 бил предизвикан со незаконито или грубо постапување на военото лице, може да се казни поблаго или да се ослободи од казна.

Малтретирање на потчинет или помлад

Член 335

(1) Воен старешина кој во службата или во врска со службата малтретира потчинет или помлад или со него постапува на начин со кој се навредува човечкото достоинство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако делото од став 1 е извршено спрема повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Повреда на стражарска, патролна или на друга слична служба

Член 336

(1) Воено лице кое ќе постапи спротивно на прописите за стражарска патролна служба, служба на дежурен или за друга слична служба, па поради тоа ќе настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 е сторено кај склад за оружје, муниција или експлозивен материјал или кај друг објект од големо значење, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако поради делото од ставовите 1 и 2 настапила тешка телесна повреда на некое лице или имотна штета од големи размери или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Ако поради делото од ставовите 1 и 2 настапила смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(5) Ако делата од ставовите 1 до 4 се сторени од небрежност, сторителот ќе се казни за делото од став 1 со затвор до шест месеци, за делото од став 2 со парична казна или со затвор до една година, за делото од став 3 со парична казна или со затвор до три години и за делото од став 4 со парична казна или со затвор до пет години.

Повреда на чувањето на државната граница

Член 337

(1) Воено лице кое вршејќи ја службата на границата ќе постапи спротивно на прописите за чувањето на државната граница, па поради тоа ќе настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда или имотна штета од големи размери или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако поради делото од став 1 настапила смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако поради делото од став 4 настапила последица од став 2, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години, а ако настапила последица од став 3, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Поднесување на невистинити рапорти и извештаи

Член 338

(1) Воено лице кое во вршењето на должноста ќе поднесе рапорт или извештај со невистинита содржина или во рапортот или извештајот ќе премолчи некој факт што не смеело да го премолчи, па поради тоа ќе настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 е извршено со поднесување извештај или рапорт од особена важност поради што настапиле тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од став 2 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Непреземање мерки за заштита на воена единица

Член 339

(1) Воен старешина кој не ќе преземе пропишани, дадени со наредба или други очигледно потребни мерки за чување на животот и здравјето на луѓето што му се доверени, за осигурување и одржување во исправна состојба на објектите, предметите и средствата што служат за борбена готовност, за уредно снабдување на единицата што му е доверена со храна, опрема или материјал, за чување и нега на добиток или навреме и уредно да се извршат осигурителни работи или обезбедување на објектите што му се доверени, па со тоа ќе го доведе во опасност животот на луѓето или тешко ќе го загрози здравјето на луѓето или имотот од голема вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда или имотна штета од поголеми размери или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако поради делото од став 1 настапила смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако поради делото од став 4 настапила последица од став 2, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години, а ако настапила последицата од став 3, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Необезбедување при воени вежби

Член 340

(1) Воено лице кое при вежба, обука или во вршењето опит не ќе преземе пропишани, дадени со наредба или очигледно потребни мерки за обезбедување или претпазливост, па со тоа ќе го доведе во опасност животот на луѓето или тешко ќе го загрози здравјето на луѓето или имотот од голема вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда или имотна штета од поголеми размери или настапиле други тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако поради делото од став 1 настапила смрт на некое лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако поради делото од став 4 настапила последицата од став 2, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години, а ако настапила последицата од став 3, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Неодзивање на позив и одбегнување на воена служба

Член 341

(1) Тој кој без оправдана причина, иако е повикан со поединечна покана или со општа покана нема да се јави во определено време кај надлежниот државен орган во врска со воведувањето на воена евиденција, лекарски преглед, регрутирање, служење на воениот рок, соопштување на воен распоред или учество на воена вежба, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што се крие за да ја одбегне обврската од став 1, иако е повикан со поединечна или со општа покана, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Тој што ќе ја напушти земјата или ќе остане во странство за да одбегне регрутирање или служење на воениот рок, воена вежба или друга воена служба, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Тој што повикува или поттикнува повеќе лица на извршување на делата од ставовите 1, 2 и 3, ќе се казни за делото од став 1 со парична казна или затвор до три години, а за делото од ставовите 2 и 3, со затвор од една до десет години.

(5) Сторителот на делото од ставовите 2 и 3 кој доброволно ќе му се пријави на надлежниот државен орган, може да се казни поблаго или да се ослободи од казната.

Одбегнување на воена служба со онеспособување или измама

Член 342

(1) Тој што со намера да ја одбегне воената служба или да биде распореден на полесна должност, ќе се рани или на друг начин привремено ќе се онеспособи за воена служба или ќе му дозволи на друг привремено да го онеспособи, како и оној што друг со негово одобрение или без одобрение со иста намера привремено ќе го онеспособи, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако со извршување на делото од став 1 настапила трајна неспособност за воена служба, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Тој што со намера од став 1 симулира болест или ќе употреби лажна исправа за себе или за друг или ќе постапи на друг измамнички начин, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Противзаконито ослободување од воена служба

Член 343

Тој што со злоупотреба на својата положба или овластување ќе стори да се ослободи од должност или да се распореди на полесна должност воено лице или лице кое подлежи на воена обврска, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили

Член 344

(1) Воено лице кое самоволно ќе ја напушти својата единица или служба и нема да се врати на должност во рок од десет дена или во истиот рок нема да се врати на должност од дозволен престој надвор од единицата или службата, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казна од став 1 ќе се казни и воено лице кое повеќе од двапати и пократко од десет дена недозволено престојува надвор од својата единица или служба.

(3) Воено лице кое самоволно ќе ја напушти својата единица или служба за време на извршување на важна задача или зголемен степен на борбена готовност на единицата ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Воено лице кое се крие за да ја одбегне службата во вооружените сили или кое самоволно ќе ја напушти својата единица или служба и нема да се врати на должност во рок од 30 дена или во истиот рок нема да се врати од дозволен престој надвор од единицата или службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(5) Воено лице кое ќе ја напушти земјата или ќе остане во странство за да ја одбегне службата во вооружените сили, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(6) Воено лице кое подготвува бегство во странство за да ја одбегне службата во вооружените сили, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(7) Сторителот на делото од ставовите 3 и 4 кој доброволно ќе му се јави на надлежниот државен орган, може да се казни поблаго.

Несовесна изработка и преземање на воен материјал

Член 345

(1) Воено или друго лице не кое во претпријатие, во друга организација, заедница или установа која работи за потребите на одбраната му е доверено раководењето и контролата со производствениот или со друг стопански процес или надзорот над нив, кое несовесно ја врши обврската што му е доверена, па поради тоа оружјето, муницијата, експлозивот или друго борбено средство не ќе бидат изработени навреме или не му одговараат на определениот квалитет, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Со казна од став 1 ќе се казни воено лице кое вршејќи ја несовесно службата ќе прими предмети за снабдување, опрема или вооружување на војската што не им одговараат на пропишаните услови или на договорот.

(3) Ако поради делата од ставовите 1 и 2 настапиле тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако делата од ставовите 1 и 2 се сторени од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако поради делото од став 4 настапила последицата од став 3, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Непрописен и невнимателен однос спрема доверено оружје

Член 346

(1) Тој што непрописно или невнимателно држи, чува или ракува со доверено оружје, муниција или експлозив што му припаѓа на воена единица или воена установа и со тоа предизвика нивно оштетување во поголема мера, уништување или исчезнување, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ракувач на склад за оружје, муниција, експлозив и на други борбени средства, кој не ќе преземе мерки за нивно обезбедување или одржување, па поради тоа ќе настапи оштетување, уништување или исчезнување на тие борбени средства, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(3) Ако поради делото од став 2 настапила имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако делото од став 2 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Ако поради делото од став 4 настапила последицата од став 3, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Противзаконито располагање со доверено оружје

Член 347

Тој што ќе присвои, отуѓи, заложи, му предаде на друг на користење, оштети или уништи оружје, муниција или експлозив што му се доверени на употреба кои служат за потребите на одбраната на Република Македонија, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Кражба на оружје или дел од борбено средство

Член 348

(1) Тој што ќе украде оружје, муниција, експлозив или дел од борбено средство кое служи за потребите на одбраната на Република Македонија, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако вредноста на предметите од став 1 преминува поголема имотна вредност или ако кражбата е сторена со обивање или со провалување на затворени згради, соби, каси, ормани или други затворени простории или од страна на повеќе лица кои се здружиле за вршење на кражба или на особено опасен или дрзок начин или од страна на лице кое кај себе имало оружје или опасно орудие заради напад или одбрана или за време на пожар, поплава или слична несреќа, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако вредноста на предметите од став 1 е значителна, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Одавање на воена тајна

Член 349

(1) Воено или друго лице кое, спротивно на своите должности за чување на воена тајна, ќе му соопшти, предаде на друг или на друг начин ќе му ги стори достапни податоците кое се воена тајна или прибавува такви податоци со намера да му ги предаде на неповикано лице, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од користољубие или во однос на особено доверливи податоци или заради објавување или користење на податоците во странство, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година.

(3) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Како воена тајна се сметаат податоците или документите што со закон, со друг пропис или со одлука на надлежен орган донесени врз основа на закон се прогласени како воена тајна и чие откривање имало или можело да има потешки штетни последици за вооружените сили и за нивните подготовки за одбрана на Република Македонија.

Неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства

Член 350

(1) Тој што заради извидување неовластено ќе влезе во воен објект иако знаел дека пристапот е забранет, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што неовластено прави скици или цртежи на воени објекти или на борбени средства или ги фотографира, односно на друг начин ги снима, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Услови за изрекување на дисциплинска казна, односно мерка

Член 351

За кривично дело против вооружените сили за кое е пропишана казна затвор до три години, наместо кривична санкција, може на воено лице да му се изрече дисциплинска казна, односно мерка утврдена со закон ако делото добило особено лесен вид и ако тоа го бараат интересите на службата.

Одговорност за кривично дело извршено по наредба на претпоставениот

Член 352

Нема да се казни потчинетиот ако стори кривично дело по наредба на претпоставениот, а таа наредба се однесува на службената должност, освен ако наредбата била насочена кон извршување на воено злосторство или друго тешко кривично дело или ако знаел дека извршувањето на наредбата претставува кривично дело.

Глава триесетта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ

Злоупотреба на службената положба и овластување

Член 353

(1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква имотна корист или на друг ќе предизвика штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ако не се исполнети законските обележја на друго потешко кривично дело, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член прибави поголема имотна корист или нанесе поголема штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(4) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорното лице, одговорното лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Северна Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на законско овластување или должност.

(5) Службено лице или одговорно лице кое, спротивно на закон, набави стоки, услуги или работи без да спроведе постапка за јавна набавка во случаите кога било должно да ја спроведе или направи измени на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба за време на нивната важност спротивно на закон над законски утврдениот вредносен праг, ќе се казни со затвор од една до осум години, а доколку со делото од овој став е прибавена имотна корист од големи размери или е причинета имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од четири до 10 години.

Повреда на чување на државната граница

Член 353-а

(1) Службено лице кое вршејќи ја службата на границата ќе постапи спротивно на прописите за чување на државната граница, па поради тоа ќе настапат потешки штетни последици за службата или службата е потешко загрозена,

ќе се казни со затвор

од три месеци до три години.

(2) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда или имотна штета од големи размери или настапиле други тешки последици,

сторителот ќе се казни со затвор

од шест месеци до пет години.

(3) Ако поради делото од став 1 настапила смрт на некое лице,

сторителот ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(4) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност,

сторителот ќе се казни со парична казна

или со затвор до една година.

(5) Ако поради делото од став 4 настапила последица од став 2,

сторителот ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години,

а ако настапила последица од став 3,

сторителот ќе се казни со затвор

од една до пет години.

Неизвршување наредба

Член 353-б

(1) Службено лице кое при вршење на должност што се однесува на спречување и откривање на кривични дела, фаќање на сторители на кривични дела или одржување на јавниот ред, мир и безбедноста на земјата не изврши или одбие да изврши наредба на претпоставен да преземе некое службено дејствие, па поради тоа ќе настапи потешка повреда на правата на друг, потешко нарушување на јавниот ред и мир, или значителна имотна штета,

ќе се казни со затвор
од три месеци до три години.

(2) Службено лице кое од небрежност нема да ја изврши наредбата на претпоставениот од став 1,
ќе се казни со парична казна или
со затвор до една година.

(3) Нема кривично дело ако службеното лице одбие да изврши незаконита наредба.

Несовесно работење во службата

Член 353-в

(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое со повреда на законските одредби за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор, стекне за себе или за друг некаква имотна корист или на друг ќе му предизвика штета, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член стекне поголема имотна корист или предизвика поголема имотна штета или потешко ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член стекне значителна имотна корист или предизвика значителна штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорното лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Северна Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.

(6) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со казна затвор до една година.

Проневера во службата

Член 354

(1) Службено лице кое со намера да прибави за себе или за друг противправна имотна корист ќе присвои пари, хартии од вредност или други подвижни предмети доверени во службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Ако сторителот на делото од став 1 прибавил поголема имотна корист, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако сторителот на делото од став 1 прибавил значителна имотна корист, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(4) Ако сторителот на делото од став 1 прибавил мала имотна корист и одел кон тоа да прибави таква имотна корист, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.

Измама во службата

Член 355

(1) Службено лице кое во вршење на службата со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со поднесување лажни сметки или на друг начин ќе доведе во заблуда овластено лице да изврши незаконита исплата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Ако со делото од став 1 е прибавена поголема имотна корист, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(3) Ако со делото од став 1 е прибавена значителна имотна корист, сторителот ќе се казни со затвор најмалку три години.

(4) со Казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија, или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

Послужување во службата

Член 356

Службено лице кое неовластено ќе се послужи со пари, со хартии од вредност или со други подвижни предмети доверени во службата или овие предмети неовластено ќе му ги даде на друг да се послужи, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Примање поткуп

Член 357

(1) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши,

ќе се казни со затвор од четири до десет години.

(2) Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг, за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Службено лице кое по извршувањето или неизвршувањето на службеното дејствие наведено во ставовите (1) и (2) на овој член во врска со него ќе побара, ќе прими или ќе се согласи да прими подарок или друга корист,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Ако со делото е прибавена поголема имотна корист, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(5) Ако со делото е прибавена значителна имотна корист, сторителот

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(6) Со казната од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член ќе се казни и одговорно лице, лице кое врши работи од јавен интерес, како и странско службено лице.

(7) Примениот подарок или имотната корист ќе се одземат.

Давање поткуп

Член 358

(1) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или тој што посредува при ова,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) За делото од ставовите (1) и (2) на овој член судот може да го казни поблаго сторителот кој дал или ветил поткуп по барање од службено лице и тоа го пријави пред да дознае дека делото е откриено.

(4) Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 се применуваат и кога поткуп е даден или ветен на одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице, лице кое врши работи од јавен интерес и странско службено лице, во врска со делото од член 357.

(5) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(6) Дадениот подарок или имотна корист ќе се одземат.

Давање награда за противзаконито влијание

Член 358-а

(1) Тој што на друг директно или индиректно ќе му даде награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист, за него или за трето лице, за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши определено службено дејствие што би морало да се изврши или да не изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши,

ќе се казни со затвор од една до три години.

(2) Тој што наградата, подарокот или другата корист, ветувањето или понудата за таква корист, директно или индиректно, ќе ги даде на друг за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото од ставот (2) на овој член е сторено во врска со покренување или водење кривична постапка против определено лице,

сторителот ќе се казни со затвор од три до пет години.

(4) Тој што на друг директно или индиректно ќе му даде награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист, за него или за трето лице, за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнуваува

или на друг начин влијае кај одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што врши дејност во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес да изврши или да не изврши дејствие што е спротивно на неговата должност,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е сторено по барање на лицето кое треба противзаконито да посредува, а сторителот го пријавил пред да биде откриено или пред да дознае дека е откриено може да се ослободи од казна.

(6) Наградата, подарокот или другата корист ќе се одземат.

Примање награда за противзаконито влијание

Член 359

(1) Тој што директно или индиректно ќе прими награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист за себе или за трето лице за да со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши службено дејствие што морало да се изврши или да не се изврши што не смеело да се изврши,

ќе се казни со затвор од една до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, ќе бара, интервенира, поттикнува или на друг начин ќе влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши.

(3) Ако делото од став 2 е сторено во врска со покренување или водење кривична постапка против определено лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Тој што со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, за награда, подарок или друга корист, или ветување за таква корист бара, интервенира, поттикнуваува или на друг начин влијае кај одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што врши дејност во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, да изврши или да не изврши дејствие што е спротивно на неговата должност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(5) Ако делото од став 4 имало за последица противзаконито стекнување или губење на права, или стекнување поголема имотна корист или нанесување поголема штета за друг, домашно или странско правно лице, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.

(7) Ако за посредувањето од ставовите 2 и 3 е примена награда или друга корист, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Противправно стекнување и прикривање имот

Член 359-а

(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба или нејзина промена ќе

даде лажни или непотполни податоци за својот имот или имотот на членовите на неговото семејство, кој во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи,

ќе се казни со затвор од шест месеца до пет години

и со парична казна.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал кое, кога во законски уредена постапка ќе се утврди дека за време на вршењето на функцијата или должноста тоа или член на неговото семејство стекнал имот што во значителна вредност ги надминува неговите законски приходи, дава лажни податоци или ги прикрива неговите вистински извори.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е сторено во однос на имот кој во големи размери ги надминува неговите законски приходи, сторителот

ќе се казни со затвор од една до осум години

и со парична казна.

(4) За делата од ставовите (2) и (3) на овој член сторителот нема да се казни ако во постапката пред судот даде прифатливо објаснување за потеклото на имотот.

(5) Имотот кој ги надминува приходите што сторителот законски ги остварува и за кои дал лажни или непотполни податоци или не дава податоци или ги прикрива неговите вистински извори се конфискува, а ако неговото конфискување не е можно од сторителот се конфискува негов друг имот што одговара на неговата вредност.

(6) Имотот од ставот (5) на овој член се конфискува и од членовите на семејството на сторителот за кои е остварен или врз кои е пренесен ако е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност, како и од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност.

Одавање службена тајна

Член 360

(1) Тој што на јавноста или на неповикано лице ќе соопшти, предаде или на друг начин ќе му ги стори достапни податоците што претставуваат службена тајна или прибавува такви податоци со намера да ги соопшти или предаде на јавноста или на неповикано лице, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено од користољубие или заради користење на податоците во странство, сторителот ќе се казни со затвор најмалку една година.

(3) Ако делото од став 1 е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(4) Како службена тајна се сметаат податоците или документите што со закон, со друг пропис или со одлука на надлежниот орган донесени врз основа на закон се прогласени како службена тајна и чие откривање има или може да има штетни последици за службата.

Злоупотреба на државна, службена или воена тајна

Член 360-а

(1) Службено лице кое ќе искористи податоци што претставуваат државна, службена или воена тајна со намера за прибавување за себе или за друг некаква корист или нанесување штета на друг,

ќе се казни со затвор
од три месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што по престанокот на службата, со иста намера ќе ги искористи таквите податоци или ќе му ги соопшти, предаде или стори достапни на друг на користење.

Фалсификување службена исправа

Член 361

(1) Службено лице кое во службена исправа, книга или спис ќе внесе невистинити податоци или нема да внесе некој важен податок или со свој потпис, односно со службен печат ќе завери службена исправа, книга или спис со невистинита содржина или со свој потпис односно со службен печат ќе овозможи правење службена исправа, книга или спис со невистинита содржина, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и службено лице кое исправите од тој став ќе ги употреби во службата како да се вистинити или ќе ги уништи, прикрие или во поголема мера ќе ги оштети или на друг начин ќе ги направи неупотребливи.

(3) Одговорно лице во правно лице кое располага со државен или општествен имот кое ќе ги стори делата од ставовите 1 и 2 ќе се казни со казната пропишана за тие дела.

Противзаконита наплата и исплата

Член 362

Службено лице или одговорно лице во правно лице кое располага со државен или општествен имот кое од некого ќе наплати износ што тој не е должен да го плати или ќе му наплати повеќе отколку што е должен да плати или кое при исплатата или предавањето на предметите ќе исплати или ќе предаде помалку отколку што бил должен, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Гонење за кривичните дела против службената должност

Член 362-а

За делата од членовите 357, 358 и 359 на овој законик сторени во странство од лице кое не е државјанин на Република Македонија, гонењето се презема по одобрение на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност

Член 362-б

Под условите определени со членот 38-б од овој законик за кривичните дела од членовите 357, 358 и 359 судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до десет години.

Глава триесет и прва

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО

Непријавување подготвување на кривично дело

Член 363

(1) Тој што знае дека се подготвува извршување на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, па во времето кога се уште било можно да се спречи неговото извршување не го пријавил тоа, а делото било во обид или извршено, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако не е пријавено подготвување на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна доживотен затвор, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(3) Нема да се казни за непријавување на подготвување кривично дело од став 1, лице на кое сторителот му е брачен другар, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник или лице кое со сторителот живее во трајна вонбрачна заедница.

Непријавување кривично дело или сторител

Член 364

(1) Службено лице кое свесно пропушти да пријави кривично дело за кое дознало во вршењето на својата должност, ако за тоа дело според законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, а делото се гони по службена должност, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што свесно ќе пропушти да пријави кривично дело од членовите 123, 141, 142, 158, 162, 165, 165-а, 186, 187, 188, 215, 216, 231, 232, 236, 237, 238, 258, 259, 268, 269, 273, членовите 305 до 326, 348, 349, членовите 353 до 362, 382, 383, 394, 394-а, 396 и членовите 403 до 422.

(3) Нема да се казни за делото од став 1 и став 2 лице на кое сторителот му е брачен другар, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник или лице кое со сторителот живее во трајна вонбрачна заедница.

Помагање на сторител по извршено кривично дело

Член 365

(1) Тој што ќе скрие сторител на кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност или со прикривање на орудијата, трагите, предметите или на друг начин ќе му помогне да не биде откриен или тој што крие осудено лице или презема други дејствија со кои се оди кон тоа да не се изврши казната, изречените мерки на безбедност или да не се применат воспитните мерки упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што ќе му помогне на сторител на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(3) Тој што ќе му помогне на сторител на кривично дело за кое е пропишана казна доживотен затвор, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Казната за делото од став 1 не може да биде потешка според видот ниту според висината од казната пропишана за кривично дело извршено од сторителот на делото.

(5) Нема да се казни за делото од ставовите 1, 2 и 3 лице на кое сторителот му е брачен другар, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник или лице кое со сторителот живее во трајна вонбрачна заедница.

Лажно пријавување на кривично дело

Член 366

(1) Тој што ќе пријави друг дека сторил кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност, а знае дека не е сторител, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Тој што со подметнување траги или предмети на кривично дело или на друг начин ќе предизвика поведување на кривична постапка за кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност против лице за кое знае дека не е сторител ќе се казни со затвор од една до три години.

(3) Тој што ќе пријави дека сторил кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност, иако не го стори ќе се казни со парична казна или со затвор до три месеци.

(4) Со казната од став 3 ќе се казни и тој што ќе пријави дека е сторено кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност, иако знае дека тоа дело не е сторено.

Поднесување лажни докази

Член 366-а

(1) Тој што во постапка пред суд или во управна постапка ќе поднесе докази за кои знае дека се лажни,

ќе се казни со затвор

од една до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што ќе отстрани или уништи докази што се од значење за постапката пред суд или управната постапка.

Давање лажен исказ

Член 367

(1) Сведок, вештак, преведувач или толкувач кој пред суд, јавен обвинител, нотар, извршител, арбитража, орган на управа или друг орган кој донесува одлуки во со закон уредена постапка ќе даде лажен исказ,

ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни вештак кој ќе даде лажен наод и мислење во случаи определени со закон или по барање на заинтересирано лице - нарачател.

(3) Со казната од став 1 ќе се казни странка која при изведување доказ со сослушување на странки во парнична или во управна постапка ќе даде лажен исказ, а врз овој исказ е заснована одлуката донесена во таа постапка.

(4) Ако лажниот исказ од ставот (1) на овој член е даден во кривична постапка, сторителот ќе се казни:

1) со казна затвор од една до три години ако за делото за кое се води кривична постапка е пропишана казна затвор од шест месеци до пет години;

2) со казна затвор од една до пет години ако за делото за кое се води кривична постапка е пропишана казна затвор до десет години и

3) со казна затвор најмалку четири години ако за делото за кое се води кривична постапка е пропишана казна затвор до 20 години или доживотен затвор

(5) Ако поради делото од ставот (3) на овој член е донесена осудителна предсуда или настапиле други особено тешки последици за обвинетиот, сторителот

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(6) Ако сторителот на делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член доброволно го отповика својот лажен исказ пред да се донесе правосилна одлука, може да се ослободи од казна.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.

Спречување на докажување

Член 368

(1) Тој што со намера да го спречи или отежне докажувањето ќе скрие, уништи, оштети или делумно или целосно ќе стори неупотреблива туѓа исправа или предмет што служи за докажување, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што со иста намера ќе отстрани, уништи, расипе, помести или премести меѓник, земјомерски или друг знак за сопственост или за друго право врз недвижност или за право на употреба на вода, или тој што со иста намера лажно ќе постави ваков знак.

Попречување на правдата

Член 368-а

(1) Тој што со намера да наведе на давање на лажен исказ лице кое може да биде повикано како сведок, сведок или вештак или да го спречи или да го отежне прибавувањето докази или докажувањето во кривичната постапка, во постапка пред суд или друг орган кој што води постапка согласно закон ќе се закани дека ќе нападне врз животот или телото или имот од поголем обем, лице кое може да биде повикано како сведок, сведок или вештак или на нив блиски лица, или со примена на сила, насилство, противправно лишување од слобода, со нудење поткуп или на друг начин ќе влијае или ќе спречи тоа лице да се појави како лице кое може да биде повикано како сведок, сведок или вештак во постапката, или ако е повикано како сведок или вештак да даде или да не даде исказ во определена смисла,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни и тој што заради одмазда за дадениот исказ на лицето од став (1) на овој член ќе му одземе некое право, ќе го малтретира или телесно ќе го повреди.

(3) Ако поради делото од ставовите (1) и (2) на овој член настапиле особено тешки последици за обвинетиот во кривичната постапка, или на лице од ставот (1) на овој член му е нанесена тешка телесна повреда, или делото е сторено спрема заштитен или загрозен сведок или нему блиско лице,

сторителот ќе се казни со затвор
од една до десет години.

(4) Ако со делото од ставовите (1) и (2) на овој член, е лишено од живот лицето од ставот (1) на овој член,
сторителот ќе се казни со затвор
најмалку десет години или со доживотен затвор.

(5) Тој што со сила, сериозна закана или со ветување, нудење или давање некаква корист ќе влијае врз судија, јавен обвинител или друго службено лице или адвокат да презема или да не презема со закон предвидени дејствија во постапка пред суд или друг орган надлежен за водење постапка уредена со закон спротивно на неговата службена или адвокатска должност и овластувања, или ќе го спречува во вршењето такви дејствија,
ќе се казни со затвор
од една до десет години.

(6) Ако во вршењето на делото од ставот (5) им е нанесена телесна повреда на лицата од наведениот став или на нив блиски лица,
сторителот ќе се казни со затвор
од најмалку четири години.

(7) Ако во вршењето на делото од ставот (5) им е нанесена тешка телесна повреда на лицата од наведениот став или на нив блиски лица,
сторителот ќе се казни со затвор
од најмалку пет години.

(8) Со казната од ставот (5) на овој член ќе се казни службено или одговорно лице што ќе одбие или неосновано одлага извршување наредба или врз закон засновано барање на суд, јавен обвинител или друг надлежен орган или адвокат за прибирање, чување или доставување писмена, документи или предмети, или со намера да го спречи или отежне докажувањето прикрива, уништува, фалсификува или на друг начин прави неупотребливи писмена, документи или предмети што може да послужат како доказ во постапка пред суд или друг орган надлежен за водење на постапка уредена со закон.

(9) Ако делото од ставот (8) на овој член е сторено во претходна кривична постапка или во кривична постапка,
сторителот ќе се казни со затвор
од четири до десет години.

(10) Ако делото од ставовите (8) и (9) на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(11) Под условите определени во член 38-б од овој законик, за кривичното дело од овој член, судот на сторителот ќе му изрече забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до десет години.

(12) Обидот за делото од овој член е казнив.

Повреда на тајноста на постапката

Член 369

(1) Тој што неовластено ќе го открие она што го дознал во постапка пред суд или во управна, прекршочна или дисциплинска постапка, што со закон или со одлука на судот или органот што ја води дисциплинската постапка е прогласено како тајна, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став (1) на овој член ќе се казни тој што без дозвола на судот ќе објави информација, документ или друг податок за постапката, што според закон е тајна или е за тајна прогласена со одлука на судот, или ќе објави

информација, документ или друг податок за постапката спрема дете, во која оштетено е дете или во која се одлучува за правата и интересите на дете, или одлуките во таквите постапки.

Откривање на идентитет на загрозен или заштитен сведок, соработник на правда или жртва која се јавува во својство на сведок

Член 369-а

(1) Тој што неовластено на друг ќе му соопшти, стори достапни, предаде или објави податоци за идентитет или податоци кои можат да овозможат откривање на идентитетот на заштитен сведок вклучен во програма за заштита на сведоци, лице за кое е започната постапка за вклучување во програма за заштита на сведоци или за примена на процесни мерки за заштита согласно закон, или ќе преземе друго дејствие заради откривање на податоци за идентитетот на тоа лице или негово пронаоѓање,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако лицето од ставот (1) на овој член чиј што идентитет е откриен или нему блиско лице било тешко телесно повредено или му биле одземени или ограничени други негови права или за него настапиле други тешки последици,

сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни и сторителот што со откривањето на идентитетот на лицето ќе спречи или значително отежне водење на кривична постапка за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од пет години или потешка казна.

(4) Ако поради откривањето на идентитетот на лицето од ставот (1) на овој член настапила смрт на него или нему блиско лице,

сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор."

Бунт на лица лишени од слобода

Член 370

(1) Тој што во установа во која се наоѓа врз основа на законита одлука за лишување од слобода, ќе организира бунт на лица лишени од слобода, со намера насилно да се ослободат или заеднички да ги нападнат службените лица во таа установа или со сила или со сериозна закана на употреба на сила да ги присилат нешто да сторат или да не сторат што е спротивно со нивната должност, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Учесникот во бунтот од став 1, ќе се казни со затвор од три месеци до една година.

(3) Сторителот на делото од ставовите 1 и 2 кој ќе употреби сила, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Сторителот на делото од ставовите 1 и 2 кој доброволно ќе се откаже од бунтот пред да се употреби сила или сериозна закана, ќе се ослободи од казна.

Бегство на лице лишено од слобода

Член 371

Тој што ќе побегне од установата во која со законита одлука е лишен од слобода со употреба на сила или сериозна закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Овозможување бегство на лице лишено од слобода

Член 372

(1) Тој што со сила, сериозна закана, со измама или на друг начин ќе му овозможи бегство на лице кое врз основа на законита одлука е лишено од слобода, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено во група или со употреба на огнено оружје или друго опасно орудие, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Противзаконито ослободување на лице лишено од слобода

Член 373

Службено лице кое спротивно на законот ќе ослободи лице лишено од слобода кое му е доверено на чување или ќе му помогне да побегне, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

Противправно присвојување на предмети при претрес или во постапка на извршување

Член 374

Службено лице кое при претрес на дом, простории или лица или во постапка на извршување противправно ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера да го присвои, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Насловот на членот 375 и членот 375 се избришани, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичен законик ("Службен весник на РМ" бр.248/18).

Изигрување на забрани од изречените казни и од правните последици на осудата

Член 376

(1) Тој што на друг ќе му овозможи да врши одредено занимање, професионална дејност или должност или други работи, иако знае дека тоа му е забрането со изречена казна или со правни последици од осудата, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Ако делото од став 1 го стори службено лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Ако делото од став 1 го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Неизвршување на судска одлука

Член 377

(1) Службено или одговорно лице кое нема да постапи по правосилна одлука на суд со која е одлучено за враќање на работник на работа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Службено лице или одговорно лице во правно лице што ќе одбие да изврши правосилна и извршна судска одлука што е должно да ја изврши, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(3) Службено или одговорно лице кое ќе одбие да изврши одлука на Уставниот суд на Република Македонија што е должно да ја изврши ќе се казни со затвор од една до пет години.

(4) Ако со делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се предизвикало потешка повреда на правата на друг или значителна имотна штета, сторителот

ќе се казни со затвор.

од една до десет години.

(5) Службено или одговорно лице или лице задолжено за тоа со судската одлука кое нема да постапи по правосилна судска одлука донесена во постапка за издавање на наредба на заштита на права,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Глава триесетивтора

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ

Фалсификување исправа

Член 378

(1) Тој што ќе направи лажна исправа или ќе преправи вистинска исправа со намера таквата исправа да се употреби како вистинска или тој што лажната или преправената исправа ќе ја употреби како вистинска, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Обидот е казнив.

(3) Ако делото од став 1 е сторено во однос на јавна исправа, тестамент, меница, чек, јавна или службена книга или друга книга што мора да се води врз основа на закон, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Посебни случаи на фалсификување исправи

Член 379

(1) Ќе се смета дека сторил дело фалсификување на исправа и ќе се казни според член 378:

1) тој што некоја хартија, бланкет или на некој друг предмет на кој некое лице го ставило својот потпис неовластено ќе пополни со изјава што е од значење за правните односи,

2) тој што ќе измами друг за содржината на исправата за да го стави својот потпис врз неа, сметајќи дека се потпишува под друга исправа или под друга содржина,

3) тој што ќе издаде исправа од името на некое лице без негово овластување или од името на лице кое не постои,

4) тој што како издавач на исправа кон својот потпис ќе додаде дека има некаква положба, звање или чин иако нема таква положба, звање или чин, а ова има битно влијание врз доказната сила на исправата и

5) тој што ќе направи исправа на тој начин што неовластено ќе употреби вистински печат или знак.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Компјутерски фалсификат

Член 379-а

(1) Тој што со намера да ги употреби како вистински неовластено ќе изработи, внесе, измени, избрише или направи неупотребливи компјутерски податоци или програми што се одредени или подобни да служат како доказ за факти што имаат вредност за правните односи или тој што таквите податоци или програми ќе ги употреби како вистински,

ќе се казни со парична казна

или со затвор до три години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено во однос на компјутерски податоци или програми што се користат во работењето на државни органи, јавни установи, претпријатија или други правни и физички лица кои вршат работи од јавен интерес или во правниот сообраќај со странство или ако со нивната употреба е предизвикана значителна штета,

сторителот ќе се казни

со затвор од една до пет години.

(3) Тој што неовластено изработува, набавува, продава, држи или прави достапни на друг посебни направи, средства, компјутерски програми или компјутерски податоци наменети или погодни за извршување на делото од став 1,

ќе се казни со парнична казна

или со затвор до три години.

(4) Обидот за делото од ставовите 1 и 3 е казнив.

(5) Посебните направи, средства, компјутерски програми или податоци за извршување на делото, ќе се одземат.

Употреба на исправа со невистинита содржина

Член 380

(1) Тој што како доказ во правниот сообраќај ќе употреби исправа, книга или спис за кои знае дека се невистинити, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

Издавање и употреба на невистинито лекарско или ветеринарно уверение

Член 381

(1) Лекар или ветеринар кој ќе издаде невистинито лекарско или ветеринарно уверение, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што ќе употреби невистинито лекарско или ветеринарно уверение како да е вистинито.

Надрописарство

Член 381-а

Тој што без регистрирана дејност за надомест дава стручна и правна помош на граѓани и правни лица, а не е адвокат,

ќе се казни со парична казна или

со затвор до една година.

Глава триесетитрета

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД

Спречување службено лице во вршење службено дејствие

Член 382

(1) Тој што со сила или сериозна закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото ќе спречи службено лице во вршење службено дејствие или ќе го присили на вршење службено дејство, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот го навредил или малтретирал службеното лице или му задал телесни повреди или му се заканува со употреба на оружје, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член ќе го стори спрема службено лице, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи кои ги презема во рамките на своите овластувања или лице кое помага при вршењето работи на јавната безбедност или на заштита на уставниот поредок на Република Северна Македонија што се однесуваат на спречување или откривање кривично дело, фаќање на сторител на кривично дело, чување на јавниот ред и мир или чување на лице лишено од слобода, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) За обид на делото од ставовите 1 и 2 се казнува.

(5) Ако сторителот на делото од ставовите 1, 2 и 3 бил предизвикан со незаконито или грубо постапување на службеното лице или лицето кое помага, може да се ослободи од казна.

Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста

Член 383

(1) Тој што ќе нападне или сериозно се заканува дека ќе нападне службено лице или лице кое помага при вршење работи на јавната безбедност или заштита на уставниот поредок на Република Македонија што се однесуваат на спречување или откривање кривично дело, фаќање на сторител на кривично дело, чување на јавниот ред и мир или чување на лице лишено од слобода, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот се заканува со употреба на оружје или друго опасно орудие, го малтретира или го навредува службеното лице или лицето кое помага или телесно го повреди, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако при извршувањето на делото од став 1 на службеното лице или на лицето кое помага му е нанесена тешка телесна повреда, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(4) Ако сторителот на делото од ставовите 1 и 2 бил предизвикан со незаконито или грубо постапување на службеното лице или лицето кое помага, може да се ослободи од казна.

Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие

Член 384

(1) Тој што учествува во толпа што со заедничко дејствување ќе спречи или ќе се обиде да спречи службено лице во вршење на службено дејствие или на ист начин ќе го присили да изврши службено дејствие, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Водачот на толпата, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Учество во толпа што ќе изврши кривично дело

Член 385

(1) Тој што ќе учествува во толпа што со заедничко дејствување ќе стори насилства спрема луѓе или ќе оштети или ќе уништи имот од поголема вредност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако при дејствувањето на толпата некое лице е лишено од живот или тешко телесно повредено или настапила штета од големи размери, учесникот во толпата за самото учество, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.

(3) Водачот на толпата, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Насилство

Член 386

(1) Тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Тој што со фрлање на пиротехнички средства или предмети со кои може да се загрози животот или телото на друг или имотот на објекти во спортски терен или гледалиште или со влегување во спортскиот терен со намера да предизвика тепачка или друго насилство,

ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е извршено во група од две или повеќе лица или насилството е извршено над повеќе граѓани или сторителот телесно повредил друг,

ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни сторителот на делото од ставот (1) на овој член поврзано со спортски натпревар и извршено за време, пред или по завршување на натпреварот.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од омраза или имало за последица предизвикување на тепачка, нереди и оштетување на имот од поголема вредност, сторителот

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член имало за последица тешка телесна повреда или смрт на некое лице, сторителот

ќе се казни со затвор од од три до десет години.

(7) Со казната од ставот (5) на овој член ќе се казни организаторот на групата што го извршила делото од ставовите (2) и (3) на овој член како и организаторот на спортскиот натпревар кој не преземал мерки за спречување на насилството.
(8) За делото од ставовите (2) и (3) на овој член со парична казна ќе се казни правното лице кое учествувало во организирање на натпреварот.

Организирање на отпор

Член 387

(1) Тој што ќе организира други на отпор или на непослушност спрема законити одлуки или мерки на државен орган, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Ако поради делото од став 1 дошло до неспроведување или до значително отежнување на спроведувањето на законита одлука или мерка на државен орган или делото го стори како водач на група, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Противправно менување на територијалната поделба на Република Македонија

Член 388

Тој што со употреба на сила или сериозна закана со употреба на сила или на друг противправен начин ја менува со закон утврдената територијална поделба на Република Македонија, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Симнување и оштетување на службен печат или знак

Член 389

(1) Тој што ќе симне или оштети службен печат или знак што го ставило овластено службено лице заради осигурување на предмет или просторија или тој што без симнување или оштетување на печат или знак ќе влезе во ваква просторија или ќе отвори осигурен предмет, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Обидот е казнив.

Одземање или уништување службен печат или спис

Член 390

(1) Тој што противправно ќе одземе, скрие, уништи, оштети или на друг начин ќе направи неупотреблив службен печат, книга или спис или исправа што му припаѓа на државен орган или друго правно лице што врши јавни овластувања или што кај нив се наоѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
(2) Обидот е казнив.

Лажно претставување

Член 391

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави корист или на друг да му стори штета, лажно се претставува како службено или воено лице или неовластено носи знаци на службено или воено лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што ќе изврши дејствие што е овластено да ги изврши само определено службено или воено лице.

Самовластие

Член 392

(1) Тој што самовласно прибавува некое свое право или право што смета дека му припаѓа, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.

(2) Тој што самовласно прибавува некое свое право или право што смета дека му припаѓа , со употреба на сила или со сериозна закана дека ќе нападне на животот или телото, ќе се казни со парична казна или со затвор од шест месеци до три години.

(3) Со казната од став 2 се казнува тој што делото од ставовите 1 и 2 го стори за друг.

(4) Гонењето за дејствие од став 1 се презема по приватна тужба, а за ставовите 2 и 3 по предлог.

Договор за извршување кривично дело

Член 393

(1) Тој што ќе се договори со друг да изврши кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што ќе се согласи на извршување кривично дело за кое е пропишана казна затвор од четири години или потешка казна.

Злосторничко здружување

Член 394

(1) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел вршење на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(2) Припадникот на групата или бандата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако групата или бандата има за цел вршење кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од најмалку осум години или потешка казна, организаторот ќе се казни со казна затвор најмалку четири години, а припадникот на групата или бандата ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(4) Припадникот на групата или бандата кој ќе ја открие групата, односно бандата, пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, ќе се ослободи од казна.

(5) Предметите и средствата што групата или бандата ги користи за подготвување на делата, како и средствата за нивното финансирање, се одземаат.

Терористичка организација

Член 394-а

(1) Тој што создава група, банда или друга злосторничка организација за извршување на кривични дела на: убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на инфраструктура, информациони системи и други објекти во општа употреба,

грабнување на авиони или други средства за јавен транспорт, производство, поседување или трговија со нуклеарно оружје, биолошки, хемиски оружја и други видови на оружја и опасни материи, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување на пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните,

ќе се казни со затвор

од најмалку осум години.

(2) Припадникот на групата, бандата или друга злосторничка организација, како и тој што помага на кој било начин,

ќе се казни со затвор

од четири до десет години.

(3) Со казната од став 2 ќе се казни и тој што јавно повикува, поттикнува или поддржува создавање на терористичка организација.

(4) Сторителот на делото од став 1 кој со откривање на организацијата или на друг начин ќе го спречи извршувањето на планираните дела, ќе се казни со затвор од три месеци до три години, а може и да се ослободи од казната.

(5) Сторителот од став 2 кој ќе ја открие организацијата пред да стори во нејзин состав или за неа некое од делата предвидени во став 1,

ќе се ослободи од казна.

(6) Недвижностите искористени и предметите и средствата наменети за подготвување на делата од ставовите 1, 2, и 3 се одземаат.

Тероризам

Член 394-б

(1) Тој што ќе се закани, нареди или изврши едно или повеќе дела на убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на инфраструктура, компјутерски системи и други објекти за општа употреба, грабнување на воздухоплови или други средства на јавен транспорт, производство, поседување, транспорт, трговија, набавка или примена со нуклеарно оружје или нуклеарен материјал, биолошки, хемиски оружја и други видови на оружја и опасни материи, подметнување бомби или други експлозивни направи на јавно место, како и истражувања во насока на развој на биолошко и хемиско оружје, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување на пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера да се создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните или да се присили физичко или правно лице, меѓународна организација или држава да изврши или да се воздржи од извршување на определени дејствија,

ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(2) Тој што сериозно ќе се закани со извршување на делото од ставот (1) на овој член непосредно или посредно, со употреба на електронски средства или на друг начин, со намера за загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните,

ќе се казни со затвор

најмалку осум години.

(3) Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака, со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во ставот (1) на овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на такво дејствие,

ќе се казни со затвор

од четири до десет години.

(4) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што ќе присили некого на извршување на делото од ставот (1) на овој член со сила или сериозна закана дека ќе го нападне неговиот живот и тело или животот и телото на нему блиски лица.

(5) Со казната од став 2 ќе се казни и тој што ќе се договори со друго лице за извршување на делото од став 1, или ќе повика друг да се приклучи кон здружение или група со намера за извршување на делото од став 1.

(6) Тој што организира изработување, подготвува, изработува, продава, купува, пренесува или држи експлозив, огнено оружје или друго оружје или опасни супстанции, наменети за извршување на делото од став 1, како и тој што врши обука или на друг начин подготвува друг за извршување на делото од став 1,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(7) Тој што ќе стори дело на тешка кражба за да дојде до предмети за извршување на делото од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со казна затвор

од најмалку четири години.

(8) Ако делото го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(9) Недвижностите искористени и предметите и средствата наменети за подготвување и извршување на делата ќе се одземат.

Финансирање на тероризам

Член 394-в

(1) Тој што на кој било начин директно или индиректно дава, обезбедува или собира пари или друг имот без оглед на начинот на стекнување, со намера тие да бидат употребени или со знаење дека ќе бидат искористени целосно или делумно заради извршување на кривично дело Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи од членот 231, Грабнување на воздухоплов, брод или неподвижна платформа од членот 302, Загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај од членот 303, Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедност од членот 313, Терористичка организација од членот 394-а, Тероризам од членот 394-б, Злосторство против човечноста од членот 403-а, Меѓународен тероризам од членот 419, Загрозување лица под меѓународна заштита од членот 420 и Земање заложници од членот 421 или друго дело на тероризам предвидено со овој закон или друго дејствие сторено со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на граѓаните или на други лица кои не се вклучени во судир кој има карактер на вооружен судир според меѓународното право, со намера да се создаде чувство на несигурност или страв кај граѓаните или да се присили некоја држава или меѓународна организација да изврши или да се воздржи од извршување на определени дејствија,

ќе се казни со казна затвор најмалку десет години.

(2) Тој што на кој било начин директно или индиректно дава, обезбедува или собира пари или друг имот без оглед на начинот на стекнување со намера тие да бидат употребени или со знаење дека може да бидат делумно или целосно искористени за подготвување на делата од ставот (1) на овој член, без оглед дали парите или другиот имот се употребени или искористени за извршување на такво дело,

ќе се казни со казна затвор најмалку осум години.

(3) Тој што јавно повикува, со ширење или сторување на кој било друг начин достапна на јавноста порака со намера за поттикнување на извршување на некое од дејствијата предвидени во овој член, кога самото повикување создава опасност од извршување на такво дејствие,

ќе се казни со казна затвор најмалку пет години.

(4) Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што ќе се договори со друго лице за извршување на дело од овој член или ќе повика друг да се приклучи кон здружение или група со намера за извршување на дело од овој член.

(5) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел извршување на кривично дело од овој член,

ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(6) Припадникот на групата или бандата од ставот (5) на овој член,

ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(7) Припадникот на групата или бандата, кој ќе ја открие групата, односно бандата пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, може да се ослободи од казна.

(8) Службено лице, одговорно лице во банка или друга финансиска институција или лице кое врши работи од јавен интерес кое според закон е овластено за преземање на мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризам, што свесно ќе пропушти да ги преземе со закон предвидените мерки и со тоа ќе овозможи извршување на дело од овој член,

ќе се казни со затвор најмалку три години.

(9) Со казната од ставот (8) на овој член ќе се казни службено лице или одговорно лице кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризмот.

(10) Тој што делата од ставовите (8) и (9) на овој член ќе ги стори, иако не бил свесен за можноста од настанување на штетна последица, а според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност,

ќе се казни со затвор од една до десет години.

(11) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна и престанок на правното лице.

(12) Парите и имотот наменети за подготвување и извршување на делата од овој член ќе се одземат.

Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

Член 394-г

(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа,

род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери,

ќе се казни со затвор
од една до десет години.

Изработување и набавување оружје и средства наменети за извршување на кривично дело

Член 395

(1) Тој што изработува, склопува, набавува, крие или на друг му овозможува да дојде до оружје, негови делови и компоненти, муниција, експлозивни или распрскувачки материи или средства потребни за нивно правење, отрови и други предмети за кои знаел дека се наменети за извршување кривично дело, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако предмет на делото од ставот (1) на овој член е огнено оружје, оружје негови делови и компоненети чија употреба е забранета, или експлозивни или други материи од поголемо количество, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

(3) Тој што ќе направи или на друг ќе му отстапи лажен клуч или некое друго средство за провалување, иако знаел дека е наменето за извршување кривично дело, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи

Член 396

(1) Тој што неовластено врши увоз, извоз, пренесување, трансфер, достава или продава, купува или на друг начин посредува или врши промет со огнено оружје, делови и компоненти на огнено оружје, муниција или експлозивни материи или со трговијата со огнено оружје, делови и компоненти на огнено оружје, муниција и експлозивни материи се прекршуваат забрани, ограничувања или санкции воведени со меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија или со одлука на меѓународна организација во која членува Република Северна Македонија ќе се казни со затвор од четири до десет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што неовластено произведува, склопува, поправа, преправа огнено оружје, делови и компоненти на огнено оружје, муниција или експлозивни материи, развива ново оружје или поседува електронски технички нацрти и дизајни за производство преку 3Д печатачи или слични уреди на делови и компоненти на огнено оружје, муниција или експлозивни материи.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што неовластено држи или носи огнено оружје, муниција или експлозивни материи или поголемо количество на делови и компоненти на огнено оружје, муниција и експлозивни материи.

(4) Ако предмет на делото од ставовите (1) и (2) на овој член е поголемо количество на огнено оружје, делови и компоненти на огнено оружје, муниција или експлозивни материи или огнено оружје, делови и компоненти на огнено оружје, муниција или експлозивни материи кои на граѓаните им се забранети, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(5) Ако предмет на делото од ставот (3) на овој член е поголемо количество на огнено оружје, муниција или експлозивни материи, или огнено оружје, муниција или експлозивни материи кои на граѓаните им се забранети, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член е сторено во група, банда или друго злосторничко здружение, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(7) Ако предмет на делото од ставот (1) на овој член е поголемо количество на распрскувачки материи наменети за дозволени забавни, свечени и други активности, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(8) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Фалсификување на огнено оружје

Член 396-а

(1) Тој што ќе изврши фалсификување на ознаки на огнено оружје со бришење, уништување или менување на ознаките на огнено оружје и деловите на огнено оружје или не изврши жигосување и означување на огненото оружје, деловите, компонентите на огненото оружје и муницијата,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

(2) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни

со парична казна.

Злоупотреба на знак за помош и опасност

Член 397

Тој што со злоупотреба на знак за помош или знак за опасност или со неосновано повикување за помош ќе предизвика без потреба излегување на државни органи или на противпожарна служба или други надлежни служби за помош, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Комар

Член 398

(1) Тој што неовластено организира комар или друга игра на среќа што е забранета, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што за награда става на располагање простории за играње комар или на друг начин за награда овозможува играње комар или примамува други на комар.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни тој што примамува, организира, дозволува, или на друг начин овозможува пристап на малолетно лице на игра на среќа во обложувалници, казина или други места каде што се игра на среќа.

(4) Тој што при комар ќе се послужи со лажни или обележани карти или со друга измама, а не се работи за друго потешко дело, ќе се казни со затвор од една до пет години и со парична казна.

(5) Предметите на комарот, како и затечените пари на сторителот при комарот ќе се одземат.

Спречување на верски обред

Член 399

Тој што противправно ќе спречи вршење верски обред, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Сквернавење на гроб

Член 400

(1) Тој што неовластено ќе прекопа, разурне или оштети гроб или друго место во кое се закопуваат умрените или грубо ќе ги повреди, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што дејствијата од ставот (1) на овој член ќе ги стори од омраза или со извршување на дејствијата од ставот (1) на овој член ќе оскверни два или повеќе гроба, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Сквернавење на умрен

Член 401

Тој што противправно ќе скрие, однесе, оштети, уништи или на друг начин ќе ги оскверни посмртните останки на умрениот, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Недозволено преминување на државната граница

Член 402

(1) Тој што без пропишана дозвола ќе ја премине или ќе се обиде да ја премине границата на Република Македонија вооружен или со употреба на насилство, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

(2) Тој што се занимава со недозволено префрлање други лица преку границата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на делата од ставовите 1 и 2,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

Глава триесетичетврта

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

Геноцид

Член 403

Тој што со намера наполно или делумно да уништи некоја национална, етничка, расна или верска група, ќе нареди да се вршат убиства или тешки повреди на телото или тешко нарушување на физичкото или душевното здравје на членовите на групата или присилно раселување на населението или групата да се стави во такви животни услови што доведуваат до наполно или делумно истребување на групата или да се применат мерки со кое се спречува раѓање меѓу припадниците

на групата или да се врши присилно преселување на деца во друга група или тој што со иста намера ќе изврши некое од наведените дела, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Злосторство против човечноста

Член 403-а

Тој што со намера за систематско уништување на цивилно население, ќе нареди да се вршат убиства, тешки телесни повреди, физичко истребување, поробување, депортација или присилно раселување на население, затворање или друг вид лишување од слобода спротивни на меѓународното право, мачење, силување, сексуална експлоатација или ропство, присилна проституција, присилна бременост, присилна стерилизација или кој било друг вид тешко сексуално насилство, гонење на која било група или заедница врз политичка, расна, национална, етничка, културна, верска или полова основа, присилно одведување и исчезнување на лица, дискриминација и подвојување врз расна, национална, етничка, политичка, културна или друга основа и други нехумани постапки со кои намерно се предизвикува физичко или психичко страдање, или тој што со иста намера ќе изврши некое од наведените дела,

ќе се казни со затвор најмалку десет години

или со доживотен затвор.

Злосторство на агресија

Член 403-б

(1) Тој што имајќи реална моќ да надгледува или управува со политичкото или военото дејствување на државата, ги употреби вооружените сили на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава или на кој било друг начин спротивен на Повелбата на Обединетите нации изврши дејствие на агресија, кое по своите карактеристики, тежина и размер претставуваат особено кршење на Повелбата на Обединетите нации,

ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

(2) Тој што учествува во дејстувањето на вооружените сили од ставот (1) на овој член,

ќе се казни со казна затвор од три до пет години.

(3) Тој што директно и јавно поттикнува на злосторство на агресија,

ќе се казни со казна затвор од една до десет години.

(4) Како агресија од ставот (1) на овој член без оглед на тоа дали претходно е објавена војна или не, ќе се смета:

1) инвазија или напад на вооружените сили на една држава на територијата на друга држава или воена окупација, макар и привремена, која е последица на таквата инвазија или напад, или припојување на целата или на дел од територијата на друга држава со примена на сила;

2) бомбардирање од страна на вооружените сили на една држава на територијата на друга држава или користење на какво било оружје на една држава на територијата на друга држава;

3) блокирање на пристаниште или крајбрежјето на една држава со вооружените сили на друга држава;

4) напад на вооружените сили на една држава на копнените, морските или воздушните сили на друга држава;

5) користење на вооружените сили на една држава кои се на подрачјето на друга држава, со нејзина согласност во спротивност со условите предвидени со нивниот договор или продолжување на присутноста на воените сили на подрачјето на друга држава по престанувањето на договорот;

6) давање дозвола за користење на територијата на една држава ставена на располагање на друга држава, да се користи за агресија против трета држава или

7) испраќање од страна или во име на државата на вооружени банди, групи, паравоени сили или платеници кои извршуваат вооружени акции против друга држава, кои по својата тежина одговараат на претходно наведените дејствија или нејзино значајно учествување во таквите акции.

Воено злосторство против цивилно население

Член 404

(1) Тој што за време на војна, вооружен судир или окупација повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди да се изврши напад на цивилното население, на населба, на одделни цивилни лица или на лица онеспособени за борба, што имало за последица смрт, тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на луѓето; напад без избор на целта со кој се погодува цивилното население; вршење спрема цивилното население убиства, мачења, нечовечки постапувања, биолошки, медицински или други научни експерименти, земање на ткива или органи заради пресадување, нанесување на големи страдања или повреди на телесниот интегритет или на здравјето; раселување или преселување или присилно однародување или преминување во друга вера; присилување на проституција или силување, сексуално ропство или предизвикување на присилна бременост, насилна стерилизација или друг вид сексуално насилство; применување на мерки на застрашување и терор, земање на заложници, колективно казнување, противзаконито одведување во концентрациони логори и други противзаконити затворања, лишување од правото на правилно и непристрасно судење; или извршување на казна или погубување без претходна пресуда донесена од законски заснован суд во постапка во која се обезбедени општоприфатените судски гаранции присилување на служба во вооружените сили на непријателска сила или во нејзина разузнавачка служба или администрација, запишување и регрутирање на лица помлади од 15 години во вооружените сили на државата или регрутирање на лица помлади од 18 години во вооружени групи кои не се вооружени сили на државата и нивно користење преку активно учество во вооружените дејствија спротивно на условите определени со правилата на меѓународното право; искористување на присуството на цивилно население или на други заштитени лица како жив штит на определени места или подрачја на дејствување на вооружени сили; присилување на принудна работа, изгладнување на населението, отежнување на пристапот на хуманитарна помош, конфискување на имот, грабеж на имотот на населението, противзаконито и самоволно уништување или присвојување од поголеми размери на имоти што не е оправдано со воените потреби, земање на незаконита и несразмерно голема контрибуција и реквизиција, намалување на вредноста на домашните пари или противзаконито издавање на пари или тој којшто ќе изврши некое од наведените дела,

ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што за време на војна, вооружен судир или окупација повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди: да се изврши напад на на културно добро што е под засилена заштита или други објекти со посебна заштита, објекти посебно заштитени со меѓународното право, згради, превозни средства, материјали и медицински единици кои користат препознатливи ознаки определени со меѓународното право или персонал,

инсталации, материјали, единици или возила вклучени во обезбедување хуманитарна помош или на мировните мисии и на објекти и постројки со опасна моќ како што се брани, насипи и нуклеарни електроцентрали, без избор на целта да се гаѓаат болници и места во кои се собираат болните, ранетите и други цивилни објекти што се под посебна заштита на меѓународното право, забранети места и демилитиразирани зони, градови, села, населби или згради кои не се бранети и не претставуваат воени цели; долготрајно и во големи размери да се оштетува природната околина што може да му штети на здравјето или на опстанокот на населението или на културното добро што е под засилена заштита или негова непосредна околина да се употребат како поткрепа на некоја воена акција, уништување или присвојување од поголем размер на културно добро, заштитено со меѓународно право, крадење или оттуѓување или вандалски напади на културни добра заштитени со меѓународно право тој што ќе изврши некое од наведените дела.

(3) Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право за време на војна, вооружен судир или окупација, како окупатор, ќе нареди или ќе изврши преселување или депортација на целото или на делови од цивилното население на окупираната територија-или на окупираната територија ќе пресели делови од сопственото цивилно население ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Воено злосторство против ранети и болни

Член 405

Тој што за време на војна или вооружен судир повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди ранети, болни, бродоломци или санитетски персонал да се убие, да се мачи, нечовечно да се постапува, да се вршат биолошки, медицински или други научни експерименти, да се земат ткива или органи заради трансплантација или да им се нанесуваат големи страдања или повреди на телесниот интегритет или на здравјето или противзаконито и самоволно да се уништува или да се присвојува во големи размери материјал, средства за санитетски транспорт и залихи на санитетски или верски установи или на единици што не е оправдано со воените потреби или тој што ќе изврши некое од наведените дела, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Воено злосторство против воени заробеници

Член 406

Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди спрема воени заробеници да се вршат убиства, мачења, нечовечни постапувања, да се вршат биолошки, медицински или други научни експерименти, земање ткива или органи заради трансплантација, да им нанесуваат големи страдања или повреди на телесниот интегритет или на здравјето, да се присилуваат на вршење служба во вооружените сили на непријателот или да се лишуваат од правото на правилно и непристрасно судење или да се извршува казна или погубување без претходна пресуда на законски заснован суд и постапка во која се обезбедени општоприфатените судски гаранции или незаконски да се депортираат,

преместуваат или држат во заробеништво или тој што ќе изврши некое од наведените дела, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Употреба на недозволени средства на борба

Член 407

(1) Тој што за време на војна или вооружен судир ќе нареди да се употребат отрови или отровно оружје, отровни гасови, гасови за загушување или друг вид на гасови или слични течности, материи или направи, нагазни противпешадиски мини, куршуми што лесно се шират во човечкото тело, како куршуми со тврда чаура која не го покрива целото зрно или е продупчена, оружје, проектили, материјали или друг начин на војување, кои според својата природа нанесуваат непотребни повреди или непотребни страдања или кои имаат особини, спротивни на меѓународното воено право, да не разликуваат воени од цивилни цели или други борбени средства или начин на борба што се забранети со правилата на меѓународното право или сам ќе ги употреби, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што за време на војна или вооружен судир повредувајќи го меѓународното право ќе нареди да нема преживеани припадници на непријателот во војната или да се води борба против непријател врз такви основи.

(3) Ако поради делото од став 1 загинале повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства

Член 407-а

(1) Тој што јавно негира, грубо минимизира, одобрува или оправдува дело од членовите од 403 до 407 од овој законик, ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

(2) Тој што јавно негира, грубо минимизира, одобрува или оправдува дело од членовите од 403 до 407 од овој законик, утврдено со правосилна пресуда од домашен или од меѓународен суд, ќе се казни со затвор од една до три години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни и тој што по пат на информационен систем, јавен собир со говор, со истакнување симболи на националсоцијалистички или фашистички режими или на друг начин јавно негира, грубо минимизира, одобрува или оправдува дело од членовите од 403 до 407 од овој законик, холокаустот и делата извршени од националсоцијалистичките режими.

(4) Ако делото од ставовите (1) и (2) и (3) на овој член е сторено на начин со кој се поттикнува омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група лица поради нивната раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, попреченост, пол, род, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување или, ако со делото е предизвикано вознемирување на јавноста или начинот на неговото извршување е особено заканувачки или навредлив, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Злоупотреба на хемиско или биолошко оружје

Член 407-б

(1) Тој што ќе изработи или усоврши, произведе, набави, складира, продава или купува, или посредува во купување или продавање; поседува, пренесува или превезува хемиско или биолошко оружје или било какво борбено средство забрането со правилата на меѓународното право,

ќе се казни со затвор

од три месеци до три години.

(2) Тој што за време на војна или вооружен судир нареди да се употреби хемиско или биолошко оружје или било какви средства за борба или ќе води борба на начин кој е забранет со правилата на меѓународното право,

ќе се казни со казна затвор

најмалку една година.

(3) Ако поради делото од ставовите 1 и 2 настапи смрт на повеќе лица,

сторителот ќе се казни со казна затвор

најмалку пет години или доживотен затвор.

(4) Предметите од ставовите 1 и 2 и средствата за нивно правење, пренесување и растурање ќе се одземат.

Членот 408 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.19/04).

Противправно убивање и ранување на непријател

Член 409

(1) Тој што за време на војна или вооружен судир повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе убие или рани непријател кој го оставил оружјето или безусловно се предал или останал без средства за одбрана, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Тој што ќе рани или убие непријател на свиреп или на подмолен начин, од користољубие или од други ниски побуди или ако се убиени повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Противправно одземање на предмети од убиени и ранети на боиште

Член 410

(1) Тој што ќе нареди противправно да се одземат предмети од убиени или од ранети на боиште или тој што врши такво одземање, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено на свиреп начин, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

Повреда на парламентар

Член 411

Тој што за време на војна или вооружен судир повредувајќи ги правилата на меѓународното право, навредува, малтретира или ќе задржи парламентар или негова придружба или ќе им го спречи враќањето или на друг начин ќе ја повреди нивната неприкосновеност, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Сурово постапување со ранети, болни и со воени заробеници

Член 412

Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право сурово постапува со ранети, болни или со воени заробеници или оневозможува или спречува да ги користат правата што според тие правила им припаѓаат, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Неоправдано одлагање на репатријација на воени заробеници

Член 413

Тој што по завршена војна или вооружен судир повредувајќи ги правилата на меѓународното право ќе нареди или ќе изврши неоправдано одлагање на репатријација на воени заробеници или на цивилни лица, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Уништување на добра под привремена заштита или културно наследство

Член 414

(1) Тој што за време на војна или вооружен судир повредувајќи ги правилата на меѓународното право уништува добра под привремена заштита или културно наследство и градби, верски објекти или установи наменети за науката, уметноста, воспитувањето или за хуманитарни цели, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Ако со делото од став 1 е уништен јасно препознатлив објект, кој како културно и духовно наследство на народот е под посебна заштита на меѓународното право, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Поттикнување на агресивна војна

Член 415

Тој што повикува или поттикнува на агресивна војна, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Злоупотреба на меѓународни знаци

Член 416

(1) Тој што ќе го злоупотреби или неовластено ќе го носи знамето или знакот на Организацијата на обединетите нации или знаците или знамето на Црвениот крст или знаци што се соодветни на нив, меѓународни телекомуникациски знаци, знаци за културно наследство или други признати меѓународни знаци со кои се обележуваат определени објекти, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни и тој што со злоупотреба на знаме на примирје, воени знаци или униформа на непријателот ќе предизвика смрт или тешка телесна повреда на некое лице.

(3) Тој што делото од став 1 и 2 ќе го стори во зона на воени операции, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

Организирање на група и поттикнување на извршување геноцид и воени злосторства

Член 416-а

(1) Тој што организира група заради вршење на кривични дела од членовите 403 до 416,

ќе се казни со затвор

најмалку осум години.

(2) Тој што ќе стане припадник на групата од став 1,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(3) Припадник на групата од став 2 кој ќе ја открие групата пред да стори кривично дело во нејзиниот состав или за неа,

ќе се ослободи од казната.

(4) Тој што повикува или поттикнува на извршување кривични дела од членовите 403 до 416,

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

Одговорност на командантите и другите претпоставени

Член 416-б

(1) Воениот командант или лицето кое дејствува во такво својство е кривично одговорен за сите кривични дела од членовите 403 до 416-а, извршени за време на војна или каков било вооружен судир, меѓународен или внатрешен, од припадници на регуларни или парамилитарни вооружени формации под негова директна команда и контрола, ако знаел или врз основа на сите околности бил должен и можел да знае дека подготвуваат или вршат такви дела, или пропуштил да ги преземе сите неопходни и разумни мерки за да го спречи нивното извршување, или спречил или пропуштил покренување на кривично гонење на сторителите на кривичните дела.

(2) Претпоставениот е кривично одговорен за сите кривични дела од членовите 403 до 416-а, извршени за време на вооружен судир или за време на мир од неговите потчинети во вршењето на службена или друга должност или работна обврска, ако знаел или врз основа на сите околности бил должен и можел да знае дека подготвуваат или вршат такви дела, или пропуштил да ги преземе сите неопходни и разумни мерки за да го спречи нивното извршување, или спречил или пропуштил покренување на кривично гонење на сторителите на кривичните дела.

Одговорност на потчинетиот за дело извршено по наредба на претпоставениот

Член 416-в

(1) Извршувањето на кривичните дела од членовите 403 до 416-а по наредба на воен командант или друг претпоставен не го ослободува потчинетиот од кривична одговорност.

(2) Нема да се казни потчинетиот кој ќе изврши кривично дело од членовите 404 до 416-а по наредба на претпоставениот или врз основа на законита одлука, ако имал правна обврска да се покори на наредбата или одлуката, а не знаел дека е незаконита и од сите околности не било очигледно дека е незаконита.

Расна и друга дискриминација

Член 417

(1) Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница,

ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето.

(3) Тој што шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

Засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос

Член 418

(1) Тој што повредувајќи ги правилата на меѓународното право, ќе стави друг во ропски или нему сличен однос или го држи во таков однос, го купи, го продаде, му го предаде на друго лице или посредува во купувањето, продажбата или предавањето на вакво лице или поттикнува друг да му ја продаде својата слобода или слободата на лицето кое го издржува или кое се грижи за него, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Тој што превезува лица кои се наоѓаат во ропски или сличен однос од една земја во друга, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори спрема малолетно лице, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Трговија со луѓе

Член 418-а

(1) Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлотација заради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело,

ќе се казни со казна затвор

најмалку четири години.

(2) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од став 1 на овој член ќе се казни со затвор од најмалку четири години.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од лица за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата,

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(5) Согласноста на жртвата на трговија со луѓе заради намера за експлоатација предвидена во став 1, не се од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

(6) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(7) Нема да се казни жртвата на трговија со луѓе која била принудена да стори кривично или друго казниво дело додека била жртва, а кое е непосредно поврзано со нејзината положба на жртва.

(8) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото, се одземаат.

Криумчарење на мигранти

Член 418-б

(1) Тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправи со таква цел,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(2) Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа мигранти,

ќе се казни со затвор

од една до пет години.

(3) Ако при вршењето на делата од ставовите 1 и 2 е загрозен животот или здравјето на мигрант, или со мигрантот се постапува особено понижувачки или сурово, или се спречува тој да ги користи правата што му припаѓаат според меѓународното право,

сторителот ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(4) Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено со малолетно лице,

сторителот ќе се казни со затвор

најмалку осум години.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата,

ќе се казни со затвор

најмалку пет години.

(6) Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат, согласно членот 100-а од овој законик.

Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти

Член 418-в

(1) Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривични дела од членовите 418-а, 418-б , 418-г и 418-д

ќе се казни со затвор

најмалку осум години.

(2) Тој што ќе стане припадник на група, банда или друго здружение од став 1 или на друг начин ја помага групата, бандата или здружението,

ќе се казни со затвор

најмалку една година.

(3) Припадник на групата од став 1 кој ќе ја открие групата пред да стори кривично дело во нејзиниот состав или за неа,

ќе се ослободи од казна.

(4) Тој што повикува, поттикнува или поддржува извршување на кривичните дела од членовите 418-а, 418-б, 418-г и 418-д

ќе се казни со затвор

од една до десет години.

Трговија со дете

Член 418-г

(1) Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело,

ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години,

ќе се казни со затвор

најмалку десет години.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност за грижа и воспитување на дете, кој од користољубие го пренесува или го овозможува надзорот над детето на трето лице заради питачење.

(4) Ако поради делото од ставот (3) на овој член настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку 10 години.

(5) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од дете за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе,

ќе се казни со затвор

најмалку осум години.

(6) Корисникот на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку 12 години.

(7) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2,

ќе се казни со затвор

најмалку четири години.

(8) Ако делото од ставовите (1), (2), (5) и (6) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата,

ќе се казни со затвор

најмалку десет години.

(9) Согласноста на детето со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

(10) Нема да се казни дете – жртва на трговија со луѓе во случаите во кои законот предвидува казнување НА дете, кога сторителот на кривичното дело го принудил да стори кривично дело, ако таквото неговото постапување е непосредна последица на неговата положба на жртва.

(11) Ако делото од овој член го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(12) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор

Член 418-д

(1) Тој што врбува, поттикнува, организира, засолнува или превезува лица во држава членка на Европската унија и на Шенгенскиот договор, заради стекнување или остварување на социјални, економски или други права, спротивно на правото на Европската унија, на прописите на државите членки на Европската унија и Шенгенскиот договор и на меѓународното право,

ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(2) Ако сторителот од ставот (1) бил должен и можел да знае дека превезувањето се врши заради стекнување или остварување на правата од ставот (1), спротивно на правото на Европската унија, на прописите на државите членки на Европската унија и Шенгенскиот договор и на меѓународното право,

ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако делото е сторено од користољубие сторителот, ќе се казни за делото од ставот (1) со затвор најмалку осум години, а за делото од ставот (2) со затвор најмалку четири години.

(4) Ако делото го стори правно лице,

ќе се казни со парична казна.

(5) Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

Меѓународен тероризам

Член 419

(1) Тој што со намера да наштети на странска држава или на меѓународна организација ќе изврши грабнување на некое лице или некое друго насилство, ќе предизвика експлозија или пожар или со некое општоопасно дејствие или со општоопасни средства ќе предизвика опасност за животот на луѓето и за имотот од значителна вредност, ќе се казни со затвор најмалку три години.

(2) Ако поради делата од став 1 настапила смрт на едно или повеќе лица или е предизвикана штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3) Ако при извршувањето на делата од став 1 сторителот со умисла лишил од живот друг, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Загрозување лица под меѓународна заштита

Член 420

(1) Тој што ќе изврши грабнување или некое друго насилство спрема лице под меѓународно-правна заштита или ги нападне неговите службени простории, приватниот стан или превозното средство, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Ако поради делата од став 1 настапила смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот со умисла лишил од живот друг, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

(4) Тој што ќе ја загрози сигурноста на лицето од став 1 со сериозна закана дека ќе го нападне него, неговите службени простории, приватниот стан или превозното средство, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Земање заложници

Член 421

(1) Тој што ќе изврши грабнување или задржување на некое лице и се заканува дека ќе го убие, ќе го повреди или ќе го задржи како заложник со намера да ја присили некоја држава, меѓународна организација, физичко или правно лице или група лица, нешто да стори или да не стори, како изричен или молкумен услов за ослободување на заложникот,

ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Ако поради делото од став 1 настапила смрт на грабнатото лице, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(3) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот со умисла го лишил од живот грабнатото лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

Пиратство

Член 422

(1) Член на посада или патник на брод или воздухоплов, кој со намера за себе или за друг да прибави корист или на друг да му нанесе штета, на место кое не потпаѓа под власт на ниту една држава ќе изврши насилство или друга присилба

спрема друг брод или воздухоплов или спрема лицата кое се наоѓаат на него или грабеж на предметите од бродот или воздухопловот, ќе се казни со затвор најмалку една година.

(2) Ако поради делата од став 1 настапи смрт на едно или повеќе лица или е предизвикано уништување на бродот или воздухопловот или настапила друга имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Глава триесетипетта

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Донесување на упатство за постапување на судовите за водење на казнена евиденција

Членот 423 е укинат, види: Одлука на Уставниот суд У.бр.206/2003 ("Службен весник на РМ" бр.40/04).

Член 423-а

Со Судскиот деловник се уредува постапувањето на судовите за водење на казнена евиденција согласно со членот 106 од Кривичниот законик, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Пренесување на податоците од казнената евиденција

Член 424

(1) Министерството за внатрешни работи е должно во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги пренесе сите податоци од казнената евиденција што ја водат органите на ова министерство во казнената евиденција на надлежните судови.

(2) По истекот на рокот од став 1 Министерството за правда ќе изврши увид во евиденциите на Министерството за внатрешни работи заради утврдување дали се отстранети податоците за осудени лица и за тоа ќе ја извести Владата на Република Македонија.

Престанување на важноста на кривично-правните одредби

Член 425

Со денот на примената на овој законик престануваат да важат кривичноправните одредби од Кривичниот закон на Република Македонија – општ и посебен дел ("Службен лист на СФРЈ" број 44/76, 34/84, 74/87, 57/89, 3/90 и 38/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 25/92 и 32/93) и Кривичниот закон на Република Македонија ("Службен весник на СРМ" број 25/77, 23/84, 50/87, 36/89, 7/90 и "Службен весник на Република Македонија" број 28/91, 24/92 и 49/93), како и точка 1. Кривични дела и членовите 278, 279, 280, 281 и 282 од Законот за царини ("Службен весник на Република Македонија" број 20/93) и членовите 26, 27 и 28 од Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човечкото тело заради лекување ("Службен весник на Република Македонија" број 30/95).

Влегување во сила на Законикот

Член 426

Овој законик влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 ноември 1996 година.

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.80/99)

Член 44

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи членот 52 став 1 точка 10) во делот „со ости, со подводна пушка, со огнено оружје, експлозив, хемиски средства, струја или други риболовни средства кои ги убиваат, трујат или зашеметуваат рибите", членот 56 точка 4) во делот „како и со огнено оружје, подводни пушки, експлозив или хемиски и други средства со кои се убиваат, трујат или зашеметуваат рибите" и членот 57 став 1 точка 5) од Законот за рибарството („Службен весник на Република Македонија" број 62/93).

Член 45

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 46

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 220/2000 ("Службен весник на РМ" бр.48/01):

1. Се укинува член 184 став 3 од Кривичниот законик (Сл. весник на РМ бр. 37/96 и 80/99).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.4/02)

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 210/2001 ("Службен весник на РМ" бр.16/02):

1. Се укинува член 101 став 2 во делот "и настапуваат по сила на Законот со кој се предвидени" од Кривичниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 37/96 и 80/99).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.43/03)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.19/04)

Член 234

Мерките на безбедност изречени со правосилна пресуда до денот на влегувањето во сила на овој закон, се извршуваат според Кривичниот законик кој важел во времето на нивното изрекување.

Член 235

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 236

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 32 кои се однесуваат на членот 58-б за условите за изрекување мерка на општокорисна работа, членот 34 кој се однесува на членот 59-а за условите на изрекување мерка на куќен затвор и одредбата на членот 49 која се однесува на членовите 96-а до 96-ѓ за казнување на правните лица, ќе се применуваат од 1 септември 2004 година.

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 206/2003
("Службен весник на РМ" бр.40/04):

1. **Се укинува членот 423** од Кривичниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03 и 19/04).
2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.81/05)

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У. бр.228/2005
("Службен весник на РМ" бр.50/06):

1. Се поништува член 38-д од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004 и 81/2005).

2. Се става надвор од сила Решението за запирање на извршување на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на Законот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.60/06)

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.73/06)

Член 15

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Репубика Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за малолетничка правда ("Службен весник на РМ" бр.87/07) со кои е интервенирано во текстот на Законот

Престанување на важење

Член 150

Од денот на започнувањето со примената на овој закон престануваат да важат одредбите од членовите 70 до 96 на Кривичниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006 и 73/2006).

Влегување во сила и примена

Член 151

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 септември 2008 година.

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.7/08)

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.139/08)

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.114/09)

Член 120

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 121

Државните органи се должни во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат законите во кои се пропишани кривични дела со измените утврдени со овој закон.

Член 122

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по истекот на шест месеца од денот на неговото влегување во сила, освен членовите 7 и 8 кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

ОДРЕДБА
од Законот за дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.51/11)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.51/11)

Член 34

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 35

Одредбата од членот 3 на овој закон ќе започне да се применува со денот на влегувањето во сила на одредбите од Законот за посебниот закон со кој ќе се уреди постапката за водење на посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела против половата слобода и половиот морал и кривичното дело од членот 418-г, сторени против малолетни лица.

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.135/11)

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.185/11)

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.142/12)

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој закон се запираат од извршување правосилно изречените казни или надоместоци на штетата за сторени кривични дела од Главата осумнаесетта „Кривични дела против честа и угледот" од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/2011 и 185/2011).

Кривичните или граѓанските постапки за сторени кривични дела од Главата осумнаесетта „Кривични дела против честа и угледот" од Кривичниот законик кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон и не се правосилно завршени се запираат, а тужителот во рок од еден месец од приемот на решението за запирање на постапката може да поведе постапка за утврдување на одговорност за навреда или клевета и надоместување на штета согласно со закон.

За навреда или клевета сторена пред влегувањето во сила на овој закон, постапката против извршителот на делото може да се поведе со поднесување на тужба за утврдување на одговорноста и надоместување на штетата од оштетениот во рок од три месеци од денот кога дознал или требало да дознае за навредливата или клеветничката изјава и за идентитетот на лицето кое ја предизвикало штетата, но не подоцна од една година од денот на сторувањето на навредата или клеветата, согласно со закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета
("Службен весник на РМ" бр.143/12)
со кои е интервенирано во текстот на Законот

Член 25

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон се запираат од извршување правосилно изречените казни или надоместоци на штетата за сторени кривични дела од Главата осумнаесетта „Кривични дела против честа и угледот" од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/2011 и 185/2011) и според одредбите на друг закон.

(2) Кривичните или граѓанските постапки за сторени кривични дела од Главата осумнаесетта „Кривични дела против честа и угледот" од Кривичниот законик кои се започнати пред влегувањето во сила на овој закон и не се правосилно завршени се запираат, а тужителот во рок од еден месец од приемот на решението за запирање на постапката може да поведе постапка за утврдување на одговорност за навреда или клевета и надоместување на штета според одредбите од овој закон.

(3) За навреда или клевета сторена пред влегувањето во сила на овој закон, постапката против извршителот на делото може да се поведе со поднесување на тужба за утврдување на одговорноста и надоместување на штетата од оштетениот во рок од три месеци од денот кога дознал или требало да дознае за навредливата или клеветничката изјава и за идентитетот на лицето кое ја предизвикало штетата, но не подоцна од една година од денот на сторувањето на навредата или клеветата. Ако извршител на делото е новинар износот на нематеријалната штета не може да биде повисока од 2.000 евра од денарска противвредност.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.166/12)

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.55/13)

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членот 1 кои ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 150/10 и 100/12).

ОДРЕДБА
од Законот за дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.82/13)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.14/14)

Член 2

Овој законик влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.27/14)

Член 87

Членот 223 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 19/2004) се брише.*

* Во членот 87 наместо бројот „223" треба да стои бројот „233", види: Исправка на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавена во „Службен весник на РМ" бр.41/14 .

Член 88

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 138-а, 138-б и 138-в од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 82/2009, 124/10, 51/11 и 123/12), членовите 175, 176, 177, 178, 179 и 180 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12 и 13/13), членовите 36 и 37 од Законот за прекинување на бременоста ("Службен весник на Република Македонија" број 87/13), членовите 68 и 69 од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување ("Службен весник на Република Македонија" број 37/2008) и членовите 65, 66, 67 и 68 од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување ("Службен весник на Република Македонија" број 47/11, 136/11 и 91/13).

Член 89 *

Членот 47 од овој закон во делот на комуналниот и друг вид неопасен отпад ќе затпочне да се применува од 1 јануари 2019 година, а во делот на фекалниот отпад од 1 јануари 2022 година).

***** Содржината на членот 89 е изменета, види: член 3 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на РМ" бр.160/14*).*

Член 90

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Кривичниот законик.

Член 91

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија.

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.28/14)

Член 3

Правилникот од членот 1 од овој законик претседателот на Врховниот суд на Република Македонија ќе го донесе и ќе го објави во „Службен весник на Република Македонија" во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Правилникот од членот 1 од овој законик ќе започне да се применува 30 ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.115/14)

Член 3

Овој законик влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.132/14)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.160/14)

Член 3

Во Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 27/14), членот 89 се менува и гласи:

„Член 89

Членот 230 во делот на предизвикување или можност од предизвикување значително оштетување на квалитетот на почвата или водата од испуштање на урбани отпадни води ќе отпочне да се применува по истекот на рокот за воспоставување на системи за одведување, собирање и третман на урбани

отпадни води утврден во член 255 од Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13 и 163/13)."

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.199/14)

Член 4

До отпочнувањето на примената на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, ќе се применува Правилникот за начинот на одмерување на казните („Службен весник на Република Македонија" број 64/14).

Со отпочнувањето на примената на овој закон престанува да важи Правилникот за начинот на одмерување на казните („Службен весник на Република Македонија" број 64/14).

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија", а членот 1 ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната.

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.196/15)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.226/15)

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон со кој се менуваат и дополнуваат членовите 36, 56, 57, 58, 58-б и 59-а од Кривичниот законик ќе започнат да се применуваат од 1 ноември 2016 година.

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РМ" бр.97/17)

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СО ОДЛУКА на Уставниот суд на Република Македонија У. бр.169/2016 ("Службен весник на РМ" бр.170/16):

1. **СЕ УКИНУВА** Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната („Службен весник на Република Македонија" број 199/2014) **и член 39 став 3 од Кривичниот законик** („Службен весник на Република Македонија" број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 42/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015 и 97/2017).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ" бр.248/18)

Член 37

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членот 42 од Законот за заштита на сведоци („Службен весник на Република Македонија" број 38/2005, 58/2005 и 71/18) и членовите 59 и 60 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија" број 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 и 120/18).

Член 38

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РСМ" бр.36/23)

Член 33

Законите со кои се уредени прекршочни одредби ќе се усогласат со членот 2 од овој закон (член 100-а став (8) од Кривичниот законик), во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик ("Службен весник на РСМ" бр.188/23)

Член 38

Одредбите од членовите 2, 3, 4. 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 28 и 31 ќе започнат да се применуваат по шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик
("Службен весник на РСМ" бр.16/26)

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", освен одредбите од членовите 1, 7, 8, 9 и 10 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.